м-р Андреас Клајн

Според проценките на Светската банка од 2000 год., процентот на сиромашните, на луѓето кои денот мораат да го минат со помалку од еден долар, во периодот од 1987 до 1998 се намали од 28,3% на 24%. Првично овој факт делува оптимистички и покажува дека конечно многубројните програми за борба против сиромаштијата ги покажуваат првите резултати. Меѓутоа гледано во апсолутни бројки 1,2 милијарда луѓе се погодени од сиромаштијата - всушност секој петти жител на земјината топка. Драматична промена во овој период посебно се забележува во регионот на Источна Европа и Централна Азија, во кои бројката на сиромашните од 1,1 милион порасна на 24,0 милиони.



Многу луѓе на кои комунистичкиот систем им нудеше ориентација и заштита по падот на истиот зачекорија во сиромаштијата. Ова не се однесува само на старите и болни лица, туку многу повеќе на млади семејства и деца. Падот на комунизмот не предизвика само загуба на постојните вредности и неможност многу луѓе да се ориентираат на предизвиците кои со себе ги носи пазарното стопанство и со нив поврзаниот систем на заложби во работата, туку воедно дојде до пропаѓање на многубројните институции на кои се базираше социјалната инфраструктура во земјите во Источна Европа. Во новото социјално пазарно капиталистичко општество за ваквите институции немаше ниту средства ниту простор.

Притоа сиромаштијата не значи само немање средства да се задоволат основните потреби како храна, вода или покрив над главата. Според едно испитување направено од страна на Светската банка кај 60.000 сиромашни лица во 60 земји сиромаштијата се дефинира и како безизлез, беспомошност и маргинализација. Според мнозинството на испитаниците начинот на живеење не е воопшто подобрен, туку од генерација на генерација се влошува. Корупцијата и насилството го раководат нивниот живот, без тие притоа да имаат какво било влијание на тоа. За многу влади тие претставуваат само извршители на наредбите, кои немаат сопствен глас. Благосостојбата и правото на одлучување не се во доменот на сиромашните. За застапување на сопствените интереси како здравствена заштита, образование или развој на селото на политичко ниво не успеваат да најдат соговорници. Меѓутоа токму тие им се потребни на сиромашните

за да можат да започнат со промени во нивниот начин на живеење.

Ниту една земја не е поштедена од сиромаштија. Во Германија живеат 2,9 милиони граѓани од социјална помош. Меѓутоа темната бројка на сиромаштијата е сигурно многу повисока, затоа што многу граѓани од срам не се пријавуваат за земања на помош што ја нуди државата. Во Македонија доволно говорат старите изнемоштени лица кои просат по улиците на Скопје, или, пак, празните и запуштените села за економскиот и социјалниот трулеж на општеството. Пред оваа слика ниту политиката, ниту, пак, секој еден поединец не смее да ги затвори очите.

Демо-христијанската идеја го зема поединецот како мерило и се потпира на принципот на супсидијарноста, но пред сè на принципот на солидарноста. Ова значи дека од една страна треба да се создаде политички систем, во кој посилниот ќе го помага послабиот за тој да биде во можност да води достоен живот. Но, од друга страна тоа значи и секој поединец самосвесно да се обиде сите потешкотии на кои наидува во непосредната околина да ги совлада сам. Секој може да се ангажира – при собирање на стара облека, при поддршка на народните кујни, или во домовите за деца без родители и за стари и изнемоштени лица. Тоа е заповед на човештвото.

# СОДРЖИНА / CONTENTS

**Вовед**
Андреас Клајн

**Introduction**
Andreas Klein

## Сиромаштија / Poverty

**Концептот на сиромаштијата на ЕУ**
- анализа и применливост на искуствата во Македонија ____________ 9
Владимир Божиновски

**Concept of Poverty in the EU**
- analysis and application of the experiences in Macedonia
Vladimir Bozinovski

**Регионалната политика на Европската унија за сузбивање на сиромаштијата** ____________ 17
Иван Дамјановски

**Regional politics of the European Union for eliminating poverty**
Ivan Damjanovski

**Сиромаштијата, образованието и децентрализацијата во Македонија** ____________ 25
Ванчо Узунов / Добринка Тасковска

**Poverty, education and decentralization in Macedonia**
Vanco Uzunov / Dobrinka Taskovska

**Проблемот на сиромаштијата низ призмата на половата нееднаквост** ____________ 39
Катерина Василеска

**The problem of poverty through the prism of gender inequalities**
Katerina Vasileska

**Критика на сиромаштијата** ____________ 45
Ана Пејчинова

**Critic about poverty**
Ana Pejcinova

**Глобализација на сиромаштијата** 53
Жанета Стојкова

**The Globalization of Poverty**
Zaneta Stojkova

## Меѓународни организации
## INTERNATIONAL ORGANIZATIONS

**Сиромаштијата на агендата на социјалните форуми - самрак или зазорување** 59
Мишо Поповиќ

**Poverty at the agenda of social forum - Dusk or dawn**
Miso Popovic

**Ангажмани на Меѓународниот монетарен фонд и Светска банка** - осврт кон Република Македонија 65
Александар Спасеновски

**Engagements of the IMF and the World Bank** -view towards Republic of Macedonia
Aleksandar Spasenovski

## Предизвици и перспективи
## CHALLENGES AND PERSPECTIVES

**Иднината на Пактот за стабилност и пораст се наоѓа пред суд** 77
Хелен Форстер

**The future of the Stability and Growth Pact is going to be decided in court**
Helen Förster

**Земјите-кандидати за членство во ЕУ низ предакцесиониот период** 83
Тони Масевски

**Candidate countries for membership in the EU in the pre-access period**
Toni Masevski

## Теорија / THEORY

**Сиромаштијата како ропство** ____ 91
Ненад Марковиќ

**Poverty as slavery**
Nenad Markovic

## Портрети / PORTRETS

**Валтер Халштајн - голем Европеец** ____ 97
Андреас Клајн

**Walter Hallstein – great European**
Andreas Klein

## Рецензии / RECENSIONS

**Процес: ЕУ едукација на македонското општество** ____ 101
Ѓерги Вурмо

**Process: EU education of the Macedonian society**
Gergi Vurmo

**Иднината на слободата** ____ 107
Владимир Чупески

**The future of freedom**
Vladimir Cupeski

## Документи / DOCUMENTS

**Декларација на ООН А/РЕС/46/141, 17. декември 1991,
за Меѓународна соработка за сузбивање на сиромастијата во
земјите во развој** ____ 121

**UN declaration A/RES/46/141, December 17-th, 1991
on International cooperation for the eradication of poverty in
developing countries**

## За авторите
## ABOUT THE AUTHORS ____ 125

Година 2
Бр.5
март
Скопје 2004
ISSN 1409-9853

# Политичка мисла

Year 2
Nº 5
March
Skopje 2004
ISSN 1409-9853

Списание за политичко-општествени теми

Magazine for political-societal subjects

Издавачи :
д-р Ѓорѓе Иванов
м-р Андреас Клајн

Уредници :
Дане Талески
Сандра Кољачкова
Јасмина Чукаловска
Гоце Дртковски

Адреса :
Фондација „Конрад Аденауер“
Максим Горки 16 кат 3
МК-1000 Скопје
Тел.: 02 3231 122
Факс: 02 3135 290
Email: kas@unet.com.mk
Internet: www.kas.de

Институт за демократија, солидарност и цивилно општество
ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 59 / 1 / 6 -13
МК - 1000 Скопје
Тел. / Факс :02 3217 080
Email: idscs@mail.com.mk
Интернет: www.idsco.org.mk

Печат :
Винсент графика
Дизајн :
Натали Николовска
Техничка подготовка :
Пепи Дамјановски
Превод :
Ива Фиданчева, Марија Мицевска
Лектура :
Снежана Орловиќ Стојановиќ

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, туку се лични гледања на авторите.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија

Publishers:
Dr. Gjorge Ivanov
Andreas Klein M.A.

Editors:
Dane Taleski
Sandra Koljackova
Jasmina Chukalkovska
Goce Drtkovski

Address:
Konrad-Adenauer-Stiftung
ul. Maksim Gorki 16 / 3
MK-1000 Skopje
phone: 02 323 11 22
fax: 02 313 52 90
email: kas@unet.com.mk
internet: www.kas.de

Institute for Democracy, Solidarity and Civil Society
ul. Metropolit Teodosij Gologanov 59/1/6-13
MK-1000 Skopje
phone/fax: 02 321 70 80
email: idscs@mail.com.mk
internet: www.idsco.org.mk

Printing:
Vinsent grafika
Design:
Natali Nikolovska
Technical preparation:
Pepi Damjanovski
Translation:
Iva Fidanceva, Marija Micevska
Proof reading:
Snezana Orlovik Stojanovik

The viewpoints expressed in the magazine are not the viewpoints of the Foundation “Konrad Adenauer” and the Institute for Democracy, Solidarity and Civil Society. They are personal views of the authors.

The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities and foreign representatives in the Republic of Macedonia.

# Концептот на сиромаштијата на ЕУ
## - анализа и применливост на искуствата во Македонија

Владимир Божиновски

„Сиромаштијата е негирање на основните човекови права и нејзиното сузбивање треба да биде преокупација на сите општества. Неправдите, маргинализацијата, социјалното отуѓување, нееднаквоста, која сиромаштијата, особено екстремната сиромаштија ги предизвикува, мора да бидат сузбиени, а економскиот напредок, социјалната правда и мирот мора да продолжат да се зацврстуваат. Екстремната сиромаштија денес погодува повеќе од 1,2 милијарди луѓе низ целиот свет."[1]

Борбата против сиромаштијата претставува еден од најгорливите светски проблеми на денешницата. Овој проблем, иако е најизразен во земјите од третиот свет, во Азија, Латинска Америка и Африка, сè уште е присутен и во економски развиените делови од светот како САД и Европската унија.

Преку следните редови на овој текст, ќе се направи обид за дефиниција на поимот сиромаштија, да се претстават социјалната политика и борбата против сиромаштијата во Европската унија, како и да се определи зависноста која постои меѓу економскиот развој и сиромаштијата.

Преку споредбена анализа на состојбите во социјалната сфера во Република Македонија и Европската унија, овој есеј ќе се обиде да го определи степенот на социјален развој во Македонија како и начините за применливост на европските искуства во решавањето на проблемот со сиромаштијата и социјалното отуѓување.

### За поимот „сиромаштија"

Кога се говори за сиромаштијата, пред сè треба да се посочи дека постојат повеќе облици на употреба на овој поим во однос на степените на градација, односно дефинирањето на границата на сиромаштијата. Двата основни концепта на сиромаштијата се *апсолутната сиромаштија* и *релативната сиромаштија.*

Апсолутната сиромаштија се јавува во земјите на третиот свет и претставува „недостаток на доволни количества од храна и вода како основни човекови потреби, неопходни за преживување."[2] Во овој случај, социјалниот контекст и социјалните норми како одредници на сиромаштијата не се земаат предвид, бидејќи „овој тип на сиромаштија се определува преку голата човекова егзистенција како нејзина граница"[3]. Во овој случај значи

1 www.unesco.org

2 www.iccr.org/2000tenscherttill

3 www.iccr.org/Gordon&Spicker1999

станува збор не само за приходот кој е неопходен за да би се обезбедила голата човекова егзистенција, туку и за пристапот до определени социјални услуги преку кои би се обезбедиле, на пример, безбедна вода за пиење или здравствени услуги.

Другиот тип на сиромаштија е релативната сиромаштија или релативниот концепт на бедата, преку кој се поставува граница за сиромаштија во европските земји или останатите развиени општества како САД или Канада.

Овој концепт значително се разликува од претходно претставениот тип на апсолутна сиромаштија и тоа особено во базичниот принцип на нејзиното определување. Тука социјалниот контекст, односно партиципацијата во современите општествени текови, како и економските показатели имаат извонредна улога при дефинирањето на границата на сиромаштијата. Релативната сиромаштија е дефинирана како „недостаток од ресурси на определени поединци, семејства и групи да практикуваат определен режим на исхрана, да учествуваат во определени општествени активности и да имаат објекти и животни услови кои се вообичаени за општествата на кои тие им припаѓаат"[4].

Преку оваа дефиниција може да се види дијаметралната спротивност при определувањето на двата основни типа на сиромаштија при што едната се определува преку границата на преживување и е прифатена во општествата со низок приход и релативно неразвиени општества, додека релативната сиромаштија е карактеристична за државите со релативно висок животен стандард. Поради големите разлики во определувањето на концептот на сиромаштијата многу често поимот на *релативна сиромаштија* се заменува со *социјално повлекување* или *социјално отуѓување*.

При определувањето на релативната сиромаштија, проблем се јавува не само при одделувањето на овој поим со оној на апсолутна сиромаштија, туку и поради фактот на поставување остра линија или т.н. *граница на сиромаштија,* која ги разделува сиромашните од другите членови на општеството. Границата на сиромаштија се користи за определување на т.н. *индекс на сиромаштија*, кој како статистички податок покажува процентуално колкав дел од населението е сиромашен, односно под таа граница.

За да се избегне манипулација со процентите на сиромаштија, односно декларирање на намалување на релативната сиромаштија или социјалното отуѓување со овозможување на определена група на население која е минимално под линијата на сиромаштија, само да го помине прагот односно границата на сиромаштија, воведен е нов механизам кој може поточно да го определи степенот на сиромаштија во едно општество т.н. „*раздел на сиромаштијата*."[5] Разделот или растојанието до границата на сиромаштијата ја претставува просечната разлика на доход меѓу оние дефинирани како сиромашни и определената граница

[4] www.iccr.org/2000tenscherttill

[5] *Ibid*

на сиромаштија. Така, на пример, доколку има раздел на сиромаштија од 30% тоа значи дека просечните примања на групата сиромашни се 30% под границата на сиромаштијата, односно имаат доход од 70% на скалата каде границата претставува 100% доход. Преку овој механизам значи, се намалуваат можностите за манипулација и се овозможува давање на пореална слика за степенот на сиромаштија во одредено општество.

## Типови на европски социјални системи

Системите на социјална заштита на земјите членки на ЕУ сè уште не се унифицирани, иако постои заедничка социјална политика на ниво на Унијата. Во Европа постојат три основни типови на социјални системи. Тоа се *Скандинавски, Англо-саксонски и Континентален*[6] тип.

*Скандинавскиот* социјален модел (Норвешка, Данска, Шведска, Финска) е карактеристичен по тоа што е најблиску до „државата на благосостојба", односно се одликува со високи социјални повластици како за вработените, така и за невработените. Во овие држави функционира систем на бесплатно здравство, образование и големи социјални бенифиции за социјално загрозените слоеви. Проблемот во овој систем е во високите даноци кои се неопходни за одржување на скапиот социјален систем, како и неможноста за креирање на соодветни услови за развој на приватниот услужен систем со кој би се зголемила вработеноста. Тоа било и главната причина за Данска, која го применува овој социјален модел, да ги редуцира социјалните повластици со цел да се намалат даноците со што би се зголемила вработеноста. Овој систем, иако поради даночните оптоварувања може да влијае негативно на понудата на пазарот на трудот, сепак со вработувањата кои ги нуди преку државниот сектор успева да одржи релативно ниско ниво на невработеност (околу 6,5%)[7].

*Англо-саксонскиот* социјален модел (Обединетото Кралство и Република Ирска) во однос на системот на социјална заштита е во целосна спротивност со Скандинавскиот. Тука социјалните бенифиции се сведени на минимум, и голем дел од услужниот сектор, вклучувајки и добар дел од болниците и школите како јавни установи, се во приватен посед. Најголема опасност, која се јавува од аспект на сиромаштијата односно социјалното отуѓување, е што тоа им се заканува не само на невработените, туку и на дел од вработените поради т.н. „ниско платени работни места", чии приходи не се доволни да се избегне прагот на сиромаштијата. Сепак овој систем има и свои предности како што се буџетската стабилност, која придонесува за креирање на програми финансирани од буџетот, а насочени кон тренинзи и преквалификација на невработените, како и помош на хендикепираните. Овој систем обезбедува и

[6] Hemerijck Anton "Self-transformation of European social models" редактирано од Esping Andersen "Why we need a new welfare state" Oxford: Oxford University Press, 2002, стр. 176

[7] *Ibid* стр. 180

приватен, високо квалитетен здравствен и особено образовен систем, кои се достапни за поголем дел од населението. Како најголема предност на овој систем е многу ниската невработеност (меѓу 4,5 и 5%)[8], дури и во услови на криза, поради ниските социјални придонеси и експанзијата на ниско платените работни места, преку кои се обезбедува одредена социјална егзистенција.

*Континенталниот* социјален модел се применува во најголемиот број земји-членки на ЕУ, иако постојат поголеми разлики меѓу медитеранските и државите кои се на северниот крај на континентот. Основна карактеристика за овој модел е тоа што се обидува да балансира меѓу Скандинавскиот модел, кој нуди големи социјални бенифиции, но и високи такси и опасност од висока невработеност, и Англосаксонскиот кој има поголеми можности за вработување, но и слаба социјална заштита и ризик од висок процент на социјална отуѓеност. Сепак, овој модел се соочува со големи хендикепи бидејќи се појавува висока невработеност, особено кај медитеранските држави, каде би требало да има повеќе можности за вработувања поради ниските даноци спрема државата за социјално осигурување. Во овие држави, исто така, е висок ризикот од сиромаштија особено за невработените кои имаат многу ниски социјални бенифиции и под кои потпаѓаат особено некои социјални групи како жените и постарите. Друг хендикеп на овој систем, повторно особено изразен на Медитеранот, се огромните двојувања кои мора да се прават за пензискиот систем кој е задолжителен за секој вработен (без опција, на пример, да отвори личен пензиски фонд). Исто така, отворање на нови вработувања во јавниот, односно државниот сектор, се оптоварени со недостатокот на средства, кои иако скромни сепак одлеваат значаен процент од буџетот наменет за армијата невработени и социјално зависни лица. Како решение за овој проблем со невработеноста може да биде примената на „рано пензионирање и високо квалитетна обука на работниците со цел-зголемување на продуктивноста"[9], но сепак тука се паѓа во стапица на зголемување на пензионерите и отпуштања на недоволно квалификуваните кадри, т.е. социјално издржувани лица, а истовремено намалување на вработените т.е. лицата на чиј грб се социјално издржуваните лица. Иако, на прв поглед ситуацијата за излез се поставува како замка, некои држави имаат најдено решение за зголемување на вработеноста, особено во услужниот сектор. Така, на пример, Холандија тоа го постигнала со намалување на социјалните оптоварувања кои се фиксирани за платите и нивно делумно ослободување од нивната меѓузависност.

## Проблемот на сиромаштија во Европската унија

Сиромаштијата во Европската унија се дефинира преку поимот на релативната сиромаштија т.е. соци-

[8] Ibid стр. 180

[9] Hemerijck Anton "Self-transformation of European social models" редактирано од Esping Andersen "Why we need a new welfare state" Oxford: Oxford University Press, 2002, стр. 186

јалното отуѓување кое што претставува „процес, а не состојба и тоа не е ограничено на ситуации на материјална сиромаштија, туку во себе вклучува и потиснување на социјалните ресурси во широк и мултимедијален смисол”[10].

Иако, значи, сиромаштијата во ЕУ не е на нивото на борба за гола егзистенција како во земјите од третиот свет, сепак таа претставува сериозен проблем за Унијата. Во сегашните земји-членки на ЕУ, „преку 18% од населението, односно околу 60 милиони луѓе живеат на работ од сиромаштија или се во опасност од долгорочна безизлезност од лошата финансиска ситуација”[11].

Проблемот на сиромаштија или социјално отуѓување во ЕУ, придонел за формулирање на потполно нова стратегија за борба против сиромаштијата на самитот во Ница во декември 2000. На оваа стратегија претходела декларацијата на Европскиот совет од 17 ноември 2000 каде „Европскиот совет се согласил дека намалувањето на сиромаштијата и нејзиното конечно елиминирање ќе биде примарна цел на развојната и социјална политика на Европската унија”[12].

Ризикот од сиромаштија е особено висок за одредени социјални групи како што се пензионерите, инвалидите, хендикепираните, децата, младите, невработените, како и семејствата со еден родител и оние со понизок степен на образование. На самитот во Ница се определени неколку основни предизвици, со чие решавање ќе се намали или целосно ќе се надмине проблемот на сиромаштијата, или социјалното отуѓување. Тука спаѓаат[13]:

- Развој на сеопфатен пазар на трудот со еднакви можности за вработување;
- Гаранција на адекватни приходи кои ќе овозможат пристоен животен стандард;
- Преквалификација на ниско или неадекватно образованите;
- Заштита на правата на децата;
- Обезбедување пристојно сместување за сите слоеви;
- Пристап за сите до висококвалитетни јавни сервиси и установи.

Овие предизвици, кои претставуваат основа за идната политика на ЕУ во однос на намалување на сиромаштијата, се изведени односно се во склад со основните цели на европската социјална политика кои се прифатени на самитот во Ница[14]: да се координира пристапот до ресурсите, добрата и услугите; да се спречи ризикот од социјално отуѓување; да се помогне на социјално најзагрозените и да се мобилизираат сите одговорни институции.

По самитот во Ница доаѓа до формулирање на три стратегии за намалување на сиромаштијата, кои стануваат составен дел од социјалната политика на Европската унија. Со првата стратегија се зголемуваат средствата за инвестиции во јавниот сектор и се овозможува пристап до истите на социјално загрозените слоеви. Втората стратегија се однесува на поволности и даночни осло-

[10] Prandini; земено од “Social Policy”, Universita di Bologna, 2003, стр. 7
[11] www.europa.eu.int/comm/employment_social/news
[12] www.europaworld.org/issue9/povertyreduction171100.htm
[13] www.europa.eu.int/comm/employment_social/news
[14] *Ibid*

бодувања за претпријатијата кои ќе вработат хендикепирани лица и инвалиди. Третата стратегија се состои во компензација на социјалните хендикепи кои не би можеле целосно да се отстранат, како што е обезбедување на солидарност.

Во заклучоците на Европското здружение за борба против сиромаштијата (EAPN; *european anti-poverty network*)[15] уште поконцизно се определуваат главните причини за сиромаштијата, кои треба да се надминат за да се спречи социјалното отуѓување, а тоа се *невработеноста* и *нискиот степен на образование* на поголемиот дел на социјално загрозени лица.

## Македонија, невработеноста и сиромаштијата

Сиромаштијата во Македонија се дефинира според релативниот концепт на сиромаштија, односно според степенот на социјалното отуѓување на поединците или групи на граѓани. Според официјалните статистички податоци, процентот на сиромаштија во Македонија е 24%[16], односно толкав процент од семејствата имаат за живот помалку од 75 евра месечно по член од семејство. Сиромаштијата во Македонија бележи негативен биланс, односно има прогресивен тренд и е најмногу распространета во руралните области и меѓу семејствата со повеќе членови. „Сепак како главна причина за сиромаштијата не се потенцира нискиот доход, туку високата стапка на невработеност”[17].

Како најважни чинители за високата стапка на невработеност, се потенцирани:

- Падот на агрегатната потрошувачка во периодот по 1991 како резултат на губењето на пазарите и распадот на заедничкиот индустриски систем од бившата СФРЈ и
- Зголемувањето на социјалните разлики меѓу населението со воведување на пазарната економија односно либерализацијата и приватизацијата на економскиот систем, што довело до концентрација на капиталот кај помала група од населението и одлевање на истиот од друга, поголема група.

За да се дефинира проблемот со сиромаштијата во Македонија, најпрво треба да се лоцираат причините за енормната невработеност која во последните години се зголемува со геометриска прогресија и изнесува „близу 40% од активното население во државата”[18]. Овој процент на невработени е највисок во Европа, па токму затоа невработеноста во Македонија не е само една од причините за социјалното отуѓување, туку се појавува како најзначаен фактор, односно чинител за растечкиот степен на сиромаштија во државата, што може да се забележи преку претходната анализа на Континенталниот соци-

[15] www.eapn.org
[16] www.cia.gov/cia/publications/factbook/geos/mk
[17] www.gov.mk poverty reduction strategy paper
[18] “Статистички годишник на Република Македонија за 2003”, Скопје: Државен завод за статистика, 2003, стр. 252

јален модел, кој е најсличен до македонскиот.

* * *

Како можни решенија на проблемот со високата стапка на невработеност, а со тоа и решение за намалување на релативната сиромаштија во Македонија, би можеле да се применат позитивните искуства од анализираните европски концепти, како и од планот на ЕУ во целина, кој ќе се обиде да го реши овој проблем во самата Унија.

Доколку се отфрли обидот за можно решение преку Скандинавскиот или Нордискиот социјален систем (од едноставна причина што висината на платите е премногу ниска за дополнителни фискални оптоварувања преку кои би се отвориле работни места во јавниот сектор, и кои, и во сегашни услови се преоптоварени со давачките за социјално осигурување), можеме да заклучиме дека како решение се појавува еден од следниве механизми или комбинација од истите:

1. *Намалување на фискалните оптоварувања* кои се врзани директно на платите на вработените;
2. Отворање на можности за *ниско платени работни места* (како, на пример, работите со половично работно време);
3. *Висококвалитетни тренинзи и преквалификации* финансирани од буџетот и изведувани „со помош од невладини организации (НВО)”[19];
4. *Рано пензионирање*, но и *преиначување на обврската за задолжителен придонес во јавниот пензиски фонд* (опции за сопствен фонд, приватен фонд и јавен фонд).

[19] Danish Urban Development Programme (UDP), базирано на проектот “Urban Redevelopment and Social Polarisation in the City.”

# Регионалната политика на Европската унија за сузбивање на сиромаштијата

Иван Дамјановски

Уште од самите почетоци на интеграцискиот процес на почетокот на втората половина од минатиот век, регионализмот и регионалниот развој изникнаа како еден од најважните сегменти на модерната западно-европска политика. Може слободно да се каже дека регионалната политика е една од приоритетните области на Европската унија. Прво, затоа што на неа отпаѓа многу голем дел од целокупниот ЕУ буџет (30%, втора најголема потрошувачка), второ поради високиот процент од популацијата и територии кои се директно опфатени и трето и можеби најбитно, поради внесувањето на демократичност, децентрализација и солидарност во и онака критикуваниот амбиент на демократски дефицит.

Логиката зад регионалната политика на ЕУ е преземена од националните регионални стратегии од 1960-тите. „Таа е механизам за намалување на територијалниот диспаритет создаден во процесот на пазарна интеграција со цел да се постигне алокативна ефикасност; таа е социјална компензација за губитниците во процесот на економско реструктуирање; таа е начин да се легитимизира европскиот проект во оние региони каде инаку потребната помош би недостасувала. Политичката логика наметнува потреба за редистрибуција на ресурсите помеѓу земјите-членки".[1] Следствено, главната задача на регионалната политика на ЕУ е да обезбеди константно подобрување на кохезијата на ниво на целата Унија преку намалување на економските и социјалните разлики, како што и е објаснето во членот 130а од Договорот за Европска заедница како: „редуцирање на диспаритетите помеѓу многуте региони и посебно редуцирање на неразвиеноста на најмалку привилегираните региони".

Многу е јасно дека регионалната политика има и економска, но и политичка улога. Нејзина основна цел е да обезбеди помош за најсиромашните делови на ЕУ, да го забрза процесот на нивна конвергенција преку компензирање на нивните загуби предизвикани од економската конкуренција со многу понапредните и попродуктивни економии: „социјалната солидарност и кохезија биле отсекогаш присутни во Европскиот проект, многу често како противтежа на бизнис-агендата на глобалната компетиција и слободна трговија".[2] Од друга страна исто така на овој начин се намалува политичката чувствителност, со тоа што се даваат средства назад

[1] Richardson, Jeremy. ''European Union-Power and Policy Making''. Routledge, 2001, стр.247

[2] Bachtler, John and Turok, Ivan. ''The Coherence of EU Regional Policy''. Jessica Kingsley Publishers Ltd, 1997, стр.9

и на оние држави-членки кои најмногу придонесуваат во ЕУ буџетот. Меѓутоа, и покрај зголемувањата во фондовите, регионалната политика сè уште има маргинална улога во своите крајни достигнувања имајќи ги предвид сè уште постоечките големи разлики помеѓу регионите и релативно бавниот процес на конвергенција.

Согласно горенаведеното, целта на овој текст е да изврши преглед и анализа на моменталната регионална политика на ЕУ. Најпрвин ќе се задржи на нејзиниот моментален дизајн и трендови, за да заврши со кратка анализа на позитивните и негативните атрибути на политиката.

## Дизајн и трендови

*Инструменти*

Доколку се погледне моменталниот дизајн на регионалната политика на ЕУ, многу лесно може да се заклучи дека главниот фундамент и основа се Структуралните и Кохезивните фондови. Овие се главните инструменти и механизми кои ја овозможуваат самата имплементација на регионалната политика. Нивната употреба претставува „голем предизвик за регионалните и националните власти, посебно побарувањата за интегрирано стратегиско регионално планирање, партнерскиот пристап помеѓу Европската комисија, националните, локалните влади и регионалните актери, како и интеграцијата на економскиот развој, еколошките и социјалните цели".[3] Овие два фонда се од најголема важност како за сите аспекти на економската и социјалната интеграција, така и за процесот на конвергенција на животните стандарди. Тие несомнено претставуваат едни од највлијателните механизми во креирањето политика на ниво на целата Унија. Ова тврдење е лесно уочливо доколку се скенираат буџетските расходи на ЕУ. Ревизиите на буџетот за последната декада детектираат значително зголемување и на Структуралните и на Кохезивните фондови кои достигнаа цели 36% од целокупниот буџет на Унијата, цврсто заземајќи го второто место зад Заедничката земјоделска политика. Со одлуките донесени во Агенда 2000, во периодот 2000-2006 буџетот за регионална политика достигнува 213 милијарди евра од кој 195 милијарди евра отпаѓаат на Структуралните фондови, додека 18 милијарди се доделени на Кохезивниот фонд. Грубо земено, овие бројки се еднакви на една третина од целокупниот буџет или 36% за 2000, за да спадне на 32,6% во 2006. Ова, исто така, е еднакво на 0.41% од целосниот БДП на ЕУ во 2000, кој ќе спадне на 0,31% во 2006.[4]

Иако овие бројки можеби покажуваат мала моќ за инвестирање, сепак нивното значење за сиромашните региони е многу големо, пред сè, затоа што, „прво, субвенциите се лимитирани на проблематични региони и споредени со економските активности во овие региони може да се каже дека субвенциите се од значителна големина. Второ, регио-

[3] Ibid. стр.1

[4] Изворот на податоци е цитиран во: Richardson, Jeremy. ''European Union-Power and Policy Making''. Routledge, 2001, стр.247

налната политика на ЕУ се темели на принципот на ко-финансирање, т.е. индивидуално, земјата-членка мора да придонесе и со свои ресурси како дополнување на ЕУ субвенцијата".[5]

Причините за ваквата неопходност од оваа политика се поткрепени со цврсти факти за неприфатливо големите разлики во регионалниот развој на ниво на целата територија на Европската унија. Податоците за економскиот развој и БДП по глава на жител во земјите членки и нивните региони покажуваат многу јасна социо-економска поделба помеѓу многу поразвиениот северен и заостанатиот јужен дел на Европската унија. Исто така, и во рамките на самите држави има значително ниво на диспаритет помеѓу регионите кое најмногу е евидентно во Франција и Италија. Овој тренд има многу негативен ефект врз функционирањето на заедничкиот пазар и на севкупниот економски раст бидејќи создава аномалии во нивото на индустриска структуираност и ја намалува флексибилноста кај двата призводствени фактори, капиталот и работната сила. Друг голем проблем е создавањето на диспаритетот центар-периферија. Без никаква интервенција, економската логика би наметнала константен развој на центарот со висока индустриска концентрација, а би ја оставила периферијата во уште полоша положба на зависност од центарот.

Оттука, главната цел на Структуралната и Кохезивната политика е намалувањето на големите разлики на регионално, економско и социјално ниво внатре во и помеѓу државите членки, пред сè преку користење на фондовите за инвестиции во долгорочни развојни проекти. Инвестициските фондови се насочени и кон приватни компании, но и кон јавните власти. Финансирањето на овие инвестиции, исто така, е во „линија со штедењето во регионот, па како резултат, нивото на инвестиции во сиромашните области уште повеќе ќе се зголеми".[6]

Структуралните фондови, како главен инструмент на Европската регионална политика, се составени од:

- Европски фонд за регионален развој (ERDF);
- Европски сцијален фонд (ESF);
- Секција на Европскиот земјоделски и гарантен фонд (EAGGF);
- Финансиски инструмент за рибарство (FIFG).

  Структуралните фондови првенствено се дизајнирани со цел да исполнат шест приоритетни цели (objectives)[7]:

- Objective 1: Развој на структурално-заостанати региони (ERDF, ESF, EAGGF);
- Objective 2: Конвертирање на региони во индустриско опаѓање (ERDF, ESF);
- Objective 3: Борба против долгорочната невработеност (ESF);

[5] Luthje, Teit. ''Economic Growth: Prospects and Challenges''. во Hanson, Dread. (ed.). ''European Integration''. Oxford: Oxford University Press, 2000, стр.72

[6] Ibid. стр.73

[7] Bachtler, John and Turok, Ivan. ''The Coherence of EU Regional Policy''. Jessica Kingsley Publishers Ltd, 1997, стр.20

- Objective 4: Зголемување на вработеноста кај младите (ESF);
- Objective 5(а): Приспособување на земјодеските структури (EAGGF);
- Objective 5(б): Развој на рурални средини (EAGGF, ERDF, ESF).

Меѓутоа, Агенда 2000 донесе нови промени и го намали бројот на приоритетни цели. Така, во иднина Структуралните фондови ќе бидат лимитирани само на првите три цели, при што повеќе од 70% од парите ќе одат во регионите кои потпаѓаат под приоритетната цел 1.

Objective 1 регионите т.е. заостанати и неразвиени региони, според Агенда 2000 се дефинирани како „оние региони кои имаат БДП по глава на жител под 75% од ЕУ просекот"[8]. Тука се опфатени региони од 9 сегашни ЕУ држави-членки. Objective 2 регионите се оние региони кај кои е уочливо опаѓање на економските трендови, криза и зголемена невработеност. Околу 18% од целокупната ЕУ популација потпаѓа под Objective 2 програмата. Objective 3 опфаќа проекти што ги промовираат човечките ресурси. „Финансирањето е достапно за сите области кои не се опфатени со Objective 1. Мерките што можат да бидат финансирани се: активни политики во рамките на пазарот со работна сила кои се борат против невработеноста, унапредување на перспективите за вработување преку животно образование и системи за тренинг, мерки кои го помагаат приспособувањето кон економски и социјални промени, како и позитивни акции кон подобрување на учеството на жените во пазарите на работна сила".[9]

Од друга страна, битно е да се потенцира дека Структуралните фондови не се единствениот инструмент кој овозможува регионална поддршка. Иако ко-финансирани од страна на Структуралните фондови, „Иницијативите на Заедницата се посебни потрошувачки програми кои се базираат врз упатства донесени од страна на комисијата".[10]

Тие се многу битен инструмент кои според заклучоците од Единбуршкиот совет: "треба првенствено да промовираат прекугранична, транснационална и интер-регионална соработка и помош на најсиромашните региони во согласност со принципот на субсидијарност".[11] Според реформите од Агенда 2000, бројот на Иницијативите на Заедницата е редуциран од 13 на 4 кои се фокусирани на:[12]

- Транснационална, прекугранична и интер-регионална соработка дизајнирана да стимулира балансиран развој низ целокупната Европска територија (INTERREG);
- Економска и социјална конверзија на градови во економска криза (URBAN);
- Развој на рурални средини (LEADER);

[8] "Europe's Agenda 2000-Strenghtening and Widening the European Union". Draft of Commission information brochure for the general public on Agenda 2000-Priority Publications Programme, 1999, стр.10

[9] Ibid. стр.11

[10] Bachtler, John and Turok, Ivan. ''The Coherence of EU Regional Policy''. Jessica Kingsley Publishers Ltd, 1997, стр.25

[11] Commission of the European Communities. 1993°, стр.11

[12] ''Europe's Agenda 2000-Strenghtening and Widening the European Union''. Draft of Commission information brochure for the general public on Agenda 2000-Priority Publications Programme, 1999, стр.11,12

- Транснационална соработка за изнаоѓање нови начини на борба против сите форми на дискриминација и нееднаков пристап до работни места за мажите и жените (EQUAL) .

"Целокупната алокација на фондовите е предмет на преговори помеѓу Комисијата и националните влади на секои три до шест години истовремено создавајќи финансиски конструкции и утврдување на погодните територијални единици".[13] На крај, процесот на имплементација е евалуиран од страна на Комитетите за мониторинг и менаџмент.

Исто така, од 1992 функционира и Европскиот кохезивен фонд. Неговата главна цел е финансиската поддршка на оние државичленки чиј што БДП по глава на жител е помал од 90% од просекот на Заедницата. Моментално корисници на овој Фонд се Португалија, Грција и Шпанија. Главните финансиски трошоци на овој Фонд се насочени кон проекти поврзани со животната средина и транспортната инфраструктура.

*Принципи*

Една од најбитните карактеристики на фондовите е тоа што тие не се стандандардизирани и централизирани. Нивниот дизајн и начинот на алокација овозможуваат можности и за хоризонтална (помеѓу региони) и за вертикална (национални влади-региони) интеракција. Овој тип на имплементација се темели на неколку принципи врз основа на кои се базира целокупната регионална политика на ЕУ:[14]

Солидарност - финансиската солидарност помеѓу богатите и помалку развиените држави-членки е еден од основните принципи на Унијата. Таа е предуслов за постигнување повисоко ниво на конвергенција и баланс внатре Унијата. Без никаква помош, послабите економии би можеле да ја изгубат мотивираноста за понатамошно зајакнување на процесот на европски интеграции.

Доставување на планови од страна на државите-членки во рамките на приоритетните цели (Objectives). Финансиските програми покриваат период од 3 до 5 години. Плановите за регионален развој најпрво се преговараат со комисијата за потоа да станат апликативни.

Партнерство и ко-финансирање помеѓу надлежните власти на европско, национално, регионално и локално ниво. Ова значи дека проектите за регионален развој мораат да бидат ко-финансирани обострано и од ЕУ фондовите, но и од буџетот на индивидуалната држава-членка.

Пропорционалност на мерките на Заедницата. Ова значи дека националната потрошувачка треба да биде пропорционална на потрошувачката на ЕУ и дека државите-членки не треба да ги користат ЕУ

[13] Bachtler, John and Turok, Ivan. ''The Coherence of EU Regional Policy''. Jessica Kingsley Publishers Ltd, 1997, стр.6

[14] поделбата на принципите е преземена од: Bachtler, John and Turok, Ivan. ''The Coherence of EU Regional Policy''. Jessica Kingsley Publishers Ltd, 1997, стр.18

фондовите како замена за домашните фондови.

Компатибилност на структуралната политика со останатите политики на ЕУ (пр. компетициска, политика на животна околина итн.) Сите предложени планови и мерки мораат да бидат во согласност како со политиките на ЕУ, така и со националните политики.

Концентрација на ресурси, со посебен акцент на помалку просперитетните региони.

Координација и комбинација на различните инструменти на Унијата.

Субсидијарност. Овој е еден од најбитните принципи на сите нивоа на креирање политика во Унијата. Субсидијарноста едноставно подразбира дека одлуките треба да се донесуваат на најниско ниво кое е најблиску до граѓаните. Агенда 2000 прокламира поголема децентрализација во менаџирањето со програмите, со што им се овозможува на државите-членки да ги преземат во свои раце координацијата и финансирањето на програмите.

*Трендови*

Податоците кои се на располагање, како и самата академска дебата посветена на моменталните состојби и резултатите постигнати со имплементацијата на регионалната политика на ЕУ, нудат помалку контрадикторни информации. Растечката глобализација, пазарната компетиција, како и рапидниот технолошки напредок постојано форсираат поголем економски раст на поразвиените региони истовремено создавајќи многу проблеми за периферните региони. Исто така, помалку развиените региони се соочуваат со зголемени тешкотии предизвикани од функционирањето на Европската монетарна унија (ЕМУ), бидејќи посиромашните ЕУ држави ја загубија својата монетарна независност и флексибилност на курсот, со што нивните перспективи на регионален развој сега се уште повеќе зависни од Структуралните фондови.

Од друга страна, последните години бележат мало намалување во диспаритетите помеѓу државите, но спротивно забележливо е зголемување на диспаритетите помеѓу регионите во рамките на самите држави (притоа Франција, Италија и Германија бележат највисок степен на диспаритет). Целокупниот економски раст доживува пад кој е околу 1,5% за ЕУ во 2001 и 2002, додека во 2000 беше дури 3,5%.[15] Сето ова има крајно негативен ефект врз најмалку развиените региони предизвикувајќи зголемување на регионалните диспаритети. Меѓутоа, еден многу битен позитивен тренд кој значително ја подобрува целокупната слика е економскиот раст на посиромашните земји, кој е повисок од просечниот раст на ЕУ ниво и во голема мера придонесува кон повисока конвергенција.

Како и да е, последните студии околу економскиот импакт на Структуралните и Кохезивните политики врз Objective 1 регионите, даваат доста охрабрувачки резултати: „целосниот БДП во Португа-

[15] податоците се преземени од: Commission of the European Communities. ''Second Progress Report on Economic and Social Cohesion''. COM(2003) 34 final. http://europa.eu.int,стр.9

лија за периодот 2000-2006 ќе биде за 3,5% повисок од бројката која би ја постигнал доколку не би се користела помошта од Унијата, во јужна Италија (Mezzogiorno) таа бројка е 1,7%, во источна Германија 1,6%, а во Шпанија 1,1%".[16] Генерално, уочлив е ефектот кој регионалната политика на ЕУ го има врз побрзата конвергенција на животните стандарди, но сепак, повисока рата на конвергенција е политички пожелна и покрај досегашната цврста политичка поддршка која ја ужива регионалната политика.

## Позитивни и негативни атрибути

Како што и претходно беше наведено, може да се заклучи дека генерално, регионалната политика на ЕУ досега има позитивно влијание врз регионалниот развој. Доколку се споредат нивоата на животен стандард и целокупниот аутпут и раст на најсиромашните региони во еден континуум од последните 30 години, може слободно да се каже дека проектите реализирани преку Структуралните фондови имале позитивен ефект и кај инфраструктурниот развој и кај развојот на човечки ресурси. Со својот мултифункционален дизајн, регионалната политика на ЕУ досега беше во можност значително да придонесе кон зајакнувањето на регионалната соработка преку промовирањето на регионални партнерства. Исто така, таа спроведува нови и креативни начини на управување, не задржувајќи се само на подобрување на инфраструктурата, туку финансирајќи мерки за зголемување на бројот на работни места, работнички обуки и заштита на животната средина. Не помалку битно е и влијанието на регионалната политика на ЕУ врз промоцијата на принципот на субсидијарност. Со користењето на ЕУ фондовите исклучиво на регионално ниво истовремено охрабрувајќи ги владите на соработка, се зајакнува и самиот процес на децентрализација со што и се намалува негативниот ефект од демократскиот дефицит во Унијата. Во крајна линија, постои неспорен консензус помеѓу политичкото тело на ЕУ дека досега Структуралните фондови позитивно делувале врз намалувањето на регионалните диспаритети.

Сепак, целокупната регионална политика е далеку од перфектна и многу често дава резултати кои се далеку под очекувањата. Прво, таа не е способна успешно да излезе на крај со јазот во односот центар-периферија. Овој процес воопшто не е намален и имајќи го предвид скорото проширување на Унијата, тој ќе стане уште поголем проблем. Доколку се направи споредба со двете најголеми сопернички економии, САД и Јапонија, видливо е дека регионалните диспаритети се многу поголеми во ЕУ, така на пример, „регионалните диспаритети во личниот доход во ЕУ се 2,5 пати поголеми од оние во САД".[17] Регионалната политика на ЕУ се покажува како неспособна да се бори со

[16] Ibid, стр.13

[17] Bachtler, John and Turok, Ivan. ''The Coherence of EU Regional Policy''. Jessica Kingsley Publishers Ltd, 1997, стр.31

слабостите на процесот на конвергенција, пред сè на полињата на мобилност на работната сила, трансфер на технологија како и целокупната флексибилност, кои се во супериорна положба кај ривалските економии.

Понатаму, "ЕУ останува со хроничен недостаток на мерки дизајнирани да ја охрабрат конвергенцијата, а кои можат да се сретнат во вистински федерални системи како што е САД. Поподробно, ЕУ има исклучително мал опсег на моќ во фискалната политика".[18] Без фискална хармонизација и интеграција како и со екстремно ниско ниво на даночна контрола, Унијата има многу мал простор за маневрирање во борбата против невработеноста како и во обезбедувањето нови инвестиции како на регионално, така и на целокупното ЕУ ниво. Исто така, негативно се одразува и институционалниот проблем. Постојат голем број на недоразбирања и конфликти помеѓу Комисијата и државите-членки, пред сè, околу деталната алокација на фондовите. Кон сето ова придонесува и бирократскиот карактер на Комисијата кој предизвикува дополнителни внатре-институционални конфликти. Во крајна линија и самиот ЕУ буџет, како и буџетот на Структуралните фондови е премногу мал во споредба со големината на буџетите на сите држави-членки заедно, така што финансиите не се доволни за пожелното намалување на регионалните диспаритети.

Заклучно, и покрај тоа што регионалната политика на ЕУ има релативен успех во намалувањето на регионалниот јаз и во зголемувањето на животните стандарди, таа сè уште има бројни недостатоци. Моменталната архитектура, како и позитивните и негативните атрибути на регионалната политика на ЕУ, ги претставуваат моментно најактуелните постулати во академската дебата за иднината на регионалната политика. Каков и да е резултатот од оваа дебата, она што е централно и од најголема важност е стратегијата за помагање на најсиромашните региони, на веќе од мај 2004-та 25. ЕУ членки, да остане еден од врвните приоритети на јавната политика на Европската унија.

[18] Ibid. стр.45

# Сиромаштијата, образованието и децентрализацијата во Македонија

д-р Ванчо Узунов
д-р Добринка Тасковска

## Вовед

Овој труд претставува интегрален текст кој е работен како дел од Стратегијата на РМ за намалување на сиромаштијата. Бидејќи во Стратегијата се содржани само делови од интегралниот текст, авторот смета дека неговото објавување во целина може да побуди интерес кај читателите.

Анализата содржана во овој осврт се потпира на студиите: (1) „ПЈР Македонија. Фокусирање на сиромашните", Извештај на Светската банка од јуни 1999 година; (2) „Времена верзија на Стратегијата на РМ за намалување на сиромаштијата", ноември 2000 година; (3) „Нацрт Стратегија за развој на образованието на РМ", јуни 2000 година, изработена од Министерството за образование во соработка со Светската банка и Холандската влада; (4) „Извештај за стручното образование", Национална опсерваторија на РМ, октомври 2000 година; (5) „Нацрт извештај за Македонија. Локална самоуправа во транзиција", Урбан Институте, јануари 1999 година. Сознанијата од наброените документи претставуваат основна аналитичка база за сиромаштијата и за образовните услуги во РМ во тој период и овозможуваат редица корисни специфични сознанија. Се разбира, во анализата се користени и повеќе други официјални документи како извори на податоци.

Појдовни сознанија (аксиоми) на анализата се следните:

1. Соодносот намалување на сиромаштијата/образование е набљудуван со разликување меѓу образованието на малолетната популација и образованието - всушност доквалификацијата и прекфалификацијата - на полнолетната популација во Македонија, која останала без вработување во периодот на транзицијата. Исто така, предвид се зема и концептот на континуирано образование на активната популација. Согласно наодите на документот „ПЈРМ. Фокусирање на сиромашните", стр. 7, голем дел од сиромаштијата во Македонија се генерира од популацијата која го има изгубено вработувањето во последната деценија (во периодот на транзицијата) и која се наоѓа во состојба на сиромаштија, меѓу останатото, и заради неадекватната квалификуваност за повторно вработување или самовработување.

2. Поврзаноста меѓу образованието и намалувањето на сиромаштијата е набљудувана пред сѐ, па дури и исклучиво, како долгорочен хоризонт, односно како долгорочна солуција на сиромаштијата преку генерирање квалитетен човечки капитал способен за самовработување, а не како краткорочна мерка (или сплет на мерки) преку кои треба да се води политика на краткорочно (брзо) олеснување на тешката положба на сиромашните.

3. Децентрализацијата (или „спуштањето” на економските активности кон локално ниво во секоја национална економија), претставува ефект на процесот на глобализацијата. Овој тренд претставува објективно детерминирана генерална насока на современиот економски развој кој, пак, самиот по себе претставува најбитна димензија на процесот на намалувањето на сиромаштијата. Оттука, аспектите во корелацијата намалување на сиромаштијата/образование се набљудувани во контекст и на децентрализацијата, бидејќи на тој начин предложените мерки во долгорочен развоен контекст можат да го постигнат целосниот ефект.

4. Улогата на државата (владата) во современите услови единствено треба да се состои во создавање шанси секому, а не и во директно и перманентно помагање на одделни индивидуи (или категории индивидуи). „Државата може да му помогне на оној кој и самиот сака да си помогне”, треба да претставува основно мото на пристапот кон решавањето на проблемот на сиромаштијата во Македонија, бидејќи претставува олицетворение на пазарниот пристап во раководењето со економијата.

5. Дефинирањето на децентрализацијата во оваа анализа, во смисла на територијална опфатност на идните економски определени единици на локално ниво во случајот на Република Македонија, не се однесува со стриктно на постојната законски определена поделеност на единиците на локална самоуправа (т.е. општините). Всушност, за оваа анализа, пристапот кон децентрализацијата не се врзува за конкретен број законски определени граници на општините, туку претпоставува услови со кои може да се постигне ефект на пазарно (слободно) воспоставување на разновидни облици на меѓусебна кооперација меѓу општините со цел остварување на одделни функции на локално ниво - меѓу останатите и образованието.

## 1. Сиромаштијата, достапноста на образовните услуги и нивна организација во РМ

Во рамките на оваа точка, централен интерес претставува согледувањето на два аспекта:

1. Нивото на достапноста на образовните услуги и евентуалните разлики во тој контекст по одделни економски региони во Македонија и

2. Ценовна ефикасност на образовните услуги[1], која тука е разбрана како два вида соодност: а) цена на чинење на образовните услуги/квалитет на услугите, и б) цена на чинење на образовните услуги/платежна способност на секоја индивидуа (или семејство) да ги добие истите услуги.

Од овие индикатори може да се согледаат аспектите на соодносот намалување на сиромаштијата - образование и тоа во двострана смисла: прво како аспект на можноста сиромашните индивидуи (или слоеви) во Македонија да ги добијат (т.е. да ги платат) образовните услуги (токму со оглед на фактот дека се сиромашни и имаат പониска платежна способност); и второ, како аспект дали и како постојното ниво на возможните образовни услуги

[1] Во целиот труд терминот “образовни услуги” означува збир на одделните видови образование во Македонија: основно, средно и високо образование, како и разните други видови образование (курсеви за преквалификација, доквалификација и сл.).

придонесуваат за (не)извлекување на сиромашното население од таквата состојба.

Заради постојниот начин на уреденост на давањето образовни услуги во Македонија и достапноста на образовните услуги и ценовната ефикасност на образованието се специфични. Имено:

1. Најголем дел од образованието во Македонија, од аспект на сопственоста на институциите кои ги пружаат образовните услуги, се наоѓа во државна сопственост[2]. Тоа, во голем дел, доведува до буџетско финансирање на образованието во Македонија како доминантен вид, односно тоа е финансирање преку прераспределба. Како посебен случај се издвојува високото (универзитетското) образование каде, покрај државната квота во која влегуваат студентите кои немаат директни сопствени издатоци за студирање, се појавува дел на студенти - по број најмалку еднаков, а често и поголем од оние во државната квота - кои имаат пристапност кон високообразовните услуги преку кофинансирање (делумно директно сопствено учество во плаќањето на образовните услуги). Меѓутоа, треба да се наведе и податокот дека, пристапноста кон државната квота студенти е определена исклучиво од успешноста (квалитетот) на кандидатите, што значи дека ниту сиромашните индивидуи не се дискриминирани по некоја друга основа. Понатаму, треба да се наведе и податокот дека во Македонија постои шема на централно (национално) ниво на доделување стипендии на учениците и студентите кои припаѓаат во сиромашните слоеви на населението (стипендии по потреба), како и на посебно талентираните ученици (стипендии по заслуга). Не може да се пронајде сигурен податок дали постојат аналогни шеми на стипендирање на сиромашни (или талентирани) ученици и на локално ниво, што значи дека тоа едновремено треба да се набљудува и како цел чие остварување би водело кон подобрување на положбата на сиромаштијата во иднина.

2. Образованието во Македонија во делот на основно образование е централизирано на ниво на државата. Односно, ниту со законски акти не се дозволени разлики и специфичности во доменот на овие образовни услуги ниту по содржина, ниту по цена на чинење.

3. Во РМ основното образование е унифицирано според наставните планови и програми кои се изучуваат на територијата на целата држава, а се разликува според јазикот на кој се изведува наставата (националностите стекнуваат основно образование на сопствениот мајчин јазик). Основното образование е задолжително. Кај средното образование се разликуваат различни образовни профили кои се формираат преку средното образование, но во рамките на секој профил постои унифицираност на

---

[2] Приватните образовни институции во Македонија опфаќаат мал дел од популацијата, особено во поглед на основните образовни облици (основно, средно и високо образование). Имено, од вкупно 95 училишта во кои се изведува средно образование во 1998/99 година, само 3 се приватни (една природно-математичка гимназија и две општи гимназии), и тие опфаќаат вкупно 270 ученици, т.е. 0.3% од вкупниот број средношколски ученици во 1998/99 учебна година [извор: Соопштение на Завод за статистика на РМ, бр. 2.1. 07, од 24 март 2000 година]. Во поглед на дополнителните образовни облици (училишта за странски јазици, компјутери и сл.) односот приватни/државни училишта е сосема различен (всушност спротивен), и тој сегмент може, и треба, да претставува посебна димензија во рамките на образованието како дел од стратегијата за намалување на сиромаштијата во Македонија. За тој аспект станува збор понатаму во овој осврт.

наставните програми во сите училишта. Овој облик на образование не е задолжителен, исто како и високото образование.

Од наведените аспекти произлегуваат следните наоди:

1. Во поглед на нивото на достапноста на образовните услуги, кај основното образование е постигната речиси целосна унифицираност во сите региони во Македонија[3]. Ниту една индивидуа, во групата на сиромашните или не, не може да биде одвратена од стекнување основно образование заради евентуални социјални аспекти. Заради постојната законска задолжителност за стекнување основно образование на сите граѓани, државата успева да постигне опфатност од околу 95% од популацијата во рамките на основното образование и перманентно настојува да постигне 100 процентна опфатност (извор: „Нацрт стратегија за развој на образованието на Македонија", јуни 2000, стр 11).

2. Во поглед на нивото на достапноста на образовните услуги кај средното и високото образование во Македонија, постои изразена неизедначеност по одделни региони, но пред сè во контекст на близината на лоцираноста на образовните институции. Средните училишта, и особено универзитетите, во најголем дел се сконцентрирани во поголемите урбани центри. Инаку, еднакво како и кај основното образование, ниту една индивидуа, во групата на сиромашните или не, не е одвратена од стекнување средно образование заради евентуални социјални аспекти. Наведената неизедначеност по одделни региони во контекст на близината на лоцираноста на образовните институции, колку и да е и објективно детерминирана (во една земја со големина како Македонија, во услови на централизиран пристап кон образованието, ниту може објективно да се очекува поголема територијална дисперзираност на образовните центри во средното и високото образование), има големо влијание врз аспектот сиромаштија/еднаква достапност на образовните услуги. Инаку, постојната опфатност на учениците во средното образование изнесува околу 85% од оние кои завршиле основно образование, додека, пак, стапката на напуштање на средното образование во текот на неговото траење (пред завршување) изнесува 20%. Во средно училиште продолжуваат да се школуваат: 95% од учениците кои основното образование го завршиле на македонски јазик, 52% на албански јазик и 29% на турски јазик. Иако поради фактот што во групата на македонски јазик не се школуваат само Македонци, така што бројот на националностите што го продолжуваат школувањето е повисок од наведениот процент, сепак, останува фактот дека стапката на продолжување во средно образо-

[3] Може да се дебатира темата, пред сè затоа што станува збор за квалитативни перформанси кои не можат сосема да се измерат, дали во одделни општини и рурални средини во Македонија не се појавуваат разлики во квалитетот на образовните услуги во основното образование. Од формално правен аспект сите вработени во образованието задолжително мораат да поседуваат минимум квалификации. Меѓутоа, може да се претпостави дека, особено со оглед на фактот на изразената поларизираност на најголем дел од економските, културните, општествените и сличните активности кон урбаните центри во Македонија, во (по)пасивните делови на Републиката остануваат "професионалци", кои се помалку квалитетни даватели на образовните услуги споредено со оние во урбаните центри. Од друга страна, пак, може да се сретне податокот дека односот број на ученици по еден наставник е далеку поповолен во основните училишта во руралните средини во Македонија, што може да се смета како основа за повисок квалитет на услугата. Заради наведените консидерации, наведената тема нема да биде подетално третирана во овој труд.

вание сè уште е помала кај националностите (извор: „Нацрт стратегија за развој на образованието на Македонија”, јуни 2000, стр 12). Опфатноста во високото образование изнесува 33.5% од учениците кои се стекнале со средно образование (извор: Министерство за образование), а односот запишани/дипломирани студенти не може едноставно да се пресмета (ниту да се најде како готов податок), туку е неопходно длабинско истражување.

3. Во поглед на аспектот цена на чинење/квалитет на образовните услуги, повторно се оцртува една релативна унифицираност на целокупната територија на Македонија. Имено, квалитетот на образовните услуги во Македонија не зависи од нивната цена која ја плаќа секој корисник. Основната цена на образовните услуги во Македонија, во рамките на основното и средното образование и кај високото образование во делот на државната квота, се плаќа по пат на прераспределба согласно унифицирани ценовни (т.е. трошковни) параметри од државниот буџет, кој се алиментира преку јавните давачки. Во поглед на структурата на давачките од буџетот со кои се покриваат трошоците за образованието во Македонија, карактеристично е тоа дека, на пример за основно образование во 1999 година, цели 86% од давачките се однесуваат на покривање на трошоците на трудот во образовните институции (73% од вкупните буџетски трансфери кон државните образовни институции претставуваат издатоци за плати, а 13% претставуваат издатоци за хранарина и превоз на вработените во образовните институции), 7.6% се издатоци за стоки и услуги, 4.3% се тековни трансфери и (само) 1.7% се капитални издатоци. Во рамките на издатоците за платите на вработените во образованието, 71% се издатоци за наставниот персонал и 29% се издатоци за административниот персонал во државните образовни институции (извор: Министерство за образование). Овие податоци треба да претставуваат основни финансиски репери при дефинирањето на децентрализацијата на образовните услуги во Македонија.

4. Аспектот цена на чинење на образовните услуги/индивидуална (или семејна) платежна способност во Македонија може да се анализира и од гледна точка на индиректните и приватните трошоци поврзани со образовните услуги. Односно, станува збор за тоа дека до нивото на високо образование (се разбира преку постигнување успех за вклученост во државната квота), образованието во Македонија е „бесплатно”, во смисла на непостоење директно учество во финансирањето од страна на корисниците на услугите. Но, во тој дел не е содржан износот на цената на учебните помагала, транспортните трошоци до местото на школување, издатоците за сместување во друг град или издатоците за облека во текот на средното и високото образование во однос на платежната способност на индивидуите (односно семејствата) што, од своја страна, секако дека има влијание врз пристапноста на сиромашните слоеви кон овие образовни услуги.

Од друга страна, кога наведените заклучоци ќе се споредат со наодите во студијата "Времена верзија на Стратегијата на РМ за намалување на сиромаштијата”, стр.

5, се појавува една неусогласеност. Имено, во таа студија се истакнува фактот дека постои (и со анализата е верификувана) силна поврзаност меѓу степенот на образование и состојбата на сиромаштија. Односно, средното и особено високото образование обезбедуваат повисок животен стандард (т.е. поголеми можности за вработување и самовработување), додека индивидуите со понизок степен на образование се најголем дел и од невработените и од сиромаштијата во РМ. Овој наод, воедно, ја посочува и јасната опортуност образованието да се набљудува како долгорочна солуција на сиромаштијата. Од друга страна, пак, во истата анализа како најчесто наведувани причини за напуштање на натамошното образование, дури и во текот на основното, а секако во однос на средното и високото образование, од страна на малолетната популација во сиромашните семејства во Македонија, се наведуваат токму финансиските неможности на семејствата за покривање на трошоците за учебници, облека, превоз и сл.

Но, колку и да се јасни и веродостојни, наведените причини за напуштање на образованието од страна на децата во сиромашните семејства посочуваат и на можната дилема, дали токму наведените причини за напуштање на натамошното образование се единствените причини. Односно, се појавува дилемата дали, всушност, со напуштање на натамошното образование навистина се намалуваат трошоците на сиромашните семејства во голема мера. Во најопшт случај, може да станува збор единствено за неможност на сиромашните семејства за покривање на трошоците за превоз на децата до средните училишта, или пак на трошоците за престој на децата надвор од домаќинствата во урбаните центри каде се лоцирани средните училишта или факултетите, додека останатите издатоци се, во голема мерка „еднакви", дури и за сиромашните семејства во Македонија. Исто така, се поставува и дилемата што можат да прават децата во сиромашните семејства кои го напуштаат натамошното (средно, на пример) образование. Факт е дека, со ниските квалификации стекнати пред напуштањето на образованието, таа популација речиси не може да започне да заработува (да се вработи). Тие деца, всушност, не се способни ниту за самовработување, ниту пак можат да претставуваат понуда на квалитетна работна сила.

Од друга страна, постои еден податок (информација), кој не е официјално (преку истражување) верификуван, но сепак не може да се отфрли и како сосема неточен, дека еден дел од популацијата на возраст за стекнување образование во Македонија, дури и по завршувањето на одделен степен на образование, наместо да се вработи, продолжува со натамошно образование (студирање на универзитет, на пример, па и постдипломски студии) токму затоа што не може веднаш да најде вработување.

Од ова логицирање може да се изведе еден заклучок. Имено, малолетната популација во Македонија, во еден дел, не го напушта образованието исклучиво (па веројатно дури ниту претежно) заради финансиските неможности на сиромашните семејства да ги покријат трошоците за школување туку, исто така, и заради други причини. Тие

причини, често, можат да се вбројат во категориите патријархалност, традиционализам и сл. Меѓу останатото, оваа теза може да се поткрепи и со податоците за стапките на напуштање на образовниот процес по основното образование расчленети по одделни националности во РМ (Табела 1). Уочлив е, сепак, фактот дека со текот на времето доаѓа и до постепено опаѓање на значењето на наведените причини за напуштање на образованието. Табелата 2, пак, го покажува уделот на завршени средношколци во Македонија кои продолжуваат со високо образование во РМ, расчленети според националната припадност на учениците.

Конечниот заклучок од досегашната анализа, говори дека аспектите на односот намалување на сиромаштијата/образование во Македонија не можат да се подведат под исклучиво економски параметри, туку големо влијание имаат и други фактори. Постојниот начин на уреденост на образовниот процес во Македонија е, во голема мера, и социјално ориентиран. Настоју-

Табела 1. Завршени осмоодделенци и запишани ученици во I година средно образование

| Јазик на кој се изведува наставата | ’93/94 | ’93/94 | ’93/94 | ’94/95 | ’94/95 | ’94/95 | ’95/96 | ’95/96 | ’95/96 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | завр-шени | запи-шани во средно | опфат % | Завр-шени | запи-шани во средно | опфат % | завр-шени | запи-шани во средно | опфат % |
| македон. | 21,650 | 20,308 | 93,800 | 21,808 | 21,274 | 97,55 | 22,243 | 21,416 | 96,3 |
| албански | 7,290 | 2,220 | 30,450 | 7,349 | 2,464 | 33,53 | 7,465 | 2,048 | 40,8 |
| турски | 406 | 102 | 25,120 | 396 | 152 | 38,38 | 445 | 152 | 34,2 |
| српски | 82 | | 0 | 83 | | | 71 | | |
| вкупно | 29,428 | 22,630 | 76,9 | 29,636 | 23,890 | 80,6 | 30,224 | 24,616 | 81,5 |

Извор: Министерство за образование;

Табела 2. Опфат на завршени средношколци во системот на високо образование

| Национална припадност | Завршиле 4-год. средно образование во 1998/99 год. | Запишани во високо образование во 1999/2000 год | Процент |
|---|---|---|---|
| | Број | Број | % |
| Македонци | 12.211 | 4.968 | 40.68 |
| Албанци | 2.169 | 292 | 13.46 |
| Турци | 185 | 79 | 42.70 |
| Роми | 35 | 8 | 22.86 |
| Власи | 39 | 7 | 17.95 |
| Други | 444 | 111 | 25.00 |
| Вкупно | 15.842 | 5.465 | 33.50 |

Извор: Министерство за образование;

вањето системот да се направи уште повеќе (т.е. критично) социјално ориентиран не може да води кон многу големо подобрување. Токму затоа, стратешките консидерации за иднина треба да се потпираат на овие сознанија, како специфичности во начините на решавањето на проблемот на сиромаштијата и образованието во Македонија. Со еден збор, *идното (стратешко) реформирање на образованието во Македонија, и во контекст на намалувањето на сиромаштијата, треба повеќе да се стреми кон долгорочно подигнување на квалитетот на самото образование но, при тоа, да не се наруши неговата веќе воспоставена социјална димензија.*

## 2. Прашањето на децентрализацијата

Децентрализацијата[4], како генерално прашање и како насока на реформирање на секој современ економски систем, уште на почетокот беше посочена како димензија со објективен карактер, односно како димензија која ја определуваат објективни сили кои го придвижуваат економскиот развој во современи услови. Основна движечка сила на процесот на децентрализацијата претставува центрипеталната сила на атрактивност на секој локален економски територијалитет (општина), што (треба да) претставува искреирана моќ и способност за привлекување на (лоцирањето на) капиталот, кој е глобално мобилен, кон локалната (економска) територија од што, во конечна инстанца, пресудно зависи самиот динамизам на локалниот економски развој. Во тој контекст, во рамките на процесот на креирањето степен на атрактивност на секоја општина, формирањето специфичен (т.е. уникатен) микс на квалитет на човечкиот капитал кој е достапен во неа претставува сосема легитимен аспект на локалниот економски развој. Воедно, процесот на реформирање и на образовниот систем во една национална економија кон негова детерминираност претежно на локално (субнационално) економско ниво, ја добива и сопствената аргументираност[5].

Основна поента при децентрализацијата на образовните услуги во Македонија треба да биде настојувањето да не се намали постигнатиот степен на квалитет и пристапност кон образовните услуги - како степен на социјална ориентираност и постигнат степен на опфатност на популацијата - туку тие да се зголемат. Воедно, децентрализацијата треба да води и кон постигнување на поголем квалитет, во смисла на поадекватна квалификациона профилираност на човечкиот капитал, која може најдобро да ги пресретне идните раз-

[4] Под поимот децентрализација во оваа анализа, се подразбира трендот на "спуштање" на на економските процеси на субнационално (локално) ниво. Станува збор, всушност, за релативизирање (ултимативно и намалување) на пресудното значење на нивото на целокупната национална економија како ниво од пресудно значење во одредувањето на параметрите кои дефинициono го детерминираат секој економски систем и начинот на економизирање (водење бизнис) во секоја средина.

[5] Оваа анализа е правена во период кога се менува постојната законска рамка за локална самоуправа во Македонија. Меѓутоа, сè уште е неизвесно во кој конкретен правец ќе се одвиваат промените во поглед на конкретните надлежности, организацијата, начинот и изворите на финансирање и големината и бројот на општините. Од расправата за можните промени на системот на локалната самоуправа извесно е дека единиците на лоикалната самоуправа ќе имаат поголема надлежност во поглед на образованието во целина. Од тие причини, анализата пред сè тргнува од економската оправданост на некои солуции, а не од можните (или пожелни) правно-политички решенија.

војни и деловно-економски (бизнис) потреби на секој локален економски територијалитет во Македонија.

Исто така, уште еднаш може да се подвлече и фактот дека една од основните поенти при децентрализацијата на уредувањето на економските текови во РМ, во чии рамки спаѓа и аспектот на децентрализацијата на образовните услуги, треба да претставува законски дадената слобода на идно воспоставување на интер и интра локални (општински) облици на економска кооперација, која може да води кон поадекватно и поефикасно постигнување на целокупните економски ефекти. Во голем број случаи единствено интер-локалната кооперација ќе може да создава способност за финансирање на развојните потреби, каде се вбројуваат и финансиските потреби за идните образовни услуги. Со други зборови, идните општини во Македонија ќе треба меѓусебно да соработуваат со цел пресретнување на идните потреби (побарувачката) за образовни услуги.

Следниот битен елемент кој може да претставува пресудна димензија на успехот во процесот на децентрализацијата на образовните услуги во Македонија претставува идентификувањето на специфичните (т.е. уникатните) профили на квалификуваност на човечкиот капитал на секој локален ентитет, а потоа и преземањето напори кон задоволување (пресретнување) токму на таквите специфичности. Тука се битни за подвлекување неколку моменти:

1. Потребите за специфична квалификациона профилираност на човечкиот капитал треба да ги дефинира секој локален ентитет самиот за себе, се разбира во соработка со соседните (сродните) ентитети во точките каде ќе се појавува сродност, што овозможува постигнување синергетски - финансиски (за финансирање на образованието) и општо микроекономски - ефекти.

2. „Влезот и излезот” (во и од) секоја општина треба да биде потполно слободен што, впрочем, претставува една од основните детерминанти на успехот на самиот процес на децентрализација.

Како прагматичен контекст, истакнатите димензии значат дека кај основното образование, со оглед на фактот дека уште еден релативно подолг период во иднина ќе остане потребата од негова релативна унифицираност во рамките на целата држава, може да се дозволи одреден степен на слобода наставните програми кои ќе се изучуваат да бидат локално дизајнирани. Во рамките на средното образование во Македонија, пак, треба да се дозволи поголема слобода во изборот на профилите на средношколските квалификации во секој локален ентитет одделно.

Во контекст, пак, на финансирањето на идните локално децентрализирани образовни услуги во Македонија, особено со оглед на фактот дека не треба да се дозволи децентрализацијата да води кон пад на опфатноста на популацијата во образовниот процес, или кон намалување на постојниот степен на социјална ориентираност на образовните услуги во Македонија заради финансиските (не)можности на одделни општини во Македонија да го самофинансираат образованието, треба да се води сметка за следните аспекти:

1. Во еден среднорочен период во иднина финансирањето на платите на наставниот кадар во основното образование во Македонија може да остане централизирано (алиментирано од државниот буџет), но до одреден минимален загарантиран износ. Платите на административниот персонал, пак, како и останатите трошоци за основното образование (тековно и инвестиционо одржување на училиштата, нивната доградба и надградба, набавката на потрошен материјал и сл.), би биле финансирани од сопствените финансиски средства на секоја општина за себе, со што се постигнува ефектот на иницијативност кон економизирање. Финансиските средства на секоја општина, во поглед на нивните извори, треба да бидат дефинирани преку реформирање на постојниот систем на јавни приходи во Македонија по пат на фискална децентрализација, а не преку евентуално прелевање од државниот буџет на Македонија. Основното образование секако треба да остане задолжително. Одделните општини ќе можат, во функција на подигнување на квалитетот на образованието, на локално ниво да гарантираат и повисоки плати за наставниот кадар во основното образование. Исто така, секако треба да остане насоката кон 100% опфатност на популацијата во основното образование.

2. Кај средното образование, во еден иден среднорочен период, исто така ќе постои потреба и од централизирано (алиментирано од државниот буџет на Македонија) кофинансирање на образовните услуги кај платите на наставниот кадар - но до одреден минимален загарантиран износ и со однапред точно дефиниран план на сукцесивно намалување и на таквиот вид партиципација во финансирањето, по кој период финансирањето и на овие трошоци би преминало само на локално ниво. Платите на административниот персонал, еднакво како и другите трошоци, треба на самиот почеток да станат грижа на секоја општина посебно. Така, одделните општини ќе имаат иницијативност да создаваат атрактивност (заради привлекување поквалитетен наставен кадар со специфична профилираност), по пат на гарантирање повисоки плати токму за специфичните профили на наставен кадар во средното образование, што би генерирало формирање квалитетен човечки капитал во одделни општини.

3. Понатаму, треба сосема сериозно да се има предвид потребата и средното образование да стане задолжително во Македонија. Тоа би значело насоченост кон 100 процентна опфатност на популацијата и во средното образование, што треба да генерира позитивни ефекти токму (и најповеќе) во контекстот на намалувањето на сиромаштијата во иднина. Во однос на финансиските аспекти за покривање на трошоците на таквото решение (односно како контрааргумент на однапред претпоставеното тврдење дека нема да постојат финансиски можности за плаќање на задолжително средно образование), може да се истакне фактот дека и во постојната состојба опфатноста на учениците во средното образование изнесува 85%. Преостанатите ученици (15%), во голем дел, можат да бидат вклопени во постојните средношколски образовни капацитети, а

едновремено би бил постигнат голем позитивен ефект во сферата на намалувањето на сиромаштијата. Од друга страна, пак, законската задолжителност за средно образование ќе значи потреба од формирање на посебни фондови на локално ниво за кредитирање (не стипендирање) за покривање на трошоците на образованието на сиромашната популација. Исто така, за секоја општина ќе постои и иницијативноста од стимулирање на влез и на приватниот сектор во образованието што, на индиректен начин и на долг рок, ќе придонесува за намалување на сиромаштијата (преку префрлување на побогатите слоеви кон приватно средно образование и ослободување место за сиромашните во државното, локално-буџетски финансирано, средно образование).

4. Кај високото образование децентрализацијата во прв ред треба да значи насоченост на формирање на посебни фондови на локално ниво за кредитирање на трошоците за студирање на студентите од сиромашните семејства во универзитетските центри во Македонија и во странство. При тоа, сосема е легитимно секоја општина да кредитира конкретни видови студии, такви чиј профил ѝ е најповеќе потребен. Пристапот кон фондовите треба да се базира и на постигнувањето успех во образованието (ултимативно) и на социјалната положба на секоја индивидуа.

5. Покрај наведените базични облици на образование, во контекст на дополнителните облици на образование (учењето странски јазици, компјутери итн.) и доквалификацијата и преквалификацијата на постојната работна сила, децентрализацијата треба да создаде иницијативност за секоја општина кон создавање атрактивни услови за влез на приватен капитал (инвестиции) во сферата на образованието. Тука улогата на државата речиси и се исцрпува со тоа, бидејќи во доменот на дополнителното образование пазарот треба да ја има основната регулаторна функција.

## 3. Препораки за иднина

Во рамките на оваа точка станува збор за одделни битни консидерации од доменот образование - намалување на сиромаштијата во веќе наведениот долгорочен контекст на влијание, кои претставуваат еден вид на општи препораки, односно не се однесуваат исклучиво на темата децентрализација или слично. Во таа смисла, треба да бидат потенцирани следните стратешки насоки:

1. Потребно е *поставување на високи стандарди во образованието.* Тоа значи образованието треба да се разбере и како масовен процес, со опфат на сите ученици, но и како процес на генерирање елитизам, а не медиокритизам (не може секој што ќе се запише да заврши и тоа да се смета за унапредување).

*2. Просветниот ангажман треба да се третира како престижна и високо вреднувана професија.* Тоа значи дека од лицата ангажирани на таа работа треба континуирано да се бараат високи постигнувања и прифаќање на нови сознанија, но и наградата за трудот да биде адекватна.

*3. Најголем дел од учениците и студентите треба да добиваат обра-*

*зование и квалификации со практична ориентација.* Современиот облик на знаење не претставува „чиста филозофија", туку практично употреблива пазарна категорија. Тоа значи, од една страна, дека како задолжителни предмети во наставните програми на средното образование треба да се воведат и основите на претприемништвото, како квалификации кои ќе создаваат индивидуи способни и за самовработување, а не исклучиво матурирани ученици и дипломирани студенти кои од државата чекаат вработување. Од друга страна, истиот аспект значи создавање човечки капитал способен за перманентно учење, способен за учење преку работење и способен за перманентно образование, бидејќи во современиот свет стекнатите квалификации имаат многу кус рок на траење и треба перманентно да се обновуваат. Најповеќе во контекст на намалување на сиромаштијата.

*4. Треба да се создадат високо вреднувани и високо квалитетни облици на високо образование покрај универзитетското.* Тоа е искуство на одделни држави кои имаат добри постигнувања во доменот на креирањето човечки капитал. Од друга страна, тоа значи создавање услови и за пост-средно (а не само додипломско и постдипломско) образование, како и создавање услови за практично (vocational) образование на оние кои ги имаат изгубено работните места.

*5. Треба да се воспостават блиски контакти и корелација помеѓу образовните институции и работувачите (бизнисот),* што треба да придонесе кон почитување на нивните потреби и барања во обликувањето на човечкиот капитал.

*6. Треба да се создадат услови и самите бизниси многу да инвестираат во континуирано интерно доквалификување и преквалификување* на работната сила, преку различни форми на деловни асоцијации и сл. Во тој напор бизнисите треба да бидат поттикнувани и низ различни мерки и владини (на локално ниво дизајнирани) програми.

*7. Специфичност за Македонија претставува јасната опортуност, во контекст на образованието како дел од напорите за намалување на сиромаштијата, да се започне со трајна кампања под мотото: „образованието претставува инвестирање во иднината".* Опортуноста од оваа „мека" мерка се огледа во фактот што, релативно голем дел од малолетната популација во Македонија, го напушта натамошното образование не само од економски (т.е. социјални) причини, туку и од разновидни традиционални и патријархални причини. Тоа треба да започне систематски и долгорочно да се променува. Исто така, карактеристично е за Македонија поимањето дека образованието претставува еден облик на тековна потрошувачка и дека претставува грижа на државата да го обезбеди секому (голем број луѓе во Македонија синтагмата „бесплатно школување" сè уште ја разбира токму на буквален начин), додека грижата на родителите за иднината на децата се сведува во инвестирање во недвижнини, на пример. Таквите поимања треба систематски да се менуваат и тоа може да има релативно големо влијание и врз намалу-

вањето на сиромаштијата во подолгорочна иднина. Токму во истиот контекст, се јавува опортуноста од помагање на сиромашните индивидуи со покривање на трошоците на нивното образование преку кредити кои во иднина треба и да се вратат, а не преку стипендии (грантови). Или пак, преку обезбедување бесплатни учебници на реверс, односно со задолжение по школувањето да бидат вратени во состојба која овозможува нивно натамошно користење и рециклирање, а во спротивно би биле платени од страна на корисникот. Кредитот претставува пазарна категорија - инвестиција и има сопствена цена на чинење, додека стипендијата претставува подарок без цена на чинење. Во една пазарно уредена економија непостоењето на цена на чинење на одделна услуга (секако и стока) претставува апсурд, односно идеолошка категорија.

8. Во случајот на Македонија се чини сосема опортуно, особено во контекст на современите услови во кои треба да се постигнува и економски развој и да се започнува со процес на постепено намалување на сиромаштијата, *да бидат изнајдени начини стекнувањето компјутерска писменост и користењето на Интернет мрежата, иако пазарно уредено, да биде многу евтино за сите корисници.* Доколку е можно да биде дури и бесплатно за самите корисници (а цената да се плаќа преку прераспределба, на пример). Ова е особено битно за една мала држава а, меѓу останатото, ќе придонесува и за намалување на сиромаштијата во истиот долгорочен контекст како и образованието.

# Проблемот на сиромаштијата низ призмата на половата нееднаквост

Катерина В. Гроздан

## Сиромаштијата како мултидимензионален проблем

Повеќето би се сложиле со фактот дека изминатиот век беше ера на глобален цивилизациски прогрес. Дваесеттиот век беше обележан со многу контрадикции. Науката го достигна нејзиниот климакс, откритијата се применуваат во различни полиња со што се подобрува стилот на живеење, индустрискиот и технолошкиот напредок овозможуваат глобално движење на луѓе и размена на материјални добра и услуги како никогаш порано. Но, од друга страна истиот тој дваесетти век забележа еколошка деградација, зголемување на етничките конфликти, криминалот и насилството. Проблеми постојат и во социјалната сфера. Алармантното продлабочување на нееднаквоста помеѓу богатите и сиромашните е еден од факторите што најмногу се закануваат да го дестабилизираат човештвото на почетокот од третиот милениум.

Последиците од екстремната сиромаштија се чувствуваат насекаде низ светот. Сè до неодамна сиромаштијата била видена како недостаток на финансиски средства и според тоа единственото логично решение бил економскиот развој. Комплексноста на сиромаштијата долго време не била препознаена и никој не ја споменувал можноста дека сиромаштијата може да е резултат на опресија и следствено на тоа нејзината редукција да бара и други решенија покрај економскиот развој.

Еден од најновите пристапи кон сиромаштијата што ја признава нејзината комплексност и мултидимензионалност, е пристапот на човековите права. Овој пристап, кој се развива паралелно со развојот на човековите права, нуди јасна законска рамка која што има потенцијал да ги „зајакне" сиромашните и на тој начин да придонесе за намалување на сиромаштијата. Според овој пристап, сиромаштијата е пред сè - кршење на основните човекови права. Понатаму, сиромаштијата вклучува повеќе димензии меѓу кои најзначајни се: слабото здравје и неисхранетоста, неписменоста, невработеноста и политичката маргинализација. Во рамките на овие димезии се негираат човекови права како: правото на квалитетна исхрана, правото на здравствена заштита, правото на образование, право на пристојна работа и секако, политичките права и слободи.

Во последно време, пристапот на човековите права, како една од димензиите на сиромаштијата ги наведува и структуралните нееднаквости во општеството базирани на: полот, религијата, етницитетот

и расата. Сите овие се важни фактори коишто влијаат врз сиромаштијата и начинот на кој што таа е доживеана од различните групи на луѓе.

Скратено, овој есеј ќе се концентрира на димензијата на половата нееднаквост и како таа се испреплетува со останатите четири димензии на сиромаштијата. Ќе се анализира како почетните нивоа на полова нееднаквост во пристапот кон здравствената заштита, образованието, пазарот на работна сила и политичките институции влијаат врз жената и начинот на кој што таа ја доживува сиромаштијата во секоја од овие сфери.

## Половата нееднаквост како специфична димензија на сиромаштијата

Во последната деценија, значајно се зголемува интересот за дебатата околу половата природа на сиромаштијата, помеѓу истражувачите од различни полиња. Феминистите и женските групи константно докажуваат дека жените ја искусуваат сиромаштијата многу посилно од мажите бидејќи половата нееднаквост во политичката, социјалната, економската и културната сфера на живот е сè уште многу изразена и тоа во корист на мажите. Сè до скоро, било многу тешко емпириски да се поддржи овој аргумент бидејќи немало полово издвоени податоци при анализирањето на сиромаштијата. Како и да е, отсекогаш имало очигледни историски докази дека жените се предмет на дискриминација во домот, работата, кредитната политика и имотното наследство[1]. Многу економски политички институции се дискриминаторски насочени кон жените, како резултат на традицијата и обичаите.

Сите горе наведени фактори се значајни елементи за зајакнување на жените како посебно ранлива група, и лесно може да се заклучи дека жените биле оневозможени да имаат еднаков пристап со мажите до изворите на финансиски средства и политичка моќ. Ова резултирало во социјална исклученост на жените како група и овој историски факт денеска многу им отежнува на жените (посебно на оние кои живеат сами) да создадат услови за живот над границата на сиромаштијата[2]. Понатаму, со прифаќањето на половата нееднаквост како една од димензиите на сиромаштијата, многу прашања поврзани со потеклото на сиромаштијата и начините на кои таа би се намалила би можеле да се одговорат. Сите различни фактори коишто ја зголемуваат чувствителноста на жената кон сиромаштијата претставуваат составни делови од феноменот наречен „феминизација на сиромаштијата". Според Чагатај, главните одлики на овој концепт се следниве:

– Жените имаат повисока стапка на сиромаштија од мажите;
– Женската сиромаштија е потешка од онаа на мажот;
– Во последната деценија има тренд на зголемување на сиромаштијата кај жените.[3]

---

[1] Cagatay, Nilufer. „*Gender and Poverty"* UNDP Social Development and Poverty elimination division, Series Working Paper, May 1998.pp.2

[2] Според Светската банка оваа граница на сиромаштијата изнесува 1$ приходи дневно.

[3] Ibid. Cagatay, 1998.pp.4.

Половата дискриминација, со која што жените се соочуваат при нивниот пристап до здравствената заштита, образованието, пазарот на работна сила и недоволната застапеност во политичката сфера се главните фактори што ја помагаат феминизацијата на сиромаштијата. За да се објасни контекстот во поглед на ова прашање во параграфите што следат ќе биде испитано како половата нееднаквост се вкрстува со другите димензии на сиромаштијата.

## Половата нееднаквост и пристапот до здравствените услуги

Интеракцијата помеѓу сиромаштијата и здравствените услуги се разликува за мажите и жените. Светската здравствена организација - СЗО известува дека полот и родот имаат големо влијание врз пристапот до здравствените установи.

Во однос на првата причина-полот или биолошкиот факт кој физички ги одредува мажите и жените, ќе се концентрирам на репродуктивното здравје што е карактеристично за жените. Сиромашните жени во неразвиените области се посебно чувствителни по ова прашање, со оглед на тоа што немаат доволно финансии и информации, тие немаат пристап до квалитетни услуги и советувања за репродукцијата, планирањето на фамилијата, сигурното мајчинство и заштитата од венеричните заболувања како на пример сидата. Оваа неинформираност сериозно го загрозува здравјето на жените, а потоа и на децата, ја зголемува смртноста при бременоста и го намалува животниот век на мајките-родилки. Според проценките на СЗО, секојдневно умираат по 1.400 жени како резултат на репродуктивните болести. Понатаму тие се причина за смртта на 40% од жените во неразвиените подрачја на Африка.[4]

Вториот ограничувачки фактор, кој влијае негативно врз здравствената состојба на жените и врз нивниот пристап кон здравствените услуги, е родот, т.е. културните норми што ја определуваат родовата припадност. На пример:

- Жената понекогаш не може да ја прима потребната здравствена нега бидејќи културните норми во нејзината средина ѝ забрануваат да патува сама (без придружба на маж) до клиниката;
- Мажените жени се изложени на зголемен ризик од заболување со вирусот ХИВ, бидејќи социјалните стандарди во околината ја охрабруваат промискуитетноста на мажите и истовремено го ограничуваат правото на жената да бара употреба на кондом.

Транзицијата во некои европски земји, исто така, негативно влијаела врз репродуктивните права на жените. Порано жените уживале заштита од државата во пред и пост наталниот период, а законите за абортусот биле многу либерални. Но, со распаѓањето на комунистичкиот режим, католичката црква се потрудила да изврши притисок врз државата со што го направила

[4] http://www.undp.org/mdg

тешко и скапо абортирањето во корист на зголемување на наталитетот. Влијанијата од ова биле посебно видливи во католичките земји.[5]

На овој начин се зголемил бројот на нелегални и непрофесионални абортуси бидејќи тие биле поевтини и се загрозило здравјето на жената. Ова особено се однесувало на посиромашните жени со оглед на нивната неможност да платат за регуларен абортус, или да одат во друга земја.[6]

## Половата нееднаквост и образованието

И покрај тоа што има постојан напредок во намалување на стапката на неписменост на генерално ниво, половата нееднаквост во училиштата сè уште постои, и стапката на неписмени жени и девојки е повисока од стапката на неписмени мажи, посебно во сиромашните подрачја.[7]

Во транзициските земји во Европа, неписменоста на жените била речиси истисната за време на комунизмот. Основното образование било задолжително и бесплатно за секого исто како и средното, и имало многу бенефиции за студентите. Со ваквата политика значително се намалил бројот на неписмени дури и во најнеразвиените подрачја. Важно е да се напомене дека за целото време се инсистирало на еднаква полова застапеност. Сепак, половата подвоеност се рефлектирала на други поскриени начини: школите од типот на инженерија, техника и математика биле познати меѓу народот како машки школи; додека јазичните, текстилните, медицинските и педагошките школи се сметале за типично женски.

Ова несомнено влијаело и врз понатамошната определба на жените при вработувањето.

## Половата нееднаквост и пазарот на работна сила

Половата поделеност на работата ја зголемува чувствителноста на жената на влијанието од сиромаштијата. Овој аргумент ќе биде обработен низ следниве точки:

- Пазарот на работна сила е полово подвоен. Жените се обично концентрирани во областа на т.н. „женски работи": службенички и слични административни позиции, продажба и услужни дејности, здравство и образование[8]. Овие работи се најчесто слабо платени, не нудат можност за напредок во кариерата и усовршување на вештините на жените преку тренинзи. Поради ова, жените немаат можност да бараат подобра и поплатена работа и притоа пропаѓаат сè подлабоко во вртлогот на сиромаштијата.

- Жените се по правило помалку платени од мажите и обично заработуваат 70% од платата на мажот за истата работа[9]. Интересно е да се спомене дека жените работат 2/3 од светската работа, заработуваат

5 „An Allergy to Feminism" во Einhorrn, Barbara. *„Cinderella goes to market"*. Verso, London, 1993, pp.182-212.

6 Станува збор за т.н. „одмори за абортуси" кога жените ја напуштаа сопствената земја и одат да абортираат во други земји каде што абортусот е дозволен.

7 www.unstat.un.org/unsd/databases

8 The World's Women 1970-1990 Trends and Statistics, New York, UN Publication, 1991. pp.88

9 Ibid. pp.5

10% од вкупните приходи и поседуваат само 1% од вкупните средства за производство во светот.

- Жените од неразвиените и земјите во развој најчесто прифаќаат работи на црниот пазар. Тие се несигурни форми на работа кои ги нарушуваат основните права и не нудат социјална и здравствена заштита. Притоа е многу тешко во такви услови жените организирано да настапат за да ги остварат овие права.

- Жените се принудени да ја комбинираат платената и неплатената работа при што се сиромашни со време. Во смисла дека жените кои што работат надвор од дома, истовремено имаат одговорност кон домашните обврски и грижата кон децата и постарите. Ова е посебно изразено во посткомунистичкиот период преку рестрикцијата во државните институции која што значително го намалила бројот на детските градинки и домови за нега на стари и болни лица. Притоа, домашната работа на жените е социјално непризната, што значи дека е неплатена. Таа се подразбира како природна обврска на жената и е сосема маргинализирана од одговорните за економската политика.

## Половата нееднаквост и политичката сфера

*„Сиромаштијата треба да биде редефинирана на тој начин што ќе се обезбеди еднаков пристап на жените и мажите во процесите на одлучување и политичката моќ"*

Жените како група отсекогаш се соочувале со ограничен пристап во политичката сфера и поделбата на моќта. Последователно, нивните права биле постојано негирани што водело кон нивно осиромашување и ги правело финансиски зависни од мажите. Политичките институции не се полово неутрални и се под големо влијание на фамилијарно-патријархалните норми. Доказ за тоа е незначителното присуство на жените во парламентите и во сите останати нивоа на државната власт. Оваа мала застапеност на жените им оневозможува да ги бранат своите интереси и притоа немајќи поддршка при промовирање на истите се зголемува чувството на немоќ што неминовно води кон социјална исклученост и осиромашување.

Според статистиките на Интерпарламентарната унија, бројот на жените кои што држат министерски места се зголемил за 4 пати во периодот од 1945 до 1995[10]. Највисока стапка на застапеност во парламентите имаат жените во нордиските земји до 37,6%, потоа САД до 15.5%, Азија 13.4%, Европа 12.5%, а најниска застапеност во арапските држави 3.3%.[11]

(Не)пристапот до политичката моќ е најверојатно клучното прашање за осиромашување или зајакнување на жените зависно од контекстот. Нордиските земји, каде што жените имаат еднаков пристап при поделбата на моќта, се познати

[10] Azza, Karam. „Women's Political Participation" *Meeting on Women and Political Participation: 21st Century Challenges* UNDP 1997. see. http://www.undp pogar.org/ publications/gender/karam1/section2.html

[11] Ibid.

како најпрогресивни демократии и често се нарекуваат „социјални општества", или општества ориентирани кон потребите на граѓаните. Главни карактеристики на овие демократии се: флексибилност при вработувањето и работните услови, децентрализација, поддршка и општествено признание на индивидуите и државни стратегии кои ги промовираат семејните вредности.[12] Успешноста на овие демокраатии уште еднаш се потврдува со фактот што тие имаат најниска стапка на сиромаштија во светски рамки, токму поради ефикасната социјална политика што овозможува грижа за децата, болните, старите и изнемоштени лица.

## Што понатаму?

Анализирајќи како половата нееднаквост влијае врз искуството на жената на различните димензии на сиромаштијата, гледаме дека половите разлики во политичката, економската, социјалната и културната сфера на животот е важен фактор во репродукцијата на хроничната сиромаштија не само на жените, туку и на останатите членови од фамилијата. Овие разлики се рефлектираат врз немоќта на жените во политичка смисла, полова неусогласеност во примањата, дискриминација против жените во образованието, помал пристап на жените до здравствените институции. Сите овие фактори придонесуваат за зајакнување на подмолниот вртлог на сиромаштијата низ повеќе генерации.

Имајќи ги предвид структуралните нееднаквости, базирани на полот како важна димензија на сиромаштијата интернационалната заедница постојано се обидува да најде соодветни решенија за проблемите на истата. Значи половата нееднаквост веќе е составен дел од стратегиите за борба против сиромаштијата. Притоа, голема улога игра взаемната поврзаност на документите за човекови права и намалувањето на сиромаштијата. Во сите интернационални документи за човекови права посебно се нагласува важноста на промовирање заштита и имплементација на човековите права за ефикасно справување со сиромаштијата. Сега е веќе прифатен ставот дека долгогодишното игнорирање на половата нееднаквост, како димензија од сиромаштијата, довело до неуспешност на досегашните стратегии за намалување на сиромаштијата.

Економскиот прогрес (сфатен не како цел сам за себе, туку пред сѐ како средство за морално и социјално унапредување), и глобалната стратегија на развој, способна да ги мобилизира капацитетите на сите човечки суштества (без разлика на полот, расата, класата и религијата), се во интерес на целата човечка раса и би можеле со текот на времето да ги намалат нееднаквостите, а со тоа и сиромаштијата на светско ниво.

[12] Balbo, Laura. „The strategy of social Citizenship" in *„Social Policy in a Changing Europe"*, Campus Verlag:Frankfurt e Boulder, Co:Westview Press. 1992, pp.31 1

# Критика на сиромаштијата

д-р Ана Пејчинова

„Клучниот фактор за исчезнувањето на сиромаштијата е начинот на кој размислуваме...”[1]

Не сум економист, ниту политичар, ниту сум познавач на светските механизми на неправда; не умеам да понудам практичен модел за лекување на сиромаштијата. За нас, луѓето од општествените науки, таа е една од многуте бои во сложеното ткаење на животот. Всушност, најголем дел од изумителите, уметниците и филозофите биле и се сиромашни. Освен некои угледни политичари, злодејци и војсководци, великаните на чие дело лежи оваа цивилизација, со други зборови, оние кои создале *квалитет* вреден за спомен, главно живееле во тешка немаштија, исклучени од заедницата, а често и во опасни времиња. Низ историјата, сè до средината на 18. век, масивната сиромаштија била речиси секаде нормална човечка состојба, а квалитетот се создавал без оглед на немањето. Несреќата и незадоволството се често мотивацијата за раст, чиј ефект се вредни дела. Квалитетот, изгледа, е прашање на избор, а не на околности. Овој текст ги спротивставува поимите на сиромаштија и квалитет: квалитетот на човечкото битие и животот кој го живее.

Квалитетниот живот не е привилегија на исклучителните луѓе. Успехот, обилието, признанието, доблеста и љубовта се состојби кои се јавуваат или не се јавуваат независно една од друга. Секое од нив открива различен начин на бидување богат или сиромав. Процесот на осиромашување во кој сме зафатени навистина боли, но доколку ја анализираме сиромаштијата, можеби таа не ќе се покаже како најболното нешто што може да нè снајде, а квалитетот на животот не е условен од неа.

## Сиромаштијата како симптом и симптоми на сиромаштијата

Сиромаштијата во светот е појавен симптом, ефект на цела констелација подлабоки нарушувања во односот единка-заедница. Овие ја одразуваат ниската вредност на бидувањето единка и на бидување заедница: единката ја обезвреднува заедницата, а заедницата единката. Со таква ниска меѓусебна перцептивна вредност, взаемниот однос не е однос на поддршка, туку на саботажа, или функционален однос воопшто не постои. Невработеноста е последица на обезвреднување на

[1] *Food First*, US (*Прво храна*, американска хумана организација за помош на гладните)

способностите и продуктите со кои се пласираме сами себе на пазарот. Обесправеноста е последица на обезвреднување на човечкото битие. Човекот кој се перцепира како сиромашен живее во стрес, срам, депресија и општествена изолација (гето или каста). Политички се изолира: има мала моќ да донесува одлуки за себе и за она што го засега. Висока е изложеноста на болести, криминал и токсична средина; образованието е луксуз и нема мноштво животни алернативи. Третиран е како безвреден, та и сам почнува така да се третира и однесува. Вредностите и достоинството може да ги смета за пречка во преживувањето. Редовно е понижуван и обесправен; болната свест за зависност од туѓата волја и милост му ја уништуваат самопочитта[2]. Сиромаштијата значи висок степен на немоќ да се стори штогоде за себе и за својата околина. Стереотипот го опишува како мрзелив, глупав и неспособен, се претпоставува тенденција кон девијантно однесување и криминал, но и сфаќање дека сиромавиот сам е виновен за својот јад. Сиромаштијата се перцепира и пласира како несакан проблем, и тоа туѓ.

Сепак, сиромаштијата е само видлив симптом, а не вистинската болест. Во системот и на неговата болест активно учествува секој поединец, од најмоќниот до најнегледниот. Прашањето е како, со кои вредности и нефункционални односи во личниот живот и локалната околина, секој од нас ја поддржува сиромаштијата. Проблемот на сиромаштијата не може да се реши со концентрирање само на загрозените, туку и на оние кои загрозуваат: а сите, во некоја мера, сме загрозени и загрозуваме. Првото, иако не и најдлабокото, системско ниво кое ја произведува глобалната сиромаштија се патиштата на богатството во светот: имотни се оние кои ја создаваат и поддржуваат сиромаштијата.

Гладот, тој страшен симптом, не потекнува од немаштијата, тој е создаден од имашноста. За илустрација: најимашната петтина од популацијата, која живее претежно во индустријализираните земји, контролира 85% од глобалните приходи, додека најсиромашната петтина живее на само 1.4%. Десетте најбогати Британци се исто толку богати колку и 23 сиромашни земји со преку 174 милиони луѓе. “Ваквите статистики не се случуваат само така, туку отсликуваат кражба на големо ниво”, вели Годреј[3]. Махатма Ганди посочил дека штом богатството на една земја како Британија се темели на ограбување на речиси половина од светските ресурси, би ни требале уште неколку светови за сите земји да располагаат со истото богатство. Малубројната богата популација на светот станува преголема за него. Овие луѓе го искористуваат, толерираат и поддржуваат неповратното труење на исцрпливите природни ресурси во светот. Ова се луѓето кои влијаат на клуч-

---

[2] Потребата за почит котира изненадувачки високо на листата на потреби на сиромашните. Морин Робертс пренесува што најсиромашните од нејзината област и повторуваат: „... најголемото човечко зло не е гладот или неписменоста, не е ниту невработеноста. Најголемото од сите зла е да знаеш дека не вредиш ништо, до степен што дури и твоето страдање се игнорира. Најлошиот удар од сите е презирот на твоите сограѓани“. (*Нов интернационалист,* број 310: *Моќ: Предизвик кон митот*)

[3] Динијар Годреј, ко-уредник на *Нов интернационалист,* број 267: *Глад во светот на обилие,* 1995.

ните трговски одлуки во светски рамки, а следствено ги манипулираат политиката, правосудството, војните и пропагандата, за да ја пласираат својата алчност и неодговорност како доблесна и пожелна за жртвите. Доста е веројатно дека најголем дел од сиромасите би се однесувале исто на нивно место. Истата негрижа и прелага се гледа секојдневно, единствено со помала моќ и опсег, и кај небогатиот човек.

Со ваков систем на (без)вредности се ограничуваат алтернативите на патот на човештвото, што е патот кон самоуништувањето. Системските решенија подразбираат отворање на алтернативи и моќ на нивно спроведување. Сиромаштијата, во овој поглед, е политичко прашање, но денешната пласирана демократија, во служба на капитализмот, работи само за оние со пазарна моќ, додека другите се исклучени. Во сегашноста, „најдемократските" држави се најодговорни за ова систематско и свесно поддржување и продлабочување на сиромаштијата. Можеби наместо со олеснување на сиромаштијата, би требало да се сконцентрираме на проблемот на обогатувањето и моќта? Или на сопствените вредности:

Парите се симболична *квантитативна* замена за „исполнувачи на потреби". Тие се обид да се измери *квалитетот* според заеднички мерила. Некако секогаш при таков обид се уништуваат апстрактните вредности кои се суштински немерливи: човечноста, исполнетоста, среќата, љубовноста, и сл. Повторно ги мешаме целите и средствата: на пример, се концентрираме на стекнување на пари, но ретко размислуваме за што всушност ни требаат. Купуваме автомобил за да си купиме драгоцено време; со куќата се купува приватен простор; со книгата - знаење; со мобилниот телефон - комуникација; со лебот - здравје. Плаќаме за *посредникот*/носител на вредноста, а не за самата *вредност*. Маркетиншката машина се обидува да нè попречи да се стекнеме со суштинската вредност (време, знаење, комуникација, простор, приватност, здравје) без посредникот/носител (автомбил, куќа, книга, телефон, леб). Си овозможуваме повеќе животни алтернативи кога се сосредоточуваме на вредностите, а не на посредниците/носители - последниве можеби можат и да се прескокнат. Задоволството е најсилен адут против пропагандната мелница на перцепцијата.

## Две сиромаштии

Сиромаштија е кога основните потреби се поголеми од можноста за нивно задоволување. Се смета дека *основни потреби* се: простор, топлина, светлост, вода и доволно храна, а некои додаваат здравствени услуги и основно образование. Покрај нив, постојат стекнати и апстрактни потреби. Основната моќ на економскиот и политички маркетинг лежи во креирање на вештачки, *стекнати потреби*, а неразликувањето помеѓу маркетингот и реалноста не води кон функционален светоглед. *Апстрактните потреби,* за разлика од останатите, се немерливи: говорат за квалитет, кој не е мерлив или споредлив. Оваа група се обраќа кон етиката, култу-

рата, чувствувањето и свеста. Финансиската немаштијата не е фактор кој го уништува квалитетот на живеење, ниту обилието го создава. Квалитетот, посветувањето на исполнување на апстрактните потреби е сопствен избор.

Обединетите нации разликуваат помеѓу следните мерила за сиромаштија: *апсолутна* (се дефинира според еден апсолутен минимален стандард, наречен „линија на сиромаштијата"), *релативна* (и посиромави и побогати сме од некого друг), *приходна* (пр. помалку од долар дневно), *човечка* (зема предвид и други фактори, како долговечност, неухранетост, неписменост, екологија) и *основна* (покрај парите, вклучува вработување и удел во општеството). Секое од овие мерења се темели на истиот вредносен систем кој и ја создава сиромаштијата на прво место; ова е систем на квантитет, на мерливи категории, кој не го препознава и однапред го исклучува квалитетот како фактор.

Текаекера, еден од авторите на *новиот интернационалист,* дава убава илустрација на разните перцепции на сиромаштија. Истерхаус во Глазгов наводно се смета за најсиромашното место во Европа, што е забавно: овие луѓе имаат каде да спијат, имаат струја, топла вода, фрижидери, шпорети. Ваквите услови во Индија ги има средната класа. Адивасите, целна група на една светска асоцијација за само-организирање на сиромасите, се племе од планините Нилгири во државата Тамил Наду во Индија. Толку се сиромашни што и градските сиромаси на нив гледаат со презир и ги сметаат за најдолни од најдолните. Замислете ваква слика: жена од далеку влече вода до својата колиба; струја не постои; секој ден се собираат гранки за да се свари грст ориз за семејната вечера. Сепак, оние во Глазгов се обидуваат, но не можат да најдат работа со години. Обесхрабрени се, депримирани, често алкохоличари. Немаат самопочит. Емотивно и ментално им е далеку полошо од индиските сиромаси, иако живеат во поголема физичка погодност. Имаат помалку надеж и способност за среќа и од Индијците, кои гребат по ѓубриштата за да продадат штогоде изгледа вредно.

Со помош на истата добротворна организација, Адивасите се сретнале со една група Абориџини: Индијците биле потресени од австралиските искуства, за деца оттргнати од своите семејства, намерно расфрлани по континентот, за систематски уништуваната култура, за белиот третман на обоените. „Кутри луѓе", - бил коментарот на Адивасите. „Колку страдале! Нашите проблеми не се ништо во споредба со она низ што Абориџините минале". Адивасите ја посетиле и Германија: „Убаво што бевме таму," рекол еден, „но јас не би можел да живеам така". Не можеле да сфатат како парите се заработуваат за да се пратат родителите во старечки дом, како толку многу да се работи за да не се биде со сопствените деца. „Парите сами не ти даваат живот. Ќе се исушиш и ќе умреш". На потресените меѓународни експерти им појасниле: „Се работи за она што за вас вреди. Кога сè се вреднува според пари, секој се мери според оние кои имаат пари.

Но ако на друг начин ги вреднуваме луѓето, сиромашните се оние кои се богати...” Адивасите имаат јасна претстава за своето богатство: „Нашата заедница, нашите деца, нашата слога, културата и шумата со која живееме”. На нивната листа на вредности парите воопшто не се спомнуваат. Не се сфаќаат себеси како сиромаси. Само како луѓе без пари. Што ли би рекле за американската прозак-култура? Можеби ние, Македонците, сме емотивно и етички поблиски со Адивасите.

## Беда

Сè уште живееме побогато од многу Африканци, Индијци, Кинези, бивши СССР-овци, Латиноамериканци и други непопуларни народи и раси. Дел сме од светот и колективното осиромашување во кое тонеме е знак на придружување кон светските токови. *Процесот* на осиромашување е полош од самата сиромаштијата: на нашите простори се промени светот, вредностите и начините на функционирање. Овој шок боли, и голем дел од популацијата не е способен или одбива да земе удел во промените и да создаде нов, сопствен свет. Парична помош може да се даде, може да се обезбедат олеснителни социјални погодности и економски поволна средина за инцијатива, но луѓето потешко се менуваат. Отпорот кон создавање на нова перцепција на светот и отпорот кон лична промена ни се, изгледа, вистинските душмани. Лудо е да се очекува дека светот ќе се приспособи кон нас.

Сепак, неповолните животни услови се најмило и најбесцелно оправдување за пасивноста и животна неодговорност за сопствената (не)среќа. Најголем дел Македонци, посебно оние генерации кои во втората животна половина го доживеаја распадот на Југославија, ментално сè уште живее во еден денес нефункционален светоглед и очекуваат стварноста така и да се однесува. Кога светот одбива да се приспособи кон нашата имагинација, следи болка, фрустрација, обвинувања и играње жртва. Сè уште трпиме од старата навика на зависност од државата да нè вработува сите по ред, без разлика на нашата (не)способност и (не)образование. Не сме ефикасни, работливоста е речиси срамота, а квалитетот на сработеното небитен. Не умееме да работиме во тимови и не ги ставаме целите на групата пред сопствените себичности. Од СФРЈ наследивме општа и основна неодговорност кон сопствената и заедничката (не)среќа.

Покрај пасивноста и неодговорноста, не нè мачи нас толку сиромаштијата, колку бедата. Бедата е емотивен и етички поим, кој, ставен во практика, уништува. Бедата се однесува на срцето и совеста на човекот, на душата и духот - нешта немерливи и затоа безвредни од гледна точка на парите. „Тоа е беден човек” значи „човек без етика, без совест”. Од друга страна, „се чувствувам бедно” значи „понижен сум, обезвреднет со мое или туѓо дело”. Често ги мешаме овие поими и многу болка си нанесуваме така. Сиромашните се срамат од својата беспарица, а бедните се гордеат на својата неетичност. Срамот е симптом на совест.

Сиромаштијата може да се излекува, бедата тешко. Гладот на сиромашниот има крај. Бедата значи незаситна глад: по секоја цена да се земе сè, да се граба и да се уништува она што не може да се поседува, да се попречуваат другите во имање и да се игра на гладот на другите, дали вистински или беден. За внатрешната беда светот е само плен, а луѓето се мерат според моќта на грабеж. Бедата е постојан неуспешен напор да се засити една внатрешна празнина со надворешни супститути. Сиромаштијата не е срамота, бедата е. Бедата е внатрешна провалија која ниедно богатство не ја лечи. Широкоградоста и човекољубивоста не зависат од приходот, имаме многу бесценетости кои, и најсиромашни, можеме да ги подариме; нешта невидливи за парите, а сепак живот значат. Како надеж, на пример, или поттик, пријателство или верба во другиот. Животот и љубовта со блиските, времето на нега кое си го посветуваме еден на друг е бесценето. Ова се нешта на активен избор.

## Контра-култури на сиромашните

И бедата и пасивноста, два клучни фактора на сиромашноста, се избор. Успехот, исто така, е избор: во Македонија има очигледни промени. Наспроти напорите на политичката мафија, малостопанството се развива и здравиот трговски дух на конкуренција, квалитетот и способностите стануваат етичка и професионална категорија. Во образованието сме доволно отворени кон странство; новите генерации имаат шанса да се стекнат со интернационално образование во Македонија, а веќе постои генерација на алумни, повратници во земјата. Овие имаат можност да создадат своја синтеза на најдоброто од Западот и од Македонија. Очигледно, начинот на работа на Западот е далеку поуспешен: од таму можеме да научиме самозависност, ефикасност, јасно формирање на цели, стратешко планирање, менаџмент; можеме да ја засакаме нужноста од целоживотно учење и професионален перфекционизам, јасни работни односи и одговорности, способност систематски да се работи на детали во рамки на големата слика и свест за лична одговорност кон заедницата.

Не е нужно да се прифати западната култура на незадоволеност: ова наметнува беспотребно потрошување, постојано раснечки барања и угледување на „успешните", етички и емотивно токсични примери. Потрошувачката култура ги уништва апстрактните вредности, бидејќи овие не се контролираат и им даваат чувство на задоволство на луѓето: спокојството го уништуваат натпреварувачкиот дух и гладот за консумација. Контра-културите на сиромашните се темелат на едноставност и доволност, на имање мера. Од друга страна, од Македонија би станала безлична земја ако го загубиме срцето, топлината, ценењето на меѓучовечките односи, животниот ентузијазам и инвентивноста во начините на живеење и преживување, радоста на малите нешта, искрената смеа, необичната способност за среќа. Она што ја прави разликата.

## Длабокото лице

Дали постојат статистики за среќа? Македонија, како и другите сиромашни земји, не заостанува во способноста за среќа. Среќата е во малите нешта. Нив ги имаме постојано и сè уште - гест на пријателство, мала љубезност, убав ден, незаборавно лице во минување, случајна музика која нè допира, водење љубов со милиот човек. Сè ова е бесплатно и финансиски сосем некорисно, а ја прави разликата помеѓу квалитетен живот и смртна беда. Навистина, не е лесно да се мисли на квалитет на гладен стомак, без струја и греење. Не е лесно да се гледаат сопствените деца како растат без нештата кои сме сонувале да им ги дадеме. Боли, и често изгледа дека не ќе биде подобро и дека ништо не можеме да сториме со тоа. Болката сама по себе не е зла: само нè соочува со некоја подлабока вистина и нè повикува на делување. Нè повикува на промена и на нов избор, на преиспитување на сопствените вредности и безвредности, на уредување на сопствените односи кои сме ги игнорирале и запоставиле. Бираме и делуваме. Ако сиромаштијата нè тишти и се чувствуваме беспомошни во заедницата, можеме да се сконцентрираме на она што практично зависи од нас и ни е интимно вредно: можеби, развивање на сопствените способности, на иницијативноста, на умешноста да се создаваат решенија и алтернативи; покрај тоа, разбирањето, создавањето, луѓето, културата, комуникацијата, градењето односи. Бисерот и во калта, па и изеден од свињите, останува бисер и продолжува да се однесува како бисер. Градењето на бисерот во себе е избор кој го правиме во секој миг и за секој аспект на своето постоење. Да внимаваме што негуваме и расне ме во себе: со тоа ќе живееме и ќе умреме, и тоа ќе им го оставиме на оние што ќе нè помнат.

Можеме да ја искористиме сиромаштијата како позитивна мотивација за промена, ѕвонче кое нè оттргнува од сонот на самозадоволството. Осиромашувањето дури може да ни го даде и дарот на волните аскети: свеста дека слободата и суштината лежат на друго место; свеста дека постои нешто повеќе. Сиромаштијата може да се види и како едно лице на слободата, во која „немаме што да изгубиме”. Квалитетот не е нешто што може да се одземе, ниту да се изгуби; убавината не создава пари, туку ослободеност. Наш избор е во што гледаме и според што бираме, делуваме, се градиме и живееме. Подлабокото лице на слободата може да е поведро и насмеано.

# Глобализација на сиромаштијата

м-р Жанета Стојкова

Во ерата што следеше по завршувањето на Студената војна, непреседентните економски и социјални кризи што се јавија доведоа до рапидно осиромашување на голем процент од светската популација. Сведоци сме на секојдневното колабирање на бројни национални економии и зголемување на невработеноста, како и на ерупцијата на глад во Африка, Јужна Азија и делови од Латинска Америка. Оваа „глобализација на сиромаштијата"[1] беше иницирана во земјите од Третиот свет, притоа совпаѓајќи се со економските кризи во раните 1980-ти и со наметнувањето на „смртоносните" економски реформи на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ).

Новиот светски поредок започнувајќи од 1990 година, го прошири своето дејствување во сите поголеми региони во светот вклучувајќи ја Северна Америка, Западна Европа, земјите на таканаречениот бивш Советски блок и новите индустриски земји[2] од Југо-источна Азија и Далечниот Исток.

Оваа светска криза ќе изврши опустошувања од поголеми размери компарирано со *големата депресија* во 1930-те години, затоа што евидентно е постоењето на гео-политички импликации, додека пак, економската дислокација е придружувана од избувнување на регионални војни, раслојување на општествата и, во некои случаи, деструкција на цели држави. До сега, оваа е најсериозната економска криза во модерната историја на човештвото.

Делегатите присутни на Светските економски форуми (WEFs), во изминативе години, директно се судрија со две комплементарни но контрасни прашања, и тоа: од една страна, „војната против тероризмот" и од друга страна, потребата за премостување на длабокиот јаз помеѓу богатите и сиромашните. Исто така, прашање од голем интерес за развиените земји е креирањето на алтернативни решенија за извлекување на успешните економии од преголемиот процент на невработеност и трошоците за администрацијата, во кои се наоѓаат. Заклучокот до кој се доаѓа е повеќе од јасен: со давањето на повеќе пари на сиромашните, преку директна помош или скратување на долгот кој тие го имаат, нема да се реши главниот проблем кој се јавува во земјите во развој т.е. ескалирачки процент на смртност предизвикан од глад или болести, ако притоа не се подобри балансирањето на целосното производство на храна *vis-à-vis* бројот на светското население.

[1] Види: Michele Chossudovsky, *The Globalization of poverty and New World Order*, second edition, Global Outlook, Ottawa, Canada, 2003.

[2] "Newly Industrialized Countries" (NICs).

*Пример:* Во 1989 година во Источна Европа бројот на населението кое се наоѓало под долната црта на сиромаштијата, живејќи со 4 USD дневно изнесувал 13,6 милиони луѓе, додека пет години покасно тој број се зголемил за пет пати. Тие коишто пред транзицијата имале малку, сега имаат уште помалку. Најголемите губитници во целото сценарио се фамилиите со деца. Во 1997 година било проценето дека 37% од фамилиите со две деца живеат во сиромаштија, секоја втора фамилија со три деца и 72% од фамилиите со повеќе од четири деца[3].

Бројот на луѓето кои живеат во сиромаштија се зголемува секојдневно, листата на земји во кои нивните граѓани живеат во сиромаштија, очај и безнадежност е предолг. Од тие причини, проблемот на премостувањето на јазот помеѓу богатите и сиромашните не може да биде решен без активна политика на планирање на семејството во пренаселените сиромашни области, комбинирано со перманентни инвестиции од големи размери во областа на производството на храна, но во рамките на еколошките ограничувања.

Зголемувањето на сиромаштијата во последните години не е резултат на осиромашувањето на светот како целина, напротив, таа се јавува како резултат на диспаритетот во распределба на светската заработувачка. Се јавува значителен пораст на неднаквоста како помеѓу земјите во светот, така и во рамките на самите земји. Крајната цел во борбата против сиромаштијата не може да се постигне ако денешните економско-политички ентитети на светската сцена не ја сменат својата агенда, ако не го постават човекот во фокусот на развојот т.е. ако не почнат да градат пристап кон развојот базиран на човековите права.

Промоторите на глобализацијата тврдат дека и покрај нееднаквоста и конфузностите кои потекнуваат од неа, глобализацијата сепак е обединувачка сила, нудејќи им работа на сиромашните насекаде во светот. *Pavel Kollar*[4] елаборирајќи ги последиците од процесот на глобализацијата, во својот есеј *"Globalization pro and contra"* ги изнесува следниве аргументи *contra* глобализацијата, и тоа: пораст на не-еднаквостите[5], намалување на работните места и платите, создавање на casino-економии[6], загадување на животната средина[7], деструкција на заедниците, и загрозување на постоечката демократија.

[3] Види: Mirjana Dokmanovic, représentante de l'Ong Women's Center for Democracy and Human Rights en Serbie et Montenegro, intervenait le jeudi 13 novembre à la plénière « Quel future pour l'Europe de l'Est et la Turquie ? ». Интернет верзија: http:// www.penelopes.org/xarticle.php.

[4] Види: Pavel Kollar, *Globalization, pro and contra*, 24 January 1997. Интернет верзија: http:// www.ddl.org/figtree/annual-review/ anrew99/ Annual%20Review%2099.pdf.

[5] Види: International Billionaires, the World's Richest People, *Forbes Magazine,* New York, annual, интернет верзија на: http://www.forbes.com/ во кој може да се забележи дека, *Global Billionaires Club* (447 билионери) има вкупен приход кој го надминува вкупниот GDP на најсиромашните држави кои опфаќаат 59% од светско население.

[6] Владата на САД и Светската банка вршат латентен притисок над земјите во развој да ги отворат своите берзи и финансиски пазари за странскиот капитал, со тоа претворајќи ги економиите на земјите од Третиот свет во казина.

[7] Развојот на Кина, Чиле, Индонезија и Филипините е комбиниран со сечење на шумите, риболов повеќе од дозволениот, рапидно ископување на минералите и загадувањето на земјата со агро-хемикалии.

Следејќи ги анализите извршени од страна на Светската банка и ММФ, како и од бројни приватни аналитичари, евидентен е фактот дека, на секое зголемување на приходот во сиромашните земји за 1 USD се забележува зголемување на приходот во богатите земји за повеќе од 1 USD. Резултатот од сето тоа е продлабочување на јазот помеѓу двете категории. Овој јаз би можел да биде редуциран само при промена на улогите. Богатите земји, во прվиот случај, се инвеститори, добивајќи камата од нивните инвестирани средства - тие се во улога на заемодавачи. Сиромашните, пак, се во улога на позајмувачи. Тие позајмуваат пари од богатите под определени услови кои им дозволуваат да заработат доволно за да ја вратат основицата и каматата. Меѓутоа, во реалноста, заработувачката не достигнува ниво потребно за враќање на позајмицата и истовремено, создавање на резерви на капитал кој би се искористил за понатамошни вложувања. Имајќи предвид дека враќањето на позајмицата е обврзувачко, заемодавачот ќе заработи (камата), но не и позајмувачот. Богатите се побогати затоа што тие располагаат со повеќе средства отколку што им е потребно. Сиромашните се уште посиромашни затоа што ним им се потребни повеќе пари отколку оние со кои што располагаат. Сиромашните можат да го разбијат овој магичен круг на сиромаштија само ако креираат некој вид на баланс помеѓу потребата и набавувачката на парите. Меѓутоа, за да се постигне ова сиромашните земји треба да го одберат патот на побавен развој и изолација[8].

Од тие причини борбата против сиромаштијата *eo ipso* бара промена на актуелните трендови на економската глобализација, наметнувајќи ја одговорноста на меѓународните актери и развивајќи економски алтернативи кои би се базирале на солидарност и човекови права, притоа водејќи сметка за потребите на повеќето маргинализирани групи. Ефективната политика за борба против сиромаштијата не е можна без отпор кон неолиберализмот, и истовремено развој на глобалната политика која би била базирана на демократија и владеење на меѓународното право, наметнувајќи меѓународни стандарди и обврски на сите интернационални актери вклучувајќи ги транснационалните корпорации и финансиски институции. Борбата против сиромаштијата не е можна без развој на фискална и правна рамка која би ја редуцирала социјалната нееднаквост и би креирала услови за постоење на социјално одговорна економија. Тоа во себе вклучува градење на ефективни механизми на меѓународно, регионално и локално ниво за почитување, гарантирање и заштита на економските, социјалните и културните права, и нивната неделивост од политичките и граѓанските права. Процесот на развој е невозможен без активно учество на сите социјални групи во формирањето на економската политика и демократскиот процес. Недискриминацијата и свртувањето на вниманието кон

[8] Види: Pavel Kollar, *Globalization, pro and contra*, 24 January 1997.

вулнерабилните групи треба да бидат основни принципи на кои би се базирала државната политика.

## Социјална поларизација и концентрација на богатството

Во земјите, популистички нарекувани, на Југот, Истокот и Северот, мали привилегирани социјални групи го акумулираа најголемиот дел од богатствата на тие земји за сметка на мнозинството од населението. Новиот интернационален финансиски поредок хранејќи се со светската сиромаштија и деструкцијата на природната средина, генерира социјален апартхејд, го поттикнува расизмот и етничката борба и ги маргинализира човековите права и основни слободи. Овие реформи - применувани симултано во повеќе од 150 земји во светот - се спроведувачи на „глобализацијата на сиромаштијата", процес кој ги еродира нормалните услови за живот на луѓето и го уништува граѓанското општество во земјите на Југот, Истокот и Северот.

## Економски геноцид

Структурното приспособување води кон форма на „економски геноцид" кој се применува преку свесни и намерни манипулации на пазарните сили. Компарирајќи го овој феномен со претходните фази на колонијалната историја (т.е. принудното работење и ропството), неговиот социјален импакт е застрашувачки. Програмите за структурното приспособување го погодуваат директно животниот стандард на повеќе од пет билиони луѓе. Примената на програмите за структурното приспособување во поголем број на задолжени земји ја фаворизира интернационализацијата на макро-економската политика под директно туторство на ММФ и Светската банка, кои дејствуваат во име на моќните финансиски и политички интереси (т.е. Парискиот и Лондонскиот клуб, Г7). Оваа нова форма на економска и политичка доминација - формата на „пазарниот колонијализам" - ги субординира како луѓето, така и владите преку навидум „неутралните" меѓусебни односи на пазарните сили. Во ниеден период од светската историја, слободниот пазар не играл толку значајна улога во решавањето на судбината на суверените држави.

## Уништување на националните економии

Реструктуирањето на светската економија под водство на финансиските институции концентрирани во Вашингтон, ја негира можноста за изградба на националните економии на земјите во развој, од причини што, интернационализацијата на макро-економската политика ги трансформира земјите од Третиот свет во отворени економски територии додека, пак, националните економии ги трансформира во „резерви" на евтина работна сила и природни ресурси.

Во срцето на системот на глобална економија лежи нееднаквата структура на трговијата, производството и кредитирањето, кои ја дефинираат улогата и позицијата на земјите во развој  во системот на глобална економија.

Денес, бројот на светското население изнесува 6 милијарди, од кои пет милијарди луѓе живеат во сиромашните земји. Од друга страна, богатите земји (на кои отпаѓа 15% од светската популација) контролираат околу 80% од вкупниот светски приход. На групата *„low-income countries”* (вклучувајќи ја Индија и Кина), која опфаќа 60% од светското население т.е. 3,5 милијарди луѓе отпаѓа 6,3% од вкупниот светски приход (помалку од GDP на Франција и нејзините прекуморски територии). Заедно, на земјите со низок и среден приход (вклучувајќи ги поранешните социјалистички држави), кои претставуваат 85% од светското население им отпаѓа отприлика 20% од вкупниот светски приход. (Табела 1)[9].

Фрапантни се и следниве бројки, и тоа: вкупниот неисплатен долгорочен долг на земјите во развој во 1970 година изнесувал вкупно 62 билиони US$. Во 1980 година овој број се зголемил за седум пати и изнесувал вкупно 481 билиони US$. Според статистиките, во 1998 година, вкупниот неисплатен долгорочен долг на земјите во развој изнесувал 2 трилиони US$, односно се зголемил за 32 пати од оној во 1970 година[10].

**Табела 1 Распределбата на светското население и приход (1998)**

| | Население (милиони) | Дел од светското население (%) | Приход *per capita (vo US$)* | Вкупен приход (милјарди US$) | Дел од светскиот приход (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Земји со низок приход | 3 515 | 59.60 | 520 | 1 828 | 6.30 |
| Земји со среден приход | 1 496 | 25.40 | 2 950 | 4 413 | 15.30 |
| Вкупно-сиромашни земји | 5 011 | 85.00 | 1 250 | 6 264 | 21.60 |
| Суб-Сахарска Африка | 628 | 10.60 | 480 | 301 | 1.00 |
| Јужна Азија | 1 305 | 22.10 | 430 | 561 | 1.90 |
| Кина | 1 239 | 21.00 | 750 | 929 | 3.20 |
| Бивш СССР и Источна Европа | 395 | 6.70 | 1 965 | 776 | 2.70 |
| Вкупно-Трет свет | 4 616 | 78.30 | 1 180 | 5 447 | 18.90 |
| Вкупно-Богатите земји* | 885 | 15.00 | 25 510 | 22 576 | 78.30 |
| OECD** | 932 | 15.80 | 20 853 | 19 435 | 67.40 |
| Вкупно-цел свет | 5 897 | 100.00 | 4 890 | 28 836 | 100.00 |

*Извори*: Светска банка, *Извештај за светскиот развој 1999/2000*
* Богатите земји се оние земји кои имаат висок приход.
** Вклучени се Турција и Мексико.
*Забелешка*: Вкупно - сиромашни земји се збир од земјите со низок и среден приход. Вкупно- Трет свет земји се земјите во развој со исклучок на земјите на бившиот СССР и Источна Европа.

[9] Види: World Bank, *World Development Report*, 1999/2000, Washington DC, 2000, стр.230-231.

[10] Види: World Bank, *World Debt Tables*, Washington DC, 1999, табела 3.1.

## Светска невработеност

Голем број на региони во светот, иако не се активно вклучени во глобалната економија на евтината работна сила, сепак претставуваат значителни „резерви” на истата, кои пак играат важна улога во регулирањето на трошоците на работната сила на светско ниво. Во случај на појава на движења на работниците во земјите од Третиот свет кои вклучуваат социјален притисок за зголемување на платите, транснационалниот капитал може лесно да ги пренасочи производствените капацитети кон алтернативни локации на евтина работна сила. Со други зборови, детерминацијата на нивото на националната плата во земјите во развој не зависи само од структурата на националниот пазар на трудот, зависи и од нивото на платата која преовладува во конкурентните локации на евтина работна сила. Од тие причини, нивото на трошоците е детерминирано од постоењето на глобални резерви на евтина работна сила, составени од невработените во различните земји. Ова *per se* ја обусловува интернационалната миграција на продуктивен капитал во иста гранка на индустријата од една земја до друга, т.е. меѓународниот капитал се движи низ пазарите на трудот од една до друга земја, во потрага по најоптимални услови.

Светската невработеност станува „лост” на глобалната акумулација на капитал, која пак ги регулира трошоците на трудот во секоја од националните економии. Масовната сиромаштија ги регулира меѓународните трошоци на трудот.

Глобализацијата на борбата против сиромаштијата е фундаментална, притоа изискувајќи степен на солидарност и интернационализам непреседентни досега во светската историја. Глобалниот економски систем, кој постои денеска, доведува до социјални поделби како помеѓу различните земји, така и во самите нив. Користејќи ги зборовите од една шпанска народна изрека *„Патнику, патишта не постојат, тие се создаваат одејќи”* за крај би заклучиле дека, за да се оствари целта што ја имаме зацртано пред себе покрај фундаменталното единството во целите и координацијата во преземањето на определени мерки помеѓу различните групи и социјални движења на светско ниво, потребна е и доверба помеѓу сите актуелни субјекти во сите поголеми светски региони во решеноста за елиминација на сиромаштијата.

# Сиромаштијата на агендата на социјалните форуми - самрак или зазорување

Миша Поповиќ

Сиромаштијата е еден од најголемите проблеми на денешницата. Природата на овој проблем е повеќестрана и иако, пред сè, сиромаштијата ја подразбираме како социјален проблем, таа се однесува и на политичката и економската сфера. Можеби ваквата поделба на сфери и не е соодветна, посебно кога се дискутира за ваквите феномени. Тоа што претставува слабост на научните расправи, веројатно е таквата перспектива, каде општествените феномени се одделуваат и поделуваат, па од хоризонтот на набљудувањето се губи меѓузависноста. А, сиромаштијата денес, е плод токму на тоа – функционирањето на современите општествени системи, гледани како целина на она што се нарекува: политички, економски и вредносен систем, култура итн.

Актуелните доктрини, применувани во различните држави не успеале да го решат овој проблем. Тие дури и го продлабочуваат, што е очигледно имајќи ја предвид застрашувачката диспропорција на „оние кои имаат” и „оние кои немаат”.

Доколку така може да се гледа, најгорлив проблем со сиромаштијата имаат неразвиените земји, земјите од Третиот свет популарно наречени економски „Југ”. Тие се место каде најголемиот број, во огромен процент, од сиромашните живеат, каде можеме да ја „опипаме” сиромаштијата.

Очигледно е дека не постои интерес да се реши овој проблем. Државите и меѓудржавните институции или работат на разгорување на овој проблем, или пак, нивното ублажување на сиромаштијата се сведува на хуманитарна помош, а не суштинско решавање на проблемот.

Политички насочена против системот, светската „левица”, главно во рамките на цивилните општества и интернационално обединета во глобалното цивилно општество, ја наоѓаат алтернативната глобализација како едно од решенијата за проблемот на сиромаштијата. „Левицата”, денес, за главен виновник за повеќе проблеми, вклучително и сиромаштијата, ја смета „глобализацијата”. Онака како што се остварува денес, таа концентрира огромна моќ во релативно мал број центри[1], што само по себе ја изискува потребата да се побара алтернативна форма на неминовниот процес на „транс-национална интеграција”.

Како една од институциите на глобалното општество опстојува

[1] Актуелната форма на процесот кој што го нарекуваме „глобализација”, е чиста негација на изворната смисла на поимот, па така, потребно е изнаоѓање на нов термин, кој подобро ќе ја опише суштината на реалните процеси на „глобализација”. Моменталното решение е употребата на поимот „алтерглобализација” за вистинската суштина на глобализацијата.

„социјалниот форум". Поточно е да се определи како квази институција, бидејќи функционира токму на принципот на форумско собирање на организациите и движењата, во некој момент и на некое место. Социјалниот форум, во таа смисла, е повеќе збир на организациите, отколку организирано тело.

Социјалниот форум, потекнува од потребата, „левицата" да се организира подобро во борбата против центрите на моќ. Форумот е директна последица на отпорот на некои социјални движења против постоечкиот систем кој генерира неправда. Така, како пандан на конференциите на Светската трговска организација, Меѓународниот монетарен фонд, Г-8, се појавија форумите на движењата кои одлучно (или не) се спротивставуваат на налетот на новиот политички прагматизам, неолиберализмот, војната или глобализацијата. Во декларацијата на Светскиот социјален форум, се вели:

> *„Светскиот социјален форум е отворено собиралиште за рефлективно размислување, демократска дебата на идеи, формулирање предлози, слободна размена на искуства и поврзување за ефективна акција, од групи и движења на цивилното општество, кои се спротивставени на неолиберализмот и доминација на капиталот врз светот или каква било форма на империјализам, и се посветени на изградба на светски поредок центриран на човечката личност..."*

Овие ставови се во континуитет делови од декларациите на социјалните форуми кои се случуваат насекаде низ светот. Тие потекнуваат од оригиналниот манифест на Светскиот социјален форум во Порто Алегре, кој неколку години по ред ги собираше најразличните организации и движења. Тој, воедно беше меѓу првите, ако не и прв, случај на едно такво форумско, на високо ниво и со голем буџет, организирано собирање.

Во фокусот при ваквите собири, кога се разгледуваат прашањата од сферата на сиромаштијата, односно социјалната и економска нееднаквост, влегува првенствено економијата т.е слободната трговија, приватизација и екологија, финансиите, сето тоа подведено под „неолиберализам". А при секоја расправа на овие теми, неодминлива е анализата на работата на ММФ, Светската банка, СТО, односно меѓудржавните организации од финансиски карактер. Во таа смисла, овие институции се сметаат за главни играчи на „глобализацијата" и се под постојан напад на алтерглобалистите. Сето тоа избувна во Сиетл, продолжи во Џенова, Канкун и продолжува и понатаму. Конференциите на финансиските институции се во постојана потрага на сè помалку достапни места, за движењата кои им се спротивставуваат да останат далеку од очите на мејнстрим медиумите.

За што, всушност, се обвинети овие организации? Нивните активности се сметаат како пречка на развојот на неразвиените земји, што директно влијае на продлабочувањето на економскиот и социјален

јаз помеѓу Северот и Југот. Меѓу другото, ова се однесува и на сиромаштијата. Тие одигруваат голема улога во структурирањето на глобалната економија, каде доминираат мултинационалните компании, и моќните држави кои ги штитат интересите на овие корпорации. Така, „глобализацијата" е лишена од демократичност и правда, и станува инструмент преку кој богатите уште повеќе се збогатуваат, а сиромашните осиромашуваат. Дојде „крајот" на историјата, победи една алтернатива, па така, во „пост-историското" глобално општество, останатите треба структурно да се приспособат кон Северот. Во тој поход, се раѓа некоја нова форма на колонијализам, комплетна зависност на Југот. Тој заостанува, постојано, а тоа всушност служи како хуманитарна помош за ублажување на противречностите во рамките на развиените држави.

Оние кои ги анализираат причините за сиромаштија, а припаѓаат на левицата, на некој начин алтерглобалисти, ги сметаат политиките на ММФ и СБ за „структурално приспособување" како еден од факторите на сиромаштијата денес. Земјите од Третиот свет, во долгови и неразвиени, се економски зависни од донациите и програмите на овие финансиски институции. На тој начин, се обезбедува контрола врз земјите од Југот, се контролира зависноста, а најмногу од сè, се профитира врз нивната ситуација.

Како? Во кратки црти, неолибералната агенда која ја наметнуваат ММФ и СБ, се содржи од: намалување на државата, приватизација, либерализација на економијата, елиминација на субвенции и определени регулативи. За да ги отплатат сопствените долгови, сиромашните земји мора да извезуваат. Бидејќи станува збор за земји во развој или неразвиени земји, во голема мерка тие извезуваат ресурси, а не готови производи. Одржувањето на доволен број земји во развој, обезбедува ресурсите да бидат евтини, што единствено им одговара на развиените земји, кои, пак, главно произведуваат и извезуваат готови производи, кои се поскапи. Врз приватизираната економија, веќе нема контрола минималната држава, која во потрага по средства за да го врати долгот, се обидува да направи поволни услови за странски инвестиции, се бришат определени регулативи и стандарди (главно се намалуваат работничките права или слични права). Во потребата да го враќа долгот, субвенциите на храна и вода полека ги снемува, јавната потрошувачка постојано се намалува. Дотациите на образованието, науката, културата се намалуваат.

Ова секако влијае врз сиромаштијата. Зголемените цени, т.е трошоци го зголемуваат бројот на оние кои не можат да ја обезбедат сопствената егзистенција. Земјите паѓаат во една ситуација која не можат да ја променат. Сè помалите приходи, спречуваат влез на нови технологии кои ќе го помогнат економскиот развој, а таквата стагнација не ја помага борбата против сиромаштијата, а постојаниот пад на цените на суровините ја прави ситуацијата уште полоша. Меѓутоа, постои и дополнителна перспектива. Сиро-

маштијата не е феномен кој е ендемичен за Југот. Таа постои насекаде. Дури и во богатите земји постои извесен број на луѓе кои не можат да заработат за достојна егзистенција. Но, сиромаштијата не можеме да ја изразиме само како ситуација на оскудица заради физиолошко преживување. Сè повеќе, во трката за профит, луѓето насекаде осиромашуваат и на духовен план. Информациите, образованието стануваат продукти, а тоа значи недостапни за голем број луѓе. Сега, кога технологијата станува евтина, содржината станува луксуз.

Нешто што постојано ја следи и се надополнува со сиромаштијата е гладот. Светот денес има сериозни проблеми со гладот. И повторно, алтерглобалистите проблемот го гледаат во природата на постоечкиот економски и политички систем. Тие се спротивставуваат на тезите дека светот произведува помалку храна од потребите. Според некои истражувања, само од житните растенија, на секој човек му следува 3.500 калории. Во таа смисла, левицата се фокусира и го истакнува пазарот како виновник за гладта. Зошто? Постојат многу аспекти преку кои може да се набљудува проблематиката. Еден од нив е извозот, т.е. ориентацијата на земјите од Југот кон извоз, како единствен извор на средства во сиромашната земја, што доведува до мало количество на храна кое останува во земјата, што само по себе резултира со локални високи цени на храната. Истовремено, либерализацијата на локалната економија, постепено ги укинува субвенциите на локалните земјоделци, кои се витални за модернизацијата. Друга перспектива е нерационалното користење на плодната земја. Се истакнува дека најплодната земја на светот се искористува за одгледување на памук, тутун, чај, какао, што воопшто не претставуваат храна, или се малку хранливи. Заради побарувачката на Северот за овие „добра”, земјоделците се ориентираат кон производство на тие „потреби”, искористувајќи плодна почва, која би произвела храна што е многу повеќе потребна. Но, за овие „потреби” постои пазар, за разлика од можноста, повеќето луѓе од сиромашните земји да ја платат храната. Исто така, се истакнува сопственоста врз земјата како извор на глад во Југот, што потекнува како рецидив од колонијалниот период, што не соодветствува со старите традиции на заедничко користење на плодовите на природата.

> *„За да се разбере зашто се луѓето гладни, мора да престане да се мисли на храната како нешто што земјоделците го одгледуваат за другите да јадат, и да почне да се гледа како на нешто што компаниите го произведуваат за луѓето да го купат”[2].*

Сиромаштијата и гладот постојано се преплетуваат. И додека, можеби гладот може да се реши (на краток рок) со помош, сиромаштијата, како повеќестран проблем, може да се реши само со промена на она што го предизвикува. Нере-

[2] *Richard H. Robbins, “Readings on Poverty, Hunger, and Economic Development” http://faculty.plattsburgh.edu/richard.robbins/legacy/hunger_readings.htm*

шавањето на проблемот, понатаму повторно доведува до глад кој треба да се „залечи”.

Да се вратиме на социјалниот форум. Како што веќе беше наведено, тој, според декларациите претставува отворено собиралиште. Меѓутоа ситуацијата денеска, во светската „левица” влијае на функционирањето на форумот, а и на целисходноста од таквите собирања. На крајот од краиштата, тоа влијае и на способноста левицата да изнајде и спроведе решение за сиромаштијата. Форумот е израз, истовремено, и на сите проблеми внатре „левицата”. Сиромаштијата, никогаш не била одмината како тема на овие собирања. Неа ѝ се посветува време и дискусии. Меѓутоа, по сè изгледа, останува како тема. На форумите присуствуваат такви организации и движења, кои се занимаваат со сиромаштијата, фер-трговија, глад, па „отвореноста” на форумот, им дава време и простор да ги наметнат темите, во форма на семинар или работилница, меѓутоа, гледано во целина многу малку од случувањата се однесуваат на таквите теми. Во фокусот на вниманието на форумите, постепено останува само војната и „глобализацијата” и тоа тие се гледани површно, само по нивните надворешни манифестации. Воопшто, на социјалните форуми отсуствува систематска анализа на причините за ваквата глобална состојба. Исто така, отсуствува алтернатива која учесниците се спремни да ја понудат. Зошто? Затоа што форумот изобилува со најразлични групи кои се различно позиционирани по левата страна на политичките ориентации. Многу моќни организации со реформистичка ориентација, постепено го окупираат форумот и ги заташкуваат радикално левите движења и групи. Европскиот социјален форум во Фиренца беше еден пример, каде во организација на форумот влегоа локалните власти, кои иако се „левица”, се реформисти кои нема да се вклучат во конструктивна критика на она за што се залагаат во декларациите. Овој форум го бојкотираа многу анархисти, кои паралелно одржаа независен форум. Светскиот социјален форум во Порто Алегре беше финансиран од многу влади, корпорации фондации и партии[3]. Тоа за многу луѓе не беше кошер. Исто така, на форумите доминираат т.н. револуционерни партии, „социјалистички” и „комунистички”, како и многу други групи и организации, кои на еден или друг начин произлегуваат од нив. Во потрага по популарност, овие организации заборавија на капитализмот, и останаа да протестираат само против американскиот империјализам и „глобализацијата”, користејќи испразнети фрази, пароли, практикувајќи лесна форма на популизам за да мобилизираат што повеќе луѓе на протести. Никој и не се обидува да дефинира решение, туку се прогласува само виновникот. И додека некои, на друго место се обидуваат да ја живеат алтернативата, социјалните форуми постепено стануваат отворено место за академска дебата, која

[3] Paul Treanor “Who controls the European Social Forum?” http://web.inter.nl.net

пожелно е да се заврши само со протест. Ако мотото на социјалниот форум е „друг свет е можен", тогаш според политиката што ја спроведува, доколку успее, веројатно ќе живееме во свет во кој ММФ, СТО и СБ нема да постојат и САД нема да војува против некого. Тоа и не е толку лошо, но причините за експлоатацијата, сиромаштијата, еколошките катастрофи сè уште ќе постојат. Потребно е на агендата на „левицата" (а со тоа на социјалните форуми) повторно да се врати конструктивна дебата за капитализмот и неговото спротивставување, актуелната форма на државва и демократија и други „жешки" теми.

*„...Ние ја повторуваме нашата опозиција на неолибералниот систем, кој генерира економски, социјални и еколошки кризи и продуцира војна. Нашето мобилизирање против војна и длабоките социјални и економски неправди, послужи да се разоткрие вистинското лице на неолиберализмот... Обединети сме овде, за да организираме отпор против капитализмот и да изнајдеме алтернативи..."* (од декларацијата на Светскиот социјален форум во Бомбај 2004).

**Референци:**

http://www.globalissues.org
http://www.focusweb.org
http://www.foodfirst.org
http://www.fse-esf.org
http://www.wsfindia.org
http://www.portoalegre2003.org
http://www.indymedia.org

# Ангажмани на Меѓународниот монетарен фонд и Светска банка
## - осврт кон Република Македонија

Александар Спасеновски

*Even the Russians have to go to a Capitalist Country to buy enough wheat to feed their people, and that after more than fifty years of state-controlled economy…*
*What we face today is not crisis of Capitalism, but of Socialism.*

***Маргарет Тачер, 1975 година***

## 1. Краток историски преглед

Заради институционално регулирање на финансиските односи во светот, по завршувањето на Втората светска војна, на 27.12.1945 година, формално беа основани двете најзначајни финансиски институции: Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и Светската банка (СБ).

На конференцијата во Бретон Вудс[1], земји-победнички од Втората светска војна ги основаа ММФ и СБ, како фундаментални столбови на меѓународниот монетарен и финансиски систем[2]. Овие институции, според Повелбата на ООН спаѓаат во групата на Специјализирани агенции[3]. Карактеристично за меѓународните финансиски организации, што се појавуваат со статус на специјализирани агенции на ОН, е нивната структурална испреплетеност. Тие, практично дејствуваат како сегменти на единствен механизам со зедничка цел да се унапредат меѓународните финансиски текови и меѓународното финансирање и развојот на државите членки на ОН[4]. Во таа смисла, задачата на ММФ беше да ги координира меѓународните плаќања и политиката на девизните курсеви, преку одобрување кредити за краткорочно урамнотежување на платните биланси на земјите-членки,

---

1 Повеќе види во: Bretton Woods System, Benjamin J. Cohen, prepared for the Routledge Encyclopedia of International Political teory

2 "Бретон Вудс е планинско одморалиште во градот Њу Хемпшир (САД) каде што беше потпишан договорот меѓу 44 земји во јули 1944 година за воспоставување на меѓународен монетарен систем, процес што почна како англо-американска воена соработка. Оттогаш "Бретон Вудс систем" е името што им се дава на институциите формирани согласно Договорот од Бретон Вудс" - *Концизен оксвордски речник за политиката, Иан Маклин, Книгоиздавателство МИ-АН, Скопје, 2002, страница 30.*

3 Специјализирани агенции, според Повелбата на ОН се подразбираат оние организации што се формирани по пат на меѓудржавен договор, што имаат широки меѓународни надлежности во рамките на нивните статути, занимавајќи се со економски, оштествени, културни, воспитни здравствени и сродни прашања, и што се наоѓаат во соодветен однос со ОН - *Меѓународно јавно право - Љубомир Данаилов Фрчкоски, Васил Тупурковски, Владимир Ортаковски, Табернакул 1995:*

4 Меѓународно јавно право – Љубомир Данаилов Фрчкоски, Васил Тупурковски, Владимир Ортаковски, Табернакул 1995, страница 266 – 274.

додека дејноста на СБ се исцрпуваше преку долгорочното кредитирање, заради овозможување на обновата и развојот на нејзините држави-членки.

Во однос на понатамошниот преглед на историскиот развој на овие идеи треба да се спомене дека истите во минатото биле промовирани од страна на германскиот министер за економија и претседател на Reich Bank, Walter Funk. Тој во 1940 година, гледајќи низ призмата на победата на германскиот Рајх, се залагал за создавање на европска економска заедница во која ќе биде овозможено слободно движење на капиталот[5].

Системот на Бретон Вудс функционирал сè до 1973 година[6], кога САД ја укинале одлуката за надворешна конвертибилност на доларот изразен во злато. Главната причина за распаѓањето на овој систем било наглото опаѓање на светските резерви на златото[7]. Како резултат на фактот што во тој период меѓународната трговија растела со повисока стапка од порастот на резервите на овој благороден метал, доаѓа до недостаток на меѓународни средства за плаќање. Исто така, во 1973 година се случил и нафтениот шок[8]. Овој факт дополнително го поттикнал зголемувањето на буџетскиот дефицит на САД поради зголемувањето на трошоците, предизвикани од војната во Виетнам. Целиот тој комплекс на фактори го детерминирале односот на Соединетите држави, кои ја суспендираат конвертибилноста на американскиот долар за златото. Овој потег на американската администрација се смета како причина за прекинот на важењето на системот на Бретон Вудс за фиксни девизни курсеви[9].

Ваквата одлука на САД, придонесува во тој период да се јави недоверба во доларот како платежно средство на финансискиот пазар. Поради тоа, нужно се наметнала потребата од реформирање на постоечкиот меѓународен монетарен систем. Така, била донесена одлука за формирање централни курсеви.

Во однос на САД, треба да се истакне дека ваквата нивна одлука влијаела стимулативно, поради фактот што доларот на светскиот пазар станал поконкурентен поради неговата девалвација.

Како заклучок би можело да се сублимира дека распаѓањето на системот на Бретон Вудс бил од огромна корист за стопанството на Соединетите Американски Држави.

## 2. Меѓународен монетарен фонд[10]

ММФ претставува основа на меѓунардониот монетарен систем. Оваа идеја во минатото била зацртана од страна на американскиот план на White, односно на британ-

[5] Меѓународни организации и интеграции, Билјана Секуловска – Габер, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Економски факултет, Скопје, февруари 2003, страница 82.

[6] Ерата позната како Бретон Вудс официјално заврши со амандманите од Јамајка 1976 година, со што се воведе “не-системот” на променлив девизен курс.

[7] Најголем дел од светските резерви на злато (околу 60%), по Втората светска војна се наоѓал во САД. Тоа значело дека за доларот можело да се добие која било останата национална валута.

[8] Во 1973 година цената на нафатата на светскиот пазар порасна од 2 долара за барел нафта на цели 20 долари за барел.

[9] Одлуката за суспензијата на конвертибилноста на американскиот долар за златото, по цена од 35 долари за 1 унца злато, била објавена од страна на претседателот на САД, Lyndon Johnson.

[10] Делот што следува се заснова на: What Is The International Monetary Fund? на David D. Driscoll; Revised September 1998, External Relations Department, Publications Services, International Monetary Fund, Washington, D.C. 20431 U.S.A.

скиот план на Keynes за организација на меѓународната монетарна соработка[11].

Меѓународниот монетарен фонд беше еден од главните предмети на дискусии во Договорот од Бретон Вудс. Со овој договор се изрази согласност примарната одговорност за регулирање на монетарните односи меѓу националните економии, на приватните финансиски текови и на рамнотежата да лежи во рацете на јавните мултилатерални институции и национални влади, со гледиште дека треба да се создаде меѓународен економски поредок. ММФ заедно со СБ требаше да бидат главно средство за постигнување на оваа цел.[12] Фондот никогаш не ја доби улогата каква што во Бретон Вудс се предвидуваше дека ќе ја има – улога на главен снабдувач на ликвидност во меѓународниот монетарен систем[13].

ММФ многу повеќе се истакна во 80-те години од 20. век кога стана клучна институција за справување со должничките кризи во неразвиените земји[14]. ММФ, во таа смисла стана најзначајниот координатор на заеми за да се олесни постојаното враќање на долговите, кое често им наметнуваше болни програми на реконструкција на задолжените земји, внимавајќи да се одржи стабилноста на меѓународниот финансиски систем и охрабрувајќи ги неразвиените земји на дополнително позајмување[15].

[11] The International Monetary Fund and World Bank, Ngaire Woods.

[12] Концизен оксвордски речник за политиката, Иан Маклин, Книгоиздавателство МИ-АН; Скопје, 2002, страница 206.

[13] Ibid., страница 207.

[14] Ibid., страница 207.

[15] Ibid., страница 207.

## 2.1. Организациона поставеност

Кога се зборува за организационата поставеност на ММФ, но и на СБ треба да се истакне дека овие две организации, спаѓаат во групата на специјализирани агенции на ОН. Но, од друга страна треба да се знае дека членството во овие специјализирани агенции на ОН не е стриктно врзано со членството во самата светска организација[16]. По распаѓањето на биполарниот политичко-идеолошки систем во светот, голем број земји од југо-источна Европа станаа членки на Фондот[17]. Денес, членки на ММФ се 183 држави.

Највисок орган на ММФ е *Бордот на гувернерите*. Во овој орган секоја држава-членка има по еден претставник, кој најчесто во матичната држава ја извршува функцијата министер за финансии или гувернер на централната банка, како и еден заменик. Бордот на гувернерите се состанува еднаш во текот на годината, под раководство на *дирекорот на Бордот на гувернерите*[18].

Со секојдневната активност на ММФ, управува *Бордот на извршни директори*, кој го сочинуваат 24 членови. Најголем дел од извршните директори ги именуваат земјите со највисоки квоти,[19] а преостанатите места на овој орган се оставени да

[16] Така на пример, Швајцарската конфедерација е членка на ММФ од 1992 година, но таа стана членка на ОН во 2002 година. Исто така други земји на пример, како што се Полска или Чехословачка, во минатото еднаш се повлекоа од ММФ, за подоцна повторно да му се приклучат по паѓањето на "железната завеса" на почетокот на деведесеттите.

[17] Прва држава од овој регион која стана членка на ММФ е Албанија (1991 година), а последна држава која се приклучи е Србија и Црна Гора, (2001 година). Република Македонија се зачлени во Фондот на 21 април 1993 година.

[18] Функцијата директор на Бордот на гувернерите на ММФ од 2000 година ја извршува Horst Kohler.

[19] Земји со највисоки квоти во ММФ се: САД, Велика Британија, Германија, Франција, Јапонија, Саудиска Арабија, Русија и Кина.

бидат именувани од страна на останатите држави-членки, кои се организирани во различни групи. Бордот на извршните директори се состанува неколку пати во текот на неделата.

Следен орган во организационата структура на ММФ е *Финансискиот меѓународен монетарен комитет*, кој претставува советодавно тело на Бордот на гувернерите. Ова тело е составено до 24 гувернери, министри или други претставници. Праксата говори дека овој комитет се состанува неколку пати во текот на една година.

Последен орган во хиерархиската структурираност на ММФ, е *Комитетот за развој*, кој претставува еден вид помошно тело на Финансискиот и меѓународен комитет. Во ова тело членуваат 24 претставници на ранг на гувернери, министри или други претставници. Најважната задача на Комитетот за развој е давањето мислења за сите аспекти на трансферот на реалните извори на средствата во земјите во развој.

## 2.2. Односот кон земјите во транзиција

Основна претпоставка за склучувањето на аранжмани со ММФ е поседувањето и спроведувањето на стабилизациона програма од страна на државата. Оваа програма, по правило е условена со реализирање на одредени проекти, најчесто стабилизациони или структурни, кои во својата основа, на краток и среден рок се крајно непопуларни и исклучително тешки по економската и социјалната положба на населението во односната држава.

Во овој контекст, транзиционите држави можат да се поделат во три групи: 1. држави кои успешно ги реализираат аранжманите со ММФ, 2. држави кои поради недисциплинираноста во извршувањето на обврските ги прекинуваат аранжманите и 3. држави кои имаат одбивност кон финансиските институции, а до странски капитал доаѓаат на меѓународниот пазар на капитал, преку распишување на емисии од обврзници[20].

Анализата на досегашната политка на ММФ наведува на констатацијата дека стратегијата на оваа институција во однос на земјите во транзиција се состои од три елементи: 1. укинување на ценовната и трговската контрола; 2. регулирање на макроекономската нерамнотежа и 3. изградба на институции[21].

### Укинување на ценовната и трговската контрола

Овој елемент од политиката на ММФ кон државите во транзиција има за цел да ја либерзлизира економијата на овие држави. Владите на државите на земјите од поранешниот комунистички блок (во оваа група спаѓаат и земјите кои призлегоа со дисолуцијата на СФРЈ, како и Албанија) успеаја да ја достигнат фазата на раната маркетизација преку: 1. речиси потполно либерализирани цени; 2. значително намалување на одлевањата на средствата, 3. етаблирање на валутна конвертибилност и 4. воспоставување на либерализиран трговски режим[22].

[20] Меѓународни организации и интеграции, Билјана Секуловска – Габер, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Економски факултет, Скопје, февруари 2003., страница 88.
[21] Ibid., страница 88.
[22] Ibid,. страница 88.

## Регулирање на макроекономската нерамнотежа

Во однос на овој елемент од политиката на ММФ кон државите во транзиција предизвикот на Фондот беше многу поголем, поради фактот што истиот се соочуваше со зголемен пад на производство во овие држави, растечката инфлација, како и тешко одржливиот развој[23].

## Изградба на институции

Овој елемент од генералната политика на Фондот се сведува на две мерки: 1. реактивирањето на пазарната регулација во процесите на приватизацијата на претпријатијата преку изградба на правна рамка и 2. реформи во банкарскиот систем, администрацијата, активирањето на финансиските пазари и комерцијализацијата на социјалните услуги[24].

## 2.3. Република Македонија[25]

Република Македонија, со одлуката на Бордот на директорите на ММФ, на 14 декември 1992 година, го наследи членството од поранешната СФРЈ. Иако членството стана ефективно во април 1993 година, сепак Република Македонија соработката со Фондот ја интензивираше во првите месеци од 1994 година.

Од 1994 година до денес ММФ ѝ одобрил средства на Република Македонија во износ од околу 150 милиони СПВ, главно преку преку следните аранжмани: 1. аранжман за потпомогање на системската трансформација; 2. stand-by аранжман; 3. кредит за засилено структурно приспособување – ESAF; 4. кредит за компензаторно финансирање и финансирање на трошоци од непредвидени ризици – CCFF и 5. кредит за намалување на сиромаштијата и олеснување на растот – PRGF.

## Аранжман за потпомагање на системската трансформација

Целта на склучувањето на аранжманот за потпомагање на системската трансформација (Systematic Transformation Facility – STF) е всушност, давање на финансиска помош од страна на ММФ заради потпомагање на процесите на стабилизација на Република Македонија. Исто така, со овој аранжман се планираше да се помогне во спроведувањето на одредени реформски политики од страна на Владата на Република Македонија во 1994 и 1995 година. Со аранжманот беше предвидено на Република Македонија да ѝ се дадат околу 40 милиони американски долари, со рок на отплата од 10 години.

## Stand-by аранжман

Stand-by аранжманот на Република Македонија со ММФ сопствените корени ги влече од 1995 година, кога истиот беше одобрен од страна на фондот во висина од околу 35 милиони долари. Целта на оваа финансиска помош беше во насока на остварување на неколку економски политики од страна на Владата на Република Македонија

---

[23] Ibid,. страница 88.

[24] Ibid,. страница 88.

[25] При пишувањето на овој дел од есејот беа користени информации од интернет страницата на Министерството за финансии на Република Македонија (www.finance.gov.mk).

и тоа: продолжување на активностите преземени со претходниот аранжман за системска трансформација заради воспоставување на макроекономската стабилизација, надополнета со сериозни структурни реформи. Условите под кои е одобрен аранжманот се: 5 години отплата, со каматна стапка од 5% годишно.

## Кредит за засилено структурно приспособување – ESAF

Кредитот за засилено структурно приспособување (Enhance Structural Adjustment Facility – ESAF), беше одобрен од страна на Бордот на директорите на ММФ во 1997 година. Овој кредит беше во функција на дополнителна финансиски поддршка на “Програмата за економски реформи на Владата на Република Македонија”. Овој аранжман беше прекинат во 1999 година поради започнувањето на преговори за склучување нов аранжман со ММФ.

## Кредит за компензаторно финансирање и финансирање на трошоци од непредвидени ризици – CCFF

Кредитот за компензаторно финансирање и финансирање на трошоци од непредвидени ризици (Compensatory and Contingency Financining Facility – CCFF) всушност беше позитивна реакција на ММФ поради ефектите од кризата на Косово, кои директно се одразија и на Република Македонија. Така, ММФ во 1999 година ѝ одобри на Република Македонија кредит од околу 20 милиони долари заради намалување на негативните импликации од привремениот кусок во заработувањето на извозот на стоки и на услуги, поради негативниот одраз на косовската криза. Условите под кои беше одобрен овој кредит се 5-годишен рок на отплата и променлива каматна стапка од, исто така, 5%.

## Кредит за намалување на сиромаштијата и олеснување на растот – PRGF

Кредитот за намалување на сиромаштијата и олеснување на растот е одобрен од страна на Бордот на ММФ во декември 2000 година, во износ од околу 13 милиони долари. Овој кредит е одобрен под исклучително поволни услови, со рок на отплата од 10 години и грејс период од 5 години, со каматна стапка од 0.5% годишно. Главна цел на склучувањето на овој аранжман, како што и самото име кажува беше намалувањето на сиромаштијата. Дел од обврските на Република Македонија, во оваа насока беше и изготвувањето на стратегија за намалување на сиромаштијата, која, всушност претставува обврска и на останатите држави кои склучуваат аранжмани од овој тип со ММФ.

Врз основа на погоре напишаното, при анализирањето на историјата на односот на Република Македонија со ММФ, може да се заклучи, независно од политичката структура која владееше со државата дека обврските кои врз себе ги има преземено Македонија, не секогаш до крај се извршуваа(т). Во таа насока, вреди да се потенцираат состојбите во Република Полска и Чешката Република кои без сомнение спаѓаат во групата на држави кои успешно ги реализираа обврс-

ките преземени со склучувањето на аранжманите со ММФ. Во тој контекст, овие три држави имаат стапки на раст меѓу 4 и 5% и стапки на инфлација меѓу 5 и 7%[26] истовремено, во однос на преговорите за пристапување кон Европската унија се далеку понапред од сите останати држави од југо-источна Европа.

## 3. Светска банка[27]

Кога се зборува за Светската банка, иако често пати се мисли дека таа е институција самата за себе, сепак треба да се истакне дека во нејзини рамки дејствуваат други пет посебни институции: Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународната финансиска корпорација, Меѓународното здружение за развој, Меѓународниот центар за решавање на спорови при инвестирањето и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите[28].

Денес, Светската банка ја „поседуваат" 183 држави. Од финансирање главно, големи инфраструктурни проекти, преку задоволување на основните потреби, посебно во руралните области, работата на Светската банка се прошири и на давање заеми за поддршка на секторски и структурни програми.

Најновиот фокус на Светската банка е намалувањето на сиромаштијата, а сè повеќе внимание се обраќа и на решавањето еколошки проблеми[29]. Во оваа насока не треба да се занемари и фактот дека банката е само една од многубројните организации ширум светот кои им помагаат на државите во развој и транзиција, со заеми или грантови (наповратни средства)[30]. Тука, не би требало да се заборават и владините агенции основани од високоразвиените земји кои им даваат заеми на овие држави. Организацијата на обединетите нации и нејзините агенции, исто така, им помагаат на државите во транзиција и на државите во развој. СБ соработува со голем дел од овие институции, развивајќи заеднички проекти.

### 3.1. Организациона поставеност

Светската банка функционира на начин според кој секоја државачленка го уплатува својот дел во вид на квота, а висината на квотата се определува во зависност од економската моќ на самата држава. Висината на квотата е особено битна заради определувањето на фактичкото влијание што државите го имаат во работата на банката. Според податоците, најголемото влијание го имаат САД. Нивното учество во вкупниот број на гласови во 2000 година изнесувало околу

[26] Извор: интернет страницата на Светска банка (www.worldbank.org).

[27] Повеќе види во: Модерна дипломатија, Р.П. Барстон, Зум Прес, 1996 година, страница 179-219

[28] Меѓународната банка за обнова и развој (International Bank for Reconstruction and Development) е формирана 1945 година. Таа почнала активно да работи 1946 година. Меѓународната финансиска корпорација (International Financial Corporation) е формирана 1956 година. Меѓународното здружение за развојот (International Development Association) е формирано 1960 година. Меѓународниот центар за решавање на спорови при инвестирањето (International Centre for Settelment of Invesition Disputes) е формиран во 1966 година. Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите (Multilateral Investment Gaurantee Agency) е формирана 1988 година.

[29] Концизен оксвордски речник за политиката, Иан Маклин, Книгоиздателство МИ-АН, Скопје, 2002, страница 320.

[30] Постојат регионални развојни банки во повеќе области ширум светот: Африка, Азија, Карибите, Европа и Латинска Америка. Некои комерцијални банки исто така им даваат заеми на државите во развој. Во последно време, долгот на овој тип држави кон ваквите банки станува големо финансиско оптоварување.

17%. Влијанието на САД заедно со уште девет развиени земји (Јапонија, Франција, Велика Британија, Холандија, Канада, Италија, Швајцарија и Белгија) е околу 50% од вкупниот број гласови во банката.

Прегледот на органите на СБ, започнува со *Одборот на гувернерите*. Овој орган е составен од по еден претставник од секоја државачленка и истиот се состанува еднаш во годината, заради усвојување на годишниот извештај и завршната сметка на банката.

Следен во хиерархијата на СБ е *Бордот на извршните директори*. Овој орган е составен до 24 извршни директори со мандат од две години. Петмина членови на овој орган доаѓаат од државите со највисоки квоти во банката, а останатите се бираат од одделните групи држави со помало учество во квотите. Во задачите на Бордот влегува и донесувањето на одлуки за изборот на претседател на банката, одлуки за прашања од областа на задолжувањето на СБ, како и одлуките за одобрување на кредити, висината на нивниот износ, условите под кои ќе бидат одобрени и слично.

На чело на Бордот на извршните директори се наоѓа *претседател*[31], кој истовремено ја извршува и функцијата претседател на банката. Мандатот на претседателот изнесува 5 години.

## 3.2. Односот кон земјите во транзиција

Кога станува збор за односот на СБ кон земјите во транзиција треба да се истакне дека главните забелешки се дека ангажирањето на оваа институција не е доволно широко, односно дека не се зафатени сите клучни сектори на развојот. Анализите на дејствувањето на банката во земјите од југоисточна Европа покажуваат дека банката најмногу била присутна во социјалниот сектор, односно давањето помош на владите заради намалување на трошоците поттикнати од транзицијата. Потоа, забележителна активност на СБ се уочува и во областа на заштитата на човековата околина. Во оваа насока, банката реализира проекти кои имаат за цел да ја подигнат јавната свест, како и проектите за јакнење на институциите за контрола и регулирање на цените на енергијата. Особена активност СБ има и на полето на реформите на јавната администрација во земјите во транзиција[32].

Мисијата на СБ се остварува главно преку одобрувањето кредити на државите во транзиција. Најчесто користениот кредит од страна на овие, но и на останатите државичленки на СБ се *кредитите за структурно приспособување*, кои имаат за цел да им овозможат на државите-членки да воспостават рамнотежа во платниот биланс, менувајќи ја стопанската структура во согласност со промените на меѓународното економско опкружување[33]. Во групата на кредити за структурно приспособување се јавуваат неколку различни типови: 1. *кредити за структурно приспособување* (Structural Adjustment Loans) – SALs; 2. *кредити*

[31] Претседател на IBRD, во моментот е James D. Wolfenson.

[32] Извештај за ангажираноста на IBRD во земјите во транзиција - 2001 година

[33] Меѓународни организации и интеграции, Билјана Секуловска – Габер, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Скопје, февруари 2003.

*за секторско приспособување* (Sector Adjustment Loans) SECALs, и 3. одобрувањето на *техничка помош и заеми за рехабилитација на стопанствата.*

Активноста на Светската банка во државите од југо-источна Европа резултираше со значајни успеси, но и одредени контроверзни резултати. За разлика од "заемите по брза постапка", што релативно брзо се искористија (12-18 месеци), а беа од суштествено значење за остварувањето на стабилизационите програми на државите од регионот, имаше примери кои го иницираа прашањето за тоа дали IBRD, можеби, не би требало и самата да се преструктуира во некаков вид фонд[34].

### 3.3. Република Македонија[35].

Мисијата на СБ во Република Македонија се исцрпува во давањето поддршка на заложбите на државата за подобрувањето на квалитетот на живеењето на луѓето. Затоа поттикнувањето на ефикасното управување со јавните ресурси, создавањето работни места и развојот на човечкиот капитал се клучни во Стратегијата за помош на Република Македонија, како и помошта во справувањето со корупцијата, создавањето поволна бизнис-клима и поддршка на процесот на децентрализација.

На 9 септември Бордот на извршните директори во СБ дискутираа за новата стратегија за помош на државата (КАС)[36], за Република Македонија. Новиот КАС за Република Македонија се однесува за периодот 2003-2006 година и предвидува програма во износ од најмногу 165 милиони долари.

### Заем за приспособување со управувањето со јавниот сектор

Целта на Заемот за приспособување со управувањето со јавниот сектор е поддршка на реформите во Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како и имплементирање на понатамошни мерки за консолидирање во буџетското планирање и извршување. Исто така со овој заем е планирано СБ во Република Македонија да ја поттикне реформата на постоечките инструменти на социјалната заштита.

Техничката помош за имплементација на овие реформи банката, како што е наведено, ќе ги обезбеди преку Проектот за Реформи во здравствениот сектор и Проектот за имплементација на социјалната заштита. Додека подобрувањата во транспортот се предвидени да се остварат преку Проектот за реформа на транспортниот сектор. Целта на овој проект е реформата на двете главни претпријатија во оваа област: Македонски железници и Македонија пат, со цел отворање на транспортниот сектор во Република Македонија за инвестиции од страна на приватниот сектор.

---

34 Ibid. страница 89.

35 Делот што следува се заснова на анализите и текстовите објавени на официјалната интернет страница на Светската банка во Република Македонија (www.worldbank.org.mk).

36 CAS - Country Assistance Strategy. КАС е документ во кој подетално е изнесен работниот план на банката за помош на државата-клиент, со цел достигнување на развојните цели. Тој ги опишува сите планирани операции на СБ во една држава: давање заеми, аналитичка работа и техничка помош.

## Поттикнување на создавањето на нови работни места водено од приватниот сектор

Скромниот економски пораст од осамостојувањето на Република Македонија, до денес и релативното ниското ниво на директни странски инвестиции посочуваат дека подобрувањето на бизнис-климата е исклучително значајно. Во таа насока напредокот, според СБ, на Република Македонија, ќе зависи од развитокот на приватниот сектор. Заради остварување на оваа цел од страна на СБ подготвени се повеќе проекти и анализи: Проектот за регистрација на земјиште, Анализата за урбаните трошоци, Дијагностичката студија на правниот и судскиот систем, Проектот за реформи на правните регулативи и судството, Проектот за развој на финансискиот сектор и Проектот за развој на електричната енергија. Во овој дел треба да се посочи и продолжувањето на имплементацијата на Проектот за заштитата на Охридското Езеро, чија што цел, меѓу другото е олеснувањето на комуникацијата помеѓу Република Македонија и Република Албанија.

## Изградба на човечки капитал и заштита на најранливите

Долгорчното намалување на сиромаштијата, според СБ, бара подобрување на човечкиот капитал, особено во најсиромашните домаќинства, кој би требало да се оствари преку организирање на образование со висок квалитет. Истовремено, според оваа институција треба да се воспостави и таква мрежа на социјална безбедност која Република Македонија може да си ја дозволи. Заради остварување на горенаведеното, СБ во Република Македонија ги промовираше следните проекти и студии: Проектот за програмска проценка на сиромаштијата, Проектот за подобрување на пристапот до образованието, Студијата за обезбедување на социјални услуги, Студијата за социјален развој и Проектот за администрирање на здравството и социјалната заштита.

## 4. Заклучни напомени

Кога се анализира дејствувањето на ММФ и на СБ треба да се истакне дека гледиштата во однос на нивната фундаментална мисија се сосема подвоени[37]. Во таа насока, во праксата провејуваат две групи на мислења на релевантни и на помалку релевантни фактори. Во првата група се вбројуваат ставовите на онаа група политичари, интелектуалци и останати кои сметаат дека политиката на Фондот се сведува на класична експлоатација и патерналистички однос кон земјите од “третиот свет”. Од друга страна, не помалку силни се мислењата, кои без друго се блиску до вистината дека мерките предложени од страна на ММФ и на СБ овозможуваат да се отсече од самиот корен некоја лоша економска политика. Според овие гледишта, активноста на ММФ и на СБ кон земјите во развој е токму во функција на нивниот економски напредок. Приврзаниците на ова гледиште дополнително го аргументираат својот став со констатацијата дека присуството на овие финансиски институции во одредена

[37] Повеќе види во: The IMF and World Bank: How Do They Differ?, David D. Driscoll; Revised August 1996; External Relations Department; Publications Services, International Monetary Fund, Washington, D.C. 20431 U.S.A.

држава е гаранција за индивидуалните инвеститори и донатори да бидат повеќе присутни во истата.

Во таа насока се движат и проучувањата на меѓународната политичка економија која како посебен пристап кон меѓународните економски случувања, се појави за време на 70-те години на 20. век кога порастот на цените на нафтата и неуспехот на меѓународниот монетарен систем од Бретон Вудс го свртија вниманието на англосаксонските академици кон важноста, непредвидливоста и слабоста на економските темели на светскиот поредок. Се сметаше дека традиционалното изучување на меѓународните односи ставило поголем акцент врз правото, политиката и врз дипломатската историја. Модерната економија се обвинуваше за преголема апстрактност и непристапност[38].

Наспроти тоа, засновувајќи се на историската социологија и економската историја, МПЕ понуди мноштво од економски и политички анализи. Голем број приврзаници, протестираа против идејата за западната општествена наука да ѝ овозможи на територијалната држава да го понуди објаснувањето, преточувајќи холистички пристап во меѓународниот систем[39]. До 90-те години од минатиот век, МПЕ делумно успеа во трансформирање на старите општоприфатени правила, но со својот канон, текстови, дебати и списанија, се стави во опасност да се претвори во толерантна гранка на меѓународните односи[40].

[38] Концизен оксвордски речник за политиката; Иан Маклин, Книгоиздавателство МИ-АН, Скопје, 2002, страница 197.

[39] Ibid., страница 197.

[40] Ibid., страница 197.

# Иднината на Пактот за стабилност и порast се наоѓа пред суд

Хелен Ферстер

Европската комисија во последен момент донесе одлука, според нејзините изјави тешка одлука, да го тужи Советот на министри за економски и за финансиски прашања пред Европскиот суд на правдата. Одлуката е донесена пред рокот[1], пропишан во правилата за водење постапки, да истече на четврти февруари и со тоа да се оневозможи преземање на ваков чекор. Предмет на спорот е одлуката на министрите, донесена на 25 ноември, да воведат казнени постапки против Германија и Франција поради дефицит во буџетот. Ова е првпат Комисијата да го тужи Советот на Европската унија

Откако проценките на комисијата, направени есента, минатата година, покажаа дека Германија и Франција и во 2004 година ќе ја пречекорат референтната вредност, според којашто буџетскиот дефицит на земјите од Економската и монетарна унија не смее да биде поголем од 3% од бруто социјалниот производ (БСП), комисијата даде соодветни препораки и му ги пренесе на Советот.

Во случајот со Германија, во првата препорака се констатираше дека мерките кои досега биле воведени за консолидирање на буџетот не се доволни. Во втората препорака Комисијата ја повикува Германија да преземе други мерки, со коишто дефицитот во 2004 година ќе се намали за 0,8%[2], а во 2005 година за 0,5% и со тоа повторно би можел да дојде под граничната вредност од 3%.[3]

Комисијата го користи правото да ги даде овие препораки согласно чл. 104 од Договорот на Европската заедница (ДЕЗ). Според истиот член комисијата е должна да ја испита ефективноста на мерките кои ќе се преземат по препорака на Советот и потоа да ги информира министрите за нивниот резултат. Советот на министри за економски и за финансиски прашања (Екофин совет) ја повика Германија во јануари 2003 година да преземе мерки за консолидирање на буџетот, за да може да го редуцира преголемиот дефицит до 2004 година.

Значи, комисијата си ги изврши своите задачи. Советот имаше задача или да ги прифати или да ги одбие препораките. Но, министрите се одлучија за решение, кое е нешто помеѓу овие две опции. Се прифати

[1] Помеѓу случајот, кој е предмет на тужбата и поднесувањето тужба смее да има најмногу два месеца плус десет дена рок за пристигнување на тужбата

[2] Се мисли на дефицитот во структурата со кој се израмнува економскиот пораст

[3] Комисијата му достави на Екофин советот на неговата седница на 4 ноември слични препораки за случајот со Франција. Не се донесе никаква одлука, бидејќи Франција најави преземање на дополнителни мерки кои требаше да се оценат на седницата на 25 ноември.

компромисот за кој се договори, ден претходно, Евро-групата (министрите за економија и за финансии од земјите-членки на ЕУ кои ѝ припаѓаат на еврозоната). Приоритет останува да биде: двете земји да имаат помал буџетскиот дефицит од 3% во 2005 година. Министрите сметаат дека целта може исто така да се постигне, ако годишното намалување на дефицитот излезе помало од бројката што ја препорачува комисијата.

На пример, во случајот со Германија се прифаќаат предвидените намалувања во планот за буџетот од 0,6% и од 0,5%.

Министрите ја следеа логиката на министерот за финансии на Сојузна Република Германија, Ханс Ајхел и донесоа одлука нивните барања да ги поврзат со економскиот пораст: доколку тој излезе поголем отколку што во моментов се предвидува да биде, тогаш од земјите „должнички" ќе се очекува зголемениот број на приходи да ги употребат за побрзо да го намалат дефицитот во буџетот. Во спротивно, доколку тоа не се случи може да бидат сигурни дека привремено за нив не постои опасност од никакви санкции.

Тоа значи дека Советот си ги одзема сите можности да им врши притисок на Германија и на Франција доколку не ги почитуваат неговите неофицијални препораки. Овде лежи главната разлика во однос на прифаќањето на препораките на комисијата. Нивното неприфаќање би довело до преземање на последните постапки предвидени со Пактот за стабилност и за пораст во случај на појава на прекумерен дефицит. Доколку „должниците во буџетот" и понатаму би одбивале да ги следат препораките, тогаш за нив би се вовеле санкции, чиишто спектар се протега од плаќање на бескаматен депозит до парични казни.

Неспорно е дека може да се води расправа за тоа дали има смисла да ѝ се наметне на една држава парична казна за да се присили да го намали својот долг. Но, сигурно е дека во една заедница, како ЕМУ мора да постојат правила, како и механизми кои ќе овозможат спроведување на овие правила. Правниците на комисијата дојдоа до заклучок дека одлуката на министрите за економски и за финансиски прашања може да е илегална, од аспект на непочитување на еден механизам зацртан во договорите. Начинот на кој е донесена одлуката претставува потенцијална повреда на постоечкото европско право. Советот ја пречекори својата надлежност, со тоа што сам ги избра инструментите наместо да следи препорака од комисијата. Станува збор за тужба против аспекти на постапката. Комисијата не се сомнева во мерките за корекции препорачани од Советот.

Од повеќе извори се дознава дека немало консензус во комисијата за прашањето дали треба да се вклучи Европскиот суд на правдата. Со кои аргументи би можеле претседателот на комисијата, Романо Проди и комесарот на ЕМУ, Педро Солбес да им се спротивстават на своите колеги?

Романо Проди укажа на обврската на комисијата како „чувар на договорите" да го контролира придржувањето на правилата. Советот

со својата одлука го игнорирал механизмот за контрола, кој е еден од принципите на ЕМУ. Тој е создаден за Советот да ги присили земјите-членки да го подобрат својот буџет. Комисијата смета дека овој механизам е задолжителен, пред сè, затоа што сите земји-членки се потенцијални „должници во буџетот”, така што тие секогаш неизбежно ќе се обидуваат да се обединат против комисијата.

Освен тоа Советот ја прекинал постапката, предвидена во договорите, при нефункционирање на критериумите за стабилност и ја заменил со незадолжително објаснување. Со тоа ѝ се нанесени големи штети на европската правна заедница. Педро Солбес нагласи дека тужбата има цел, пред сè, да појасни некои нешта за во иднина. Одлуката на министрите доведе до голема несигурност во однос на употребата на пропишаните, во договорите, постапки во иднина. Пресудата на Европскиот суд на правдата би донела правна сигурност за идните случаи.

Толку за објективните аргументи.

Не смее да се потцени фактот дека за комисијата овој случај претставува борба за моќ. Таа даде предлог, базиран на нејзиното иницијативно право, кој Советот може или да го усвои или да го одбие. Министрите преминаа преку овој предлог и усвоија свои предлози. Комисијата мора во секој случај да биде свесна дека и да дојде до позитивна пресуда ништо не би се променило долгорочно во нееднаквиот однос на сили, кој е својствен за Пактот за стабилност уште од самиот почеток. Обидот, комисијата да се стекне со неопходната способност за спроведување мерки, засега, е на „тенок мраз” со уставниот договор.

Во почетокот се чинеше дека министрите за економија и за финансии од некои земји стојат зад тужбата. Посебно Шпанецот Родриго Рато ја поздрави одлуката на комисијата, бидејќи според неговото видување таа ќе придонесе за почитување на правилата во иднина од сите замји. Дали една држава ги почитува или не правилата не треба да зависи од нејзините шанси за мнозинство во Советот на министри на ЕУ. Поддршка дојде и од Холандија: премиерот Јан Петер Балкененде уште во декември најави дека ќе се заложи за интегрирање на правото за повикување на ЕСП во Европскиот устав. Цел е да се загарантира строга употреба на одредбите на Пактот од страна на сите земји-членки.

Но, мнозинството министри ја осуди одлуката на комисијата. Италијанецот Џулио Тремонти се изјасни дека е глупаво да се започне процес против интелигентна одредба на Пактот. Оваа изјава е алузија на изјавата на Проди пред една година кога тој го нарече Пактот глупав, бидејќи го смета за премногу нефлексибилен. Проди пак, во меѓувреме, ја повлече оваа изјава. Други политичари, како Французинот Франсис Мер ја поткрепија својата критика со аргументот дека тужбата ќе влијае на соработката меѓу институциите на ЕУ. Приоритет би требало да има дискусијата за иднината на Пактот, а тужбата во моментот воопшто не е корисна за климата на разговор.

Луксембуршкиот премиер и министер за финансии Јункер го употреби изразот: „Кооперација наместо конфронтација”. Во крајна линија, на седницата на Евро-групата на 19 јануари ниту еден министер јавно не ја поддржа одлуката на комисијата. Со тоа станува јасно дека и министрите го разбираат спорот како вид битка за моќ, бидејќи и експертите по право на Советот се приклучија на експертите на комисијата: Екофин советот не одлучувал на основа на препорака од комисијата. Со тоа се повредува правото на постапка и е единствен процес што мора правно да се преиспита.

Во овој случај е сеедно дали министрите ја поддржуваат комисијата, бидејќи тужбата е поднесена. Претседателот на ЕСП сѐ уште не одлучил дали ќе го прифати барањето со брза постапка. Доколку се одлучи против брза постапка, а за регуларна, може да поминат две години пред да се донесе одлука. Но, и брзата постапка вообичаено се одолговлечува за неколку месеци.

Затоа комисијата се одлучи за тринасочна стратегија, за да ги подобри контролата и координацијата на економската политика. Освен тужбата која треба да придонесе за појаснување на правото и за предвидливост, Комисијата си зацрта за цел да продолжи со надзорот на економската и на буџетската политика во рамки на Пактот за стабилност и за пораст во сите земји-членки. Покрај тоа треба строго да се набљудува развојот во земјите со прекумерен дефицит.

Ова е посебно важно, бидејќи Педро Солбес мора да внимава да го врати својот авторитет. Во почетокот на годината се испитуваа актуелизираните програми за стабилност на Финска и на Австрија, актуелизираните програми за конвергенција на Шведска и на Данска, на 28 јануари се испитуваа програмите за стабилност и за конвергенција на голем број земји-членки, како и програмата за коњуктура на Франција. Оценувањето на програмата за коњуктура на Германија ќе се разгледува на 18 февруари.[4]

Солбес ќе придонесе за заштита на правото, доколку истрајно и одлучно се употребат истите средства при оценувањето на програмите за коњуктура. Тој ќе добие поддршка од земјите-членки што се помали и од тие со поразвиена свест за значењето на стабилноста. Од оценката на француските програми за економски пораст е очигледно дека Солбес е свесен за својата задача: комисијата ги оцени напорите на Франција, во поглед на критичната состојба на буџетот, незадоволителни. Постои опасност, предвидените редуцирања на дефицитот во плановите за буџет за следните години да не се доволни за во 2005 година да не се пречекори горната граница од 3%.

Од оваа гледна точка Комисијата даде нова препорака: Франција треба да се обиде повеќе да го

[4] Досега е нејасно до каде е во моментов постапката за намалување на дефицитот. Додека правната служба мисли дека одлуката на Екофин советот е важечка, сé додека не падне од страна на судиите, комисијата смета дека постапките треба да се држат до општите препораки. Тоа би можело да значи воведување на нови мерки за штедење, бидејќи многу веројатно е дека ќе дојде до повреда на критериумите за стабилност не само во 2004 година, туку, во случајот со Германија, и во следната, 2005 година.

приспособи својот буџет, за најдоцна до 2007 година да дојде до позиција која би го спречила понатамошното пречекорување на горната граница на дефицит. Од друга страна, комисијата ќе даде предлози, како може да се засили таканаречената економска влада во иднина. Оваа иницијатива има за цел, меѓу другото, да го подобри спроведувањето на Пактот за стабилност и за пораст. Во февруари треба да се објави соодветното соопштение.

Намерата на комисијата веднаш да започне со реформа на Пактот за стабилност и за пораст не наиде на воодушевување кај министрите од Евро-групата. Иако тие често пати се жалеа дека Пактот е премногу нефлексибилен, министрите сметаат дека е погрешно време за реформи на Пактот. Барем одлуката на ЕСП би можела да се почека. Комисијата, притоа, нема намера да го менува профилот на Пактот. Напротив, тој треба во суштина да остане неприкосновен и само подобро да се приспособи на реалните околности.

Посебна задача на комисијата е да воспостави рамнотежа меѓу стабилниот буџет и економскиот буџет. Досега комисијата немаше можност да ги спречи земјите-членки да водат проциклична економска и финансиска политика и за време на фазите на пораст да им наметне мерки за консолидација.

Тоа треба да се промени. Во иднина, развојот на порастот треба да е повеќе застапен во надзорот на буџетот. Посебно Германија и Франција се резервирани наспроти овој предлог. Тие поинаку си ги претставуваат реформите на Пактот. Една реформа би била: одредени јавни издатоци кои служат за унапредување на порастот, на пр. инвестиции во образованието и во истражувањето, да се иземат од дефицитот. Во споредба со планираното преструктуирање на Пактот од страна на комисијата ова би дошло како ослабување на Пактот.

Дали комисијата ја донесе вистинската одлука? Како и секогаш на ова прашање со сигурност ќе може да се одговори откако ќе се донесе пресудата. Доколку Европскиот суд на правдата донесе пресуда спротивна на сите очекувања дека министрите за економски и за финансиски прашања постапиле во согласност со правото, тоа би значело крај на Пактот за стабилност и за пораст. И покрај овој ризик, тужбата беше неопходна, не само за повторно воспоставување на авторитетот на комисијата и за придобивање на изгубената правна сигурност.

Заклучоците на Екофин советот имаат, пред сè, политички последици, кои би можеле да му наштетат на европскиот интеграциски процес. Две големи држави им сигнализираа на малите дека тие ќе ги следат своите сопствени правила ако тоа им се чини корисно. Со тој став тие придонесуваат за „загадување на климата" меѓу малите и големите држави. Сигурно дека тоа доведе до неуспех на конференцијата на шефовите на влади. А да не споменеме како влијаат заклучоците врз стабилноста на Пактот.

Тешко е да се замисли дека во иднина ќе се почитуваат правилата кои се поврзани со Пактот. Доколку случајот има исход поинаков од

очекуваниот, ќе биде очигледно дека постои тажен нерамноправен однос кон малите и кон големите држави. Затоа одлуката на комисијата има не само правно, туку и политичко значење.

Европската централна банка, која стоеше настрана од дискусијата, зачна друга важна тема која не треба да остане неспоменета: не смее да се потцени значењето на довербата која граѓаните ја имаат во европската валута.

Долгорочно гледано, остварувањето или промашувањето на целите од Лисабон ќе има поголемо влијание врз јавното мислење. Но краткорочно, довербата во силата за делување на Пактот за стабилност и за пораст е од големо значење.

# Земјите-кандидати за членство во ЕУ низ предакцесиониот период

Тони Масевски

Земјите-кандидати за членство во ЕУ во изминатава деценија и повеќе, го минуваа патот кон полноправно членство во ЕУ. Малта, Естонија, Унгарија, Чешка, Романија, Турција, Словенија Латвија, Словачка, Литванија, Бугарија, Полска и Кипар се соочија со многу задачи и предизвици, кои целосно, делумно или воопшто не ги остварија. Но, сепак направија многу и не застануваат тука. Нивните економии доживејаа помал или поголем напредок, за кој ќе пробам да направам еден краток пресек во понатамошниот дел од текстот. Патот кој го минаа земјите- кандидати за членство во ЕУ е битен од аспектот на Република Македонија, која во овој период ќе застане на стартот од оваа долга маршрута.

Земјите-кандидати имаа делумен успех во приближувањето кон членките на ЕУ во однос на животниот стандард во втората половина на '90-тите години. Просекот на мерениот GDP[1] per capita на 13. земји кандидати во 1995 год., беше 38.5% од просекот на ЕУ во 2001 год. Во 2002 се забележува одредено ниво на подобрување, а солиден број од земјите- кандидати го покачија нивото на *GDP per capita*. Но, разликите помеѓу самите земји-кандидати сè уште се големи и се движат од 74% од просекот на ЕУ, кој изнесува 100 индексни поени, во Кипар до 23% од просекот на ЕУ во Турција. Само Словенија и Кипар со 74 и 73 индексни поени, респективно, го надминуваат нивото Грција, која е членка на ЕУ со најнизок GDP од 67 индексни поени. Просекот на останатите земји- кандидати се движи близу 1/3 од просекот на ЕУ, што ја покажува огромната разлика во развојното ниво на земјите.

Очигледно е дека земјите-кандидати треба да поминат голем пат за да го достигнат просперитетот на ЕУ. Дури и со долгорочни високи стапки на раст, ќе бидат потребни многу години за мнозинството од земјите- кандидати да го достигнат нивото на најниско просперитетните членки на ЕУ. Иако, дури и сега некои од земјите-кандидати веќе го имаат достигнато нивото на најниско просперитетните членки на ЕУ. Ова ја покажува, како разликата во ниво помеѓу земјите-кандидати, така и помеѓу членките на ЕУ.

Разликата во нивото на приходи помеѓу земјите-кандидати и членките на ЕУ е суштинска, но факт е дека земјите-кандидати бавно ја намалуваат економската разлика со ЕУ. Во 2000 год., сите земји-кандидати покажаа позитивен *раст на GDP* за прв пат. Пет од земјите-кандидати имаа непрекинат позитивен раст од 1995 до 2002 год., а

[1] Gross Domestic Product

воедно сите земји-кандидати имаа најмалку во период од четири години перманентен раст на GDP. Десет од земјите-кандидати имаа поголем просечен раст од просекот на ЕУ во периодот од 1995-2002, со исклучок на Чешка, Романија и Бугарија. Просечната годишна стапка на пораст на GDP во овој период се движи од 1.2% во Турција до 5.1% во Литванија. Просекот на ЕУ изнесува 2.3%, со најголема стапка во Ирска од 9.2% и најмала во Германија од 1.5%.

Ставање на акцентот на економскиот раст во земјите-кандидати може да го одбележи стартот на периодот на одржлив и висок економски раст. Ова може да се спореди со развојот по примањето на Ирска, Шпанија, Португалија и Грција. На овие земји им требаа повеќе години пред потполно да им се материјализираат целосните економски ефекти. Слично на ова, по неколкугодишен развлечен раст, многу од земјите-кандидати сега можат целосно да ги соберат плодовите на структурните реформи и зголемената економска интеграција со ЕУ. За некои од земјите-кандидати овој процес започна пред 10 години со европските договори.

Еден од битните параметри, кои се користат за мерење на економската средина, е *инфлацијата*. Инфлацијата е намалена во повеќето од земјите-кандидати, но генерално гледано сè уште е над нивото на ЕУ. Имено, во 2002 год., Литванија, Полска, Латвија и Чешка имаа инфлационо ниво под просекот на ЕУ, кој е 2.1% годишно. Германија и Велика Британија со 1.3% и Ирска со 4.7% ги одредуваат долната и горната граница на нивото на годишната стапка на инфлација во ЕУ. Четири од земјите-кандидати имаа ниво поголемо за 5%, и тоа: Унгарија со 5.2%, Бугарија со 5.8%, Словенија со 7.5% и Романија со 8%. Високото ниво на инфлација може и да не биде многу штетно по компетитивноста на земјите-кандидати, ако му се препише како дел на процесот на приближување. Различни проценки наведуваат на заклучок дека т.н. Балас-Самјуелсоновиот ефект се однесува на дел од инфлацијата во земјите-кандидати, но не е постигнат консензус за големината на ефектот.

Можно е приближувањето да биде поврзано со ниското *ценовно ниво на потрошувачот*, слично на развојните нивоа на Португалија, Шпанија и Грција. Ценовното ниво на потрошувачот во ЕУ се движи од 74 индексни поени во Португалија до 126 во Данска, со просек од 100 индексни поени во ЕУ. Ценовното ниво на потрошувачот е видно пониско во повеќето земји-кандидати споредено со ЕУ. Во седум од земјите- кандидати, ценовното ниво на потрошувачот е помало од половината од просекот на ЕУ, и тоа во Бугарија, Романија, Словачка, Чешка, Литванија, Унгарија и Турција. Ниту една од земјите од Централна и Источна Европа нема ценовно ниво на потрошувачот еднакво на нивото на Португалија, која го има најниското ниво во ЕУ. Ниското ценовното ниво на потрошувачот делумно се должи на ниското ниво на GDP per capita и постоечките пресметковни (административни) цени. Зависноста на нивото на цени и нивото на доход во земјите-канди-

дати треба дополнително да се проучува и истражува.

Потрошувачките цени во земјите-кандидати значително пораснаа во последните неколку години, со тренд на понатамошно растење. Укинувањето на контролите на цените придонесоа за понатамошен раст на ценовното ниво на потрошувачот во земјите-кандидати. Умерен ефект на ценовното ниво на потрошувачот се очекува од зголемената конкуренција преку увоз и поефикасното функционирање на домашните пазари на производи и услуги.

Фактор, кој значително влијае на ниското ценовно ниво на потрошувачот кај земјите-кандидати, е *регулацијата на цени* која значително постои. Административните цени, на пример, во енергетскиот сектор, се застапени во повеќето земји-кандидати помеѓу 13% и 25% од индексот на потрошувачки цени (CPI)[2] во 2001 год. Во пет земји-кандидати, регулираните цени сочинуваат повеќе од 1/5 од CPI. Неколку земји-кандидати спроведуваат реформи кои ќе ги намалат регулациите и ќе ги отворат пазарите за конкуренција.

Со цел да го зголемат економскиот раст и да ја намалат разликата во GDP per capita со ЕУ, еден од главните предизвици на земјите-кандидати е да ја зголемат *продуктивноста на трудот*. Продуктивноста на трудот е релативно ниска во повеќето земји-кандидати. Бугарија, Романија, Турција, Литванија, Латвија и Естонија не ја достигнуваат ниту половината од просечната продуктивност на трудот на ЕУ. Продуктивноста на трудот во ЕУ, во идексни поени, изнесува 100 во просек, додека границите се 132 во Луксембург и 63 во Португалија. Само Унгарија, Малта, Словенија и Кипар имаат ниво на продуктивност на трудот поголемо од нивото на Португалија.

Но сепак, во периодот 1996-2002 год., кај повеќето земји-кандидати постои перманентен пораст на продуктивноста на трудот. Порастот на продуктивноста на трудот кај некои земји-кандидати во овој период го надмина порастот на продуктивноста на ЕУ, но сепак остана многу ниска во некои сектори.

Како резултат на применетите структурни реформи, продуктивноста на трудот може да порасне во иднина. Унапредувањето на општото економско опкружување и успешната трансформација во економија базирана на знаење[3] ќе помогнат во порастот на продуктивноста и подобрување на животниот стандард.

Преминот од *секторската структура* на економијата во економија на сектори со поголема додадена вредност е неопходна. Секторската структура во земјите-кандидати со сразмерно голем земјоделски сектор и постоење на големи производни компании во државна сопственост со прикриена невработеност, придонесуваат кон ниското ниво на продуктивност на трудот. Секторската структура во земјите-кандидати видно се разликува од моменталната структура во ЕУ. Генералната забелешка е дека услужните сектори се помалку развиени од производните сектори кај земјите-кандидати.

[2] Consumer Price Index

[3] Knowledge-based economy

Од 1991 год., учеството на *индустријата* во економијата на земјите-кандидати перманентно се намалува. Во Унгарија и Турција процентуалното учество на индустријата во вкупно новододадената вредност се одржува релативно стабилно, што делумно се должи на големината на овие земји. Забележително опаѓање има во Латвија, Романија, Словенија и Полска. Учеството на индустријата во економијата на земјите-кандидати во 2001 год., се движи во опсегот од 13%-33%.

Со намалување на учеството на производството, учеството на *услужниот сектор* бележи пораст во повеќето земји-кандидати. Развојот на секторите за посредување во финансиски услуги, трговија, изнајмување, посредување во недвижности е значителен во периодот 1991-2001. Порастот на бруто додадената вредност во секторите финансиско посредување, недвижности и деловно изнајмување во 1991-2001 како процент од вкупната новододадена вредност е значителен во Романија од 5.1% во 1991 на 17% во 2001, Латвија од 5.05% на 16% и Полска од 6% на 16%.

*Земјоделството* е, исто така, сектор кој зазема значително место во земјите-кандидати. Иако процентуалното учество на земјоделството во GDP е намалено во последната декада, тој е сè уште значително застапен сектор во сите земји-кандидати.

Во 1991 год., земјоделскиот сектор беше голем во повеќето земји- кандидати. Во земјите-кандидати од Централна и Источна Европа зафаќаше повеќе од 5% од вкупната додадена вредност во 1991. Во Латвија и Романија процентот беше 23%, односно 20%, респективно. Уделот на овој сектор во вкупната новододадена вредност во ЕУ во 1991 беше помал од 3%. Иако овој сектор се намали во сите земји-кандидати, тој, сепак, е релативно голем. Во 2001, земјоделскиот сектор зафаќаше поголем дел од економијата на респективната земја-кандидат од просекот на ЕУ. Во шест земји-кандидати во 2001, овој сектор сè уште зафаќаше близу 5% или повеќе од вкупната новододадена вредност, што е значително над просекот на ЕУ од 2.1%. На земјите-кандидати ќе им треба значително време додека да го намалат обемот на земјоделскиот сектор на нивото на просекот на ЕУ.

Една од значителните разлики во структурата на економијата е релативната големина на *јавниот сектор* во неколку од земјите-кандидати. Ова потекнува од јавната (државна) сопственост на големи претпријатија во некои од земјите-кандидати.

*Приватниот сектор* значително се зголеми во повеќето од земјите-кандидати во последните десет години, но во некои од нив тој е сè уште мал. Во Латвија, Романија и Словенија, јавниот сектор зафаќа 1/3 и повеќе од GDP во 2001, а само во Естонија, Словачка и Унгарија приватниот сектор продуцираше повеќе од 80% од GDP, што е повеќе дури и од некои земји-членки на ЕУ. Релативно малиот приватен сектор во некои од земјите-кандидати наведува на можен недостиг од конкурентност. Генералниот заклучок наведува дека просекот на големината на јавниот сектор во

земјите-кандидати е поголем од просекот на ЕУ. Јавниот сектор во земјите-членки на ЕУ зафаќа од 8% до 20% од GDP.

*Приватизацијата* на јавната сопственост беше преземена во земјите-кандидати со цел да се намали влијанието на јавниот сектор на економијата и да промовира поголема ефикасност на пазарите. Процесот на приватизација го привлекува неопходниот странски капитал и стручност, кои ја зголемуваат ефикасноста на економијата.

Приватизацијата е една од главните економски реформи во земјите од Централна и Источна Европа и сè уште останува како еден од главните приоритети во агендата на реформите. Просечните годишни приходи од приватизација во овие земји-кандидати се движи од помалку од 1% поен од GDP до речиси 4.5% поени од GDP за периодот од 1994-1999. Во одредени години во некои од земјите-кандидати овие процентни поени беа и двојно поголеми. Во некои од земјите-кандидати, особено во Естонија, процесот на приватизација е практично завршен. Во останатите, процесот на приватизација продолжува со голем интензитет.

Отворањето на пазарите и порастот на *економската интеграција* со ЕУ се клучни мерки за подобрување на функционирањето на економиите во земјите-кандидати. Трговијата и Странските директни инвестиции (СДИ) се двата главни механизми за економска интеграција со ЕУ. Трговската интеграција ја зголемува конкуренцијата во земјите-кандидати, а СДИ придонесуваат за пораст на развојниот потенцијал. Заедно со други структурни реформи, овие реформи ќе им помогнат на земјите-кандидати да го достигнат нивото на попросперитетните земји-членки на ЕУ.

Земјите-кандидати, генерално земено, се *отворени економии*. Седум од земјите-кандидати, Естонија, Малта, Словачка, Чешка, Унгарија, Словенија и Бугарија, имаат вкупна трговска отвореност поголема од просекот на помалите земји-членки на ЕУ[4]. Сите земји-кандидати имаат поголема трговска отвореност од просекот на големите земји-членки на ЕУ. Големата трговска отвореност во земјите-кандидати делумно се објаснува со фактот дека повеќето од нив се мали земји. Трите земји-кандидати со најмала трговска отвореност спаѓаат во категоријата на големи земји: Турција, Полска и Романија.

Земјите-кандидати не само што се отворени земји, туку се и добро *интегрирани со економијата на ЕУ*. Во прилог на ова сведочат високиот удел на извозот во ЕУ и значајните СДИ од ЕУ. Кај сите земји, со исклучок на три, повеќе од половина од вкупниот извоз оди во ЕУ. Исклучок се Кипар, Литванија и Малта[5]. Пет од земјите-кандидати (Естонија, Унгарија, Полска, Чешка и Романија)

---

[4] Поради разликите во големината на земјите во ЕУ, направен е просек за малите земји кој изнесува 59% и просек за големите земји од 29.5%. За помали земји-членки на ЕУ се сметаат: Холандија, Белгија, Португалија, Шведска, Австрија, Данска, Финска, Луксембург, Грција и Ирска, додека големи земји-членки се Германија, Италија, Велика Британија, Франција и Шпанија.

[5] За Малта ова се објаснува со постоењето на само една голема производна компанија, која до 1999 извезуваше главно во ЕУ, но потоа го смени курсот и се преориентира кон други пазари. Кипар е одлично интегриран преку услужниот сектор, доминантно туризмот, а ефектот не е рефлектиран и на извозот на стоки. Во случајот на Литванија ніскиот извоз во ЕУ делумно се објаснува со големиот извоз на енергија во Белорусија и други земји надвор од ЕУ.

имаат поголем удел во извозот во ЕУ од просекот на ЕУ, иако сè уште не се дел од внатрешниот пазар. Просекот на ЕУ е 62.9% од вкупно извезените стоки, со максимум во Португалија со 80.3% и минимум во Грција со 43.4%. Ова доведува до заклучок дека земјите-кандидати се рамноправно интегрирани, во трговска смисла, како и членките на ЕУ.

Интеграцијата е, исто така, водена и од *директните инвестиции*. СДИ од земјите-членки на ЕУ се високи во неколку од земјите-кандидати, иницирајќи перспективи за висок развој и можности за профитабилни инвестиции.

Во Естонија, Чешка, Полска и Унгарија годишните СДИ од ЕУ во просек се околу 3% од GDP. Ова се значително повеќе инвестиции отколку што Словенија, Латвија, Романија и Турција успеаја да привлечат, чиј годишен просек на прилив на СДИ од земјите-членки на ЕУ беше 1.6% од GDP. За споредба, СДИ помеѓу земјите-членки на ЕУ во текот на оваа година се во просек 3% од GDP. Во земјите-кандидати повеќето од СДИ се потрошени за инвестирање во еколошки проекти или инвестиции за замена на старите производни процеси, како дел од приватизацијата и процесот на преструктуирање. СДИ можат да бидат од особено значење за земјите-кандидати ако се земат предвид не само капиталот, туку и трансферот на технологии и know-how. СДИ во земјите од Централна и Источна Европа се сконцентрирани во неколку сектори. Повеќе од 2/3 од вкупните инвестиции се вложени во четири сектори: производство; финансиско посредништво; недвижности, изнајмување и деловни активности; и трговија, сервисирање на моторни возила итн.

Прогресот кон економија базирана на знаење е уште едно клучно прашање за зголемување на продуктивноста, развојот и вработеноста. Генерално, побогатите земји имаат повисок степен на зрелост во информациони и комуникациски технологии (ICT)[6], како и поголем степен на застапеност на високите технологии во нивните економии.

Земјите-кандидати имаат многу слаби вкупни и бизнис-издатоци за *истражување и развој (R&D)* како дел од GDP. Во 2000, вкупните просечни R&D трошоци за земјите-кандидати беа под 1% од GDP, споредено со речиси 2% од GDP за ЕУ. Словенија со 1.5% и Чешка со 1.3% од GDP имаат највисоки R&D издатоци меѓу земјите-кандидати за 2000. Бугарија, Латвија, Романија и Кипар инвестираа 0.5% од GDP или помалку во R&D. Оваа голема разлика меѓу земјите-кандидати ја има и помеѓу членките на ЕУ, каде вкупните R&D издатоци во 1999 се движеа од 0.7% во Грција до 3.8% во Шведска. Нема знаци на зголемување на R&D инвестициите во земјите-кандидати. За половина од овие земји, вкупните R&D инвестиции како процент од GDP се пониски во 2000 отколку во 1995. Опаѓањето е најголемо во земјите со најниски R&D.

Бизнис R&D инвестициите беа ниски во земјите-кандидати исто

6 Information and Communication Technologies

така, со ниво пониско од 0.4% од GDP, што не е ни 1/3 од просекот на ЕУ. Во Бугарија, Романија, Кипар, Естонија, Латвија и Литванија, бизнис R&D инвестициите беа помали од 0.2% од GDP. Само во Словенија и Чешка бизнис R&D инвестициите достигнаа 0.6% од GDP. Овие инвестиции, како процент од GDP, пораснаа само во половина од земјите-кандидати во периодот 1995-2000. Ова покажува на постоење на голем јаз во бизнис R&D инвестициите помеѓу земјите-кандидати и ЕУ, кој не покажува тенденција за намалување.

# Сиромаштијата како ропство

Ненад Марковиќ

"На границата со Бенгалскиот залив, на јужниот крај на Бангладеш и во Западен Бенгал во Индија, се наоѓа Сундарбан, што значи "прекрасна шума". Тоа е природна средина на прочуениот кралски, бенгалски тигар, прекрасно животно кое е грациозно, брзо, моќно и мошне сурово. Уште малку се останати, но опстанокот на овие тигри е заштитен со забрана на нивниот лов. Сундарбан е, исто така, познат и по медот кој го произведуваат големите роеви во природни кошници. Жителите на овој регион, сиромашни какви што се, заминуваат во шумата да собираат мед, кој постигнува мошне убава цена на градските пазари - можеби и една рупија, што е 50 центи (US долари) за една тегла. Но, собирачите на мед мораат да ги избегнат и тигрите. Кога е годината успешна, околу *50 собирачи на мед ги убиваат тигри*, но тој број е поголем кога ситуацијата не е толку добра. И додека тигрите се заштитени, *ништо не ги штити сиромашните луѓе* кои пробуваат да го живеат својот живот работејќи во тие шуми, кои се огромни и прекрасни - и мошне опасни."[1]

Нема подобра илустрација која оди во прилог на овој есеј, кој зборува за сиромаштијата како своевидно ропство, од илустрацијата на Амартја Сен за собирачите на мед во шумите на Сундарбан. Во оваа кратка приказна се содржани елементите на основната релација кога се расправа за сиромаштијата, релацијата *слобода-депривација од економски и социјални човекови права-депривација од елементарните човекови права*[2], како своевидно логично следство. Без малку би можело да се заклучи дека елементите на оваа релација речиси секогаш стојат во иста констелација произлегувајќи еден од друг и меѓусебно надополнувајќи се. Од една страна, на глобалниот јаз стои глобалната сиромаштија, ништо помалку сурова од тигрите во Бенгал, а од другата глобалното социјално раслојување кое само ја потхранува и потенцира. Меѓу нив се наоѓа државата, која се чини немоќна да се справи со глобален проблем на локално ниво. На светската сцена пак, едни спроти други стојат оние кои ја продуцираат, форсирајќи комплетен глобален нео-либерализам, и оние кои се обидуваат да ја ублажат или да и најдат похумано канализирање, низ разните социјални форуми и алтерсамити. За жал, прогресот е безна-

1 Сен Амартја, *"Развој као Слобода"*, Београд, Филип Вишњиќ, 2002. стр.179.

2 Поопширно, во овој контекст може да се зборува и за причинско-последичен однос на релација сиромаштија - депривација - лишување од социјални и економски права - лишување од политички и граѓански права.

чаен, споредено со нивото на технолошко-технички и научен развиток на кое се наоѓа денес светот. Се чини дека светот никогаш не бил поразвиен и - посиромашен.

Зборувајќи за сиромаштијата како ропство, не може а да не се појде од нејзината дефиниција. Аспектот кој е валиден во дискурсот од овој карактер, не е само дефинирањето на сиромаштијата како појава, туку и нејзините варијации и форми во кои таа се јавува. Од друга страна, дефинирањето на слободата е круцијално за дефинирањето на ропството, и тоа колку на негативната, толку (ако не и повеќе) на позитивната слобода. И на крајот, воспоставувањето на врската помеѓу овие две појави од аспектот на човековите права, ја докажува главната теза - дека сиромаштијата е далеку повеќе од лишеност, многу повеќе од глобален проблем и сосема различна појава од недостатокот на одредени ресурси. Сиромаштијата е нешто многу незамисливо за современиот слободен свет и многу понижувачко за оној што ја трпи. *Сиромаштијата е всушност - ропство.*

## Што е сиромаштија

Дефинирањето на сиромаштијата не е едноставна работа. Ова произлегува од две едноставни причини - што ќе се земе како репер за нејзино мерење и втората - дали таа се разгледува во апсолутен или релативен контекст (глобален или како споредба меѓу две држави или заедници). Од друга страна, дефинирањето на сиромаштијата од аспект на човековите права е уште покомплексно бидејќи не претставува само збир на статистички податоци или индикатори за нејзино мерење и има сосема поинаква димензија во која клучната улога ја има конотацијата базирана на депривацијата (од нешто). Како и да е - базичната дефиниција за сиромаштијата од аспектот на човековите права има свој историјат. Еден од првите обиди таа да се објасни од оваа гледна точка е направен од Отец Вресински (основач на ATD Fourth World), кој вели:

“Недостатокот на основна сигурност подразбира недостаток на еден или повеќе фактори кои овозможуваат индивидуите и семејствата да ги исполнат основните одговорностии да ги уживаат основните човекови права. Ситуацијата може да стане широко распространета и да резултира со посериозни и трајни последици. Недостатокот на основна сигурност води во хронична сиромаштија кога симултано влијае на неколку апсекти од животот на човекот, кога е пролонгирана и кога остро ги поткопува шансите на луѓето за враќање на нивните права и за повторно преземање на нивните одговорности во блиска иднина”.[3]

Во таа смисла скратената дефиниција би била “човечка состојба окарактеризирана со константна или хронична депривација (лишеност) од ресурси, способности, избори, сигурност и моќ неопходни за уживање на адекватен стандард на живеење и останатите граѓански, културни, економски, политички и социјални права”.[4] Во оваа смисла,

[4] Ibid.

[3] Office of High Commissioner for Human Rights (UN). *“What is Poverty”.* pp.1. на www.unhchr.ch/development/poverty-02.html.

малку е важно дали приходите на едно семејство се под или еден американски долар дневно (што е долна граница на сиромаштијата според стандардите на Обединетите нации), сè додека истите обезбедуваат адекватен пристап до уживањето на сите права (што не е реално во најголем број случаи). Секако ова се однесува на оној аспект на сиромаштијата (аспектот на човекови права) кој во многу се разликува од нејзината класична дефиниција која не ја зема предвид достапноста на елементите поместени погоре во дефиницијата, туку ја дефинира сиромаштијата од други аспекти. Трите базични пристапи во дефинирањето на сиромаштијата од овој класичен аспект се[5]:

- *Приходна сиромаштија (income-based)*. Овој пристап го специфицира нивото на приходот per capita во едно домаќинство под кое базичните потреби на семејството не можат да бидат задоволени. Оваа дефиниција е проблематична поради тоа што претполага дека постои објективен набљудувач (репер) за човековите потреби. Не ги признава варијациите на чинење на слични добра за различни консументи, виталната важност на непазарното производство во рамките на домаќинството и не-паричната размена во сиромашните семејства.
- *Пристап преку основните потреби (basic needs approach)*. Се зема предвид збирот на минималните услови за живот, вообичаено квалитетот на местото каде што се живее, степенот на населеност, нутриционистичката задоволеност и водените резерви, при што се зема степенот на популација која е лишена од овие услови, со цел да се измери сиромаштијата. Предноста на овој пристап е што може различните услови да се специфицираат во различни опкружувања. Како и да е, ова ја намалува можноста за компарирање на предвидените вредности на различни места. Исто така, не ја зема предвид волјата на луѓето да прифатат најразлични размени (на пр. посиромашно квалитетно место на живеење за редуцирано време за транспорт и трошоци до работното место).
- *Партиципативна дефиниција (participatory definition).* Во рамките на овој пристап, членовите на различните заедници се самите поканети да ја идентификуваат нивната перцепција на нивните потреби, приоритетите и побарувањата за минимално сигурно живеење. Во овој случај жртвувана е можноста за компарација на предвидените вредности во различни заедници или во различни времиња, за сметка на подобра информираност за идентификуваните потреби на самата индивидуа. Повремено ваквата анализа ги форсира поквантитавните методи; понекогаш таа открива поинаку доживеана реалност. Истражување во Раџастан, Индија, има покажано 32 услови кои луѓето ги сметаат за неопходни за минимум нор-

[5] Поделбата е преземена од веб-сајтот на UNFPA (United Nations Population Fund). Постирано на www.unfpa.org/swp/1996/box_def.htm.

малени живот. Компарација на резултатите од истражувањата од преку една декада откриваат дека и покрај намалувањето на приходот на жителите, и малите измени во животните услови вообичаено земени како индикатори при ваквите истражувања, уочливи разлики се јавуваат во перцепцијата на квалитетот на животот.

Иако трите дефиниции во голема мерка се разликуваат, а уште повеќе имаат многу малку сличност со дефиницијата за сиромаштијата од аспект на човековите права, тие ги откриваат аспектите на сиромаштијата во смисол на социјално предестинираност и пред сè - немоќ. И додека приходната дефиниција ги открива аспектите на депривација на семејствата од она што би требало да им следува како дел од општествениот колач, пристапот кој се базира на минималните услови за живот ја открива суштината на социјалната депривација во најгруба смисла каде и самото преживување е доведено во прашање. Од друга страна, партиципативниот пристап ја открива суштината на вечната дебата помеѓу апсолутните и релативните потреби (овие последниве претежно предизвикани од консумерскиот начин на живот и потенцирани од мас-медиумите). Ако ништо повеќе, партиципативниот начин може да илустрира дека и во најбогатите општества човек може да се чувствува сиромашен. А сиромаштијата е тесно поврзана со позитивната слобода.

## Негативна и позитивна слобода

Разгледувањето на сиромаштијата како еден вид на ропство не е потполна без разгледувањето на позитивната и негативната слобода. Ова со цел таа да се позиционира во однос на слободата и со самото тоа во однос на не-слободата. Имено, еволутивниот развој на човековите права наметнал своја поголема популаризација да стекнат граѓанските и политичките права, кои и денес во голем дел од светот се перцепираат како приоритетни[6], што е сè уште предмет на академска дебата[7]. Такви права се, како што е добро познато, да речеме правото на слободно изразување, правото на глас, правото на здружување, правото на фер судење и сл. Во овој смисол тие подлежат на сферата која ја штити *негативната слобода*, која практично претставува слобода од тоа нечие право да не биде нарушено, да не се навлезе во слободниот простор кое одредено право го гарантира[8]. Предноста на негативната слобода е што нејзиното нарушување е веднаш уочливо и може да се санкционира од релевантните фактори. Доколку, на пример, полицијата примени прекумерна сила во одредена ситуација (штрајк, немири), тоа лесно се детектира и може да се преземат

[6] Вредно е да се напомене дека во академскиот свет постои дебата околу приоритетноста и причинско-последичните врски помеѓу, граѓанските и политичките права од една страна, и економските и социјалните права од друга, што е всушност и предмет на расправа во последниот дел на овој есеј.

[7] Види на пример – Brodsky, Gwen and Day, Sheilagh. *“Poverty as a Human Rights Violation”.* The Poverty and Human Rights Project. на www.povnet.org/human_rights/Paper%20v3.pdf

[8] Види на пример – Berlin, Isaiah. *“Two Concepts of Liberty”.* Sarajevo, ERMA Fourth Cluster Reader, 2002/2003.

адекватни мерки. Со економските и социјални права ситуацијата е без малку дијаметрално спротивна.

Случајот на социјалните и економските права, преку кои и се разгледува сиромаштијата (право на адекватен стандард на живеење, право на адекватна исхрана, право на работа итд.) е сложен од аспект на тоа дека тие права се поврзани (и заштитени) со концептот на *позитивна слобода*. Овој концепт е поврзан со она што Амартја Сен би го нарекол “freedom from want”, односно слобода да се има нешто кое би гарантирало барем минимум животни услови. Слобода која се однесува на тоа некому нешто да не му биде ускратено или некој да не биде лишен од нешто.[9] Иако овој концепт е можеби мошне исправен од етичка гледна точка, прашање е дали би ја издржал критиката на кохерентноста на човековите права на Сен[10].

Од друга страна, како последица на оваа поделба, повредата на политичките и граѓанските права речиси секаде во светот се прима со згрозување и презир, повредата на економските и социјалните права се зема како едноставен животен факт. Како што вели Том Кембел - “тортурата се зема како неприфатлива, сиромаштијата како несреќа”[11]. Ова потекнува и од два принципа, кои се како такви прифатени во толкувањето на меѓународните документи кои се однесуваат на економските, културните и социјалните права. Се работи за принципот дека овие права подлежат на “developmental approach”, односно дека нивното остварување не може да биде одеднаш, туку е прашање на време и развој; и вториот принцип кој вели дека тие права треба да се остварат “до максимум на достапноста на ресурси”[12] што значи дека треба да се впрегнат сите сили во општеството со цел да се оствари нивната реализација што побрзо и што поефикасно. Самиот факт што глобалната сиромаштија расте и дека околу четвртина од светското население живее под или блиску до границата на сиромаштијата, укажува дека овој “развој во рамките на максималните ресурси” е или премногу бавен, или премалку ефикасен.

## Ропство и излезот од него

Иако е веќе повеќе од очигледно зашто сиромаштијата е своевидно ропство, краткото објаснување би било полезно. Ако ги занемариме глобалните аспекти на сиромаштијата и се концентрираме на државата како своевиден (и сè уште најчест) механизам на заштита на социјалните и економските права, и со самото тоа главен фактор во намалувањето на сиромаштијата, може да се констатира:

- Државата *мора* да ги заштити политичките и граѓански права на граѓаните, *но може да се обиде* да ги заштити нивните економски и социјални права.

[9] Види Berlin. 2002/2003.

[10] Имено, Сен вели дека ако некоја личност А треба да добие нешто, тогаш личноста В треба да се погрижи тоа да се случи. Поради тоа што личноста В со ништо не е обврзана тоа да го прави, целиот концепт стои на мошне осетлива морална површина. Ова е и суштината на дебатата помеѓу социјалната држава и нео-либерализмот. За повеќе види Сен, Амартја. *“Развој као Слобода”.* Београд, Филип Вишњиќ, 2002. стр.272.

[11] Campbell, Tom. *“Poverty as a Violation of Human Rights: Inhumanity or Injustice”.* Melbourne, Working Paper, 9/2003. стр.3. на www.csu.edu.au/faculty/arts/cappe/PDF%20Files/Campbell4.pdf

[12] Ова посебно се однесува на Меѓународната конвенција за економски, социјални и културни права од 1966 година (влегува во сила во 1976 година). На http://www.unhchr.ch/html/menu3/b/a_cescr.htm.

Таа може да спречи некој да биде неправедно приведен, да се погрижи некој да не биде измачуван и тепан, но на истиот тој човек државата *треба, но не мора* да му обезбеди работа, храна или живеалиште.

- Државата многу често не е способна да обезбеди работа, живеалиште или доволно храна и вода за своите граѓани, поради тоа што и самата е зависна од глобалните економски движења. Тие понекогаш може да доведат и до влошување на сиромаштијата и суб-стандардноста на животот (миграција на капитал, глобално загадување, рецесија).
- Третманот на сиромаштијата не е еднаков со третманот на, да речеме, повреда на правото на слобода на говорот. Додека повредата на слободата на говорот или слободата на здружување (а да не зборуваме за полициската бруталност) се зема како скандалозен настан во слободниот демократски свет, сиромаштијата просто се констатира како состојба која треба да се намалува, а не спречи.
- Сиромаштијата е иманентна за оние социјални слоеви на кои им е ускратено многу повеќе од основните нутриционистички или хигиенски потреби. Со самиот факт што светот располага со досега незабележен технолошко-технички развој, а рекорден број луѓе во него гладуваат укажува дека на тие луѓе им е, пред сè, ускратено - достоинството.

Да са вратиме на почетокот на приказната. Собирачите на мед од Сундарбан имаат по сè изгледа лоша судбина. Не можејќи да најдат друг начин за привредување тие веројатно повторно ќе тргнат во единственото нешто што можеби ќе им обезбеди егзистенција. Државата би требало, но сигурно нема и овој пат да им обезбеди средства за живот, а ни алтернатива. Таа не е должна да ја брани нивната позитивна слобода иако би требало. Можеби во борбата за гола егзистенција ќе загинат 50 собирачи на мед оваа година, а можеби и повеќе. Државата не е должна да ги заштити. Можеби некој од собирачите на мед ќе пука во самоодбрана и можеби ќе погоди. Убивањето на тигрите е казниво со закон. Државата мора да ја брани негативната слобода на тигрите. Слободата да не бидат убиени. Собирачот на мед ќе оди во затвор како што налагаат законските прописи. Уште еден доказ дека сиромаштијата е ропство. Некаде и побуквално од што би сакале ние да си замислиме.

Како да се бориме против глобалната контрадикција на развојот и сиромаштијата? Кои мерки треба да се преземат сиромаштијата да се спречи, а не да се намалува? Што е најпаметно да се преземе доколку трендот остане негативен? Одговорот е едноставен - конечно сиромаштијата треба да се прифати не како состојба, не како судбина, не како нус-продукт на глобализацијата, туку како брутално и остро кршење на човековите социјални и културни права, подеднакво колку било кое политичко право. Од сите прекршоци најтешко е кршењето на човечкото достоинство.

# Валтер Халштајн - голем Европеец

Андреас Клајн

17. ноември 1901 - 29. март 1982

Една од омилените формули на германските историчари за историјата на Сојузна Република Германија како што е добро познато гласи: На почетокот беше Аденауер. Но ова е намерно кажано и не смее да доведе до заблуда, оти на почетокот беа повеќе лица. На почетокот беше и Валтер Халштајн: првиот повоен ректор на универзитетот во Франкфурт на Мајна, првиот државен секретар во сојузната влада и Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, како и првиот претседател на Европската комисија. Валтер Халштајн се вбројува во една од најзначајните личности во самообновувањето на Германија и Европа по ужасот, пустошот и изгубениот морал што ги оставија зад себе национал-социјализмот и воените дејствија.

А тоа што некогашен поручник на германскиот вермахт[1], кој пролетта 1944 год., во бункерите на Шербург ја очекуваше инвазијата на силите на Антантата, само пет години подоцна стана еден од оние кои го имаа одлучувачкиот збор за вклучување на Сојузна Република Германија во западните сили и интегрирање во Европа, јасно го осветлува карактерот на прекини на политичките превирања во втората половина на четириесетите години. А за тоа што правото повторно стана мерило за животот во Европа по тоталната војна, која ја предизвика последното зголемување на трговијата на хегемонијалните сили, особена заслуга имаат личностите како Валтер Халштајн. Унијата на европските држави, чие создавање му стана животна задача, сакаше да биде правна заедница: „истовремено воспоставување на правото, правните извори и независен правен поредок", како што истакна германскиот сојузен министер Карл Карстенс на комеморацијата по повод смртта на Халштајн во 1982 год.

Како близок соработник и советник на Конрад Аденауер, во годините меѓу 1950 и 1957, Валтер Халштајн припаѓа на архитектите на западната интеграција на Сојузна Република Германија. Во годините од 1955 до 1957, тој имаше голем удел за воспоставување на Римските договори со создавањето на Европската економска заедница и Европската атомска заедница. Како прв претседател на комисијата на Европската економска заедница во годините помеѓу 1958 и 1967, значително придонесе за создавањето на органите на заедницата и интегрирањето на тогашната шестчлена заедница и покрај мноштвото противења. Истовремено разви и визија за идниот лик на заедницата и

[1] Wehrmacht – одбрана (заб. на прев.)

испорача практичен и теоретски придонес за повторното воспоставување на државниот поредок во Европа, која произлезе од тоа.

Го нарекоа човекот на Аденауер за Европа и Европеец на првиот час, пророк и старател, ковач и кормилар, трасирач на патот и пионер, реалист во Брисел, па дури беше овенчан и со „Mister Europe" и со ,,цар на Европа". Во популарната историја парадоксално, ама тој е попознат по доктрината, која го носи неговото име, а чиј автор, всушност, не беше самиот тој.

Ергенот Халштајн многу рано стапи во академска служба. На 28 години веќе се здоби со титулата професор по меѓународно стопанско право на универзитетот во Росток, и предаваше право сé до поканата во вермахтот 1943 год. Како брилјантен и енергичен правник беше дел од младите водечки сили на западно-германското општество, кое се конститура по капитулацијата од 1945 год., - неоптоварен, дејствителен и отворен за европски мисли. Со ова тој за Аденауер се докажа како идеален кандидат за водење на првата дипломатска акција на младата Сојузна Република на европолитичко ниво, која започна во јуни 1950 год., со преговорите за Шумановиот план. Како раководител во Канцеларијата за надворешни работи при сојузната влада, а од март 1951 год., и државен секретар на веќе осамостоеното Министерство за надворешни работи, тој одново го изгради Министерството за надворешни работи и се здоби со доверба при меѓународните преговори. А во септември 1955 год., стигна и дотаму да ѝ го даде името на германската политичка максима, која всушност ја разви неговиот заменик Вилхелм Греве: "Халштајновата доктрина".

Оваа доктрина која беше наречена по него се состоеше во тоа што воспоставувањето дипломатски врски на трети држави со ГДР, со кои Сојузна Република Германија веќе има дипломатски врски, сојузната влада ќе го смета за чин на непријателство, кој само ја продлабочува поделеноста на Германија, за што во таков случај таа ќе мора да ги подложи на ревизија своите односи со односната држава. Може ли, како што милуваат да прават одредени историчари, периодот помеѓу 1955 и 1972 год., периодот помеѓу воспоставувањето дипломатски односи помеѓу Сојузна Република Германија и СССР од една страна и склучувањето на основниот договор помеѓу СРГ и ГДР од друга страна, да се означи како „времето на Халштајн", значи како рано железно доба? И дали барањето на правото за самозастапување на Сојузна Република Германија и политиката на непризнавање на сојузните влади водени од унијата фактички не го даде фундаментот на „политиката на силните" во Студената војна и нели беше Хајлштајновата доктрина камен-темелникот?

Ова треба да се негира на сет глас. Валтер Халштајн се гадеше од крв и „железната-политика". За „реална политика" ослободена од морал не сакаше ни да чуе. Ако во политиката не се работи за ништо друго освен за демонстрирање сила, во 1964 год. сметаше дека поимите како задача и одговорност губат секаква смисла. Па така најнадво-

решното што можеше да се постигне во тоа време, беше единствено примирје без надеж за мир. Како и да е мирот за него ја претставуваше смислата и целта на сета надворешна политика. Макотрпната, интензивна работа полна со фантазија во создавањето на Европската заедница за него значеше мировна политика,"придонес за попуштање на напнатоста во Европа и отстранување на неприродните граници од Јалта".

Како претседател на Европската комисија во Брисел, Халштајн повторно беше пионер при изградбата на една централна политичка институција. За време на својот деветгодишен мандат како прв претседател на Европската комисија ги обдари новите европски институции со авторитет наспроти националните влади и создаде независни структури на управување. За време на неговото претседателствување комисијата направи значаен напредок во областа на заедничката европска аграрна политика и при создавањето на идниот заеднички пазар. Како убеден федералист страсно го поттикнуваше создавањето на заедничката унија. Притоа во 1965 год., се судри со францускиот претседател Шарл де Гол, кој беше против засилувањето на комисијата и Европскиот парламент на сметка на националните влади. Неговата уверена заложба за членството на Британија во Европската заедница не наиде на нешто повеќе љубов на француската страна. За своите превирања со Де Гол Халштајн плати со необновувањето на неговиот мандат во 1967 год., но како автор на книги и стручњак за европска политика во пратеничката група на ЦДУ/ЦСУ во Бундестагот никогаш не престана да лобира за доизградба на „недовршената сојузна држава" Европа.

Неговата визија за обединување на Европа до ден-денес нема изгубено ни троа од својата далекувидост, актуелност и историска димензија. Така што и понатаму останува: *„Обединувањето на Европа не значи „создавање блокови", за што сакаат да ја стигматизираат нејзините непријатели. Тоа не е само ad hoc собирање на тежини во играта за политичка рамнотежа, предизвикана од чист опортунизам, кое се случува, ограничено и планирано. Тоа не е дел од некакво влегување во битка. Тоа е органски процес, кој онаа единица долго вкоренета во културата, стопанството и политичката свест, онаа веќе постоечката структурна единица едноставно ја пренесува во една дефинитивна политичка форма".*

# Процес: ЕУ едукација на македонското општество

Ѓерги Вурмо

*ВАЈДЕНФЕЛД В., ВЕСЕЛС В.;*
*„ЕВРОПА ОД А ДО Ш - Прирачник за европска интеграција“ , Скопје, 2003*




Веќе од минатата деценија, Република Македонија цврсто се определи да го следи патот на интегрирање кон Европската унија, притоа вложувајќи напори за исполнување на основните критериуми за членство. За сето тоа време македонските граѓани, често беа сведоци не само на политичката дебата околу европската интеграција, туку и на реформите во разни области на општествено-политичкиот живот, кои, иако наложени од процесот на интегрирање на земјата, не беа разбрани како такви од пошироките маси. Би можело да се каже дека голем број од Македонците, иако запознаени со намерата на земјата да ѝ се придружи на Европската унија, немаат посуштинска претстава за институциите, политиките и начинот на функционирање на Унијата, или, пак, нивната претстава не одговара на реалноста, особено со оглед на организациската и институционалната комплексност на оваа супранационална организација, но понекогаш и поради сличноста на поимите и акронимите (на пример: Совет на Европа често се поистоветува со Европскиот совет на ЕУ). Слична ситуација, иако не до тој степен трагична, до пред неколку години постоеше и во образовните институции каде заради недостигот на литература на македонски јазик, студентите се служеа со „учебници” за чија подготовка авторот користел главно источно-европска литература, занемарувајќи ги притоа западно-европските научници, класици во областа на истражувањето

на Европската унија и европската интеграција.

При една ваква состојба, како неминовна неопходност се појавува токму потребата (често повторувана од Европската комисија) за запознавање на македонските граѓани со основите на Европската унија, со процесот на европската интеграција и пошироко, со Европа. „Европа од А до Ш" е труд на германски политиколози кој „им се обраќа на читателите кои бараат прецизни и брзи информации за основните поими и состојбите поврзани со процесот на европската интеграција". Со оглед на сеопфатноста на темите кои се предмет на истражување на оваа книга, несомнено може да се каже дека овој труд е уникатен во македонската литература, додека во „светската библиотека" спаѓа во ретките напори вложени од научници - политиколози. „Европа од А до Ш", чии издавачи се Вернер Вајденфелд и Волфганг Веселс, е преведена на повеќе јазици и досега доживеала осум изданија. Преку изданието на македонски јазик, нашиот читател има можност да се запознае со состојбите од 1946 година до Договорот од Ница (2000 година).

Издавачите на оваа книга, Вернер Вајденфелд и Волфганг Веселс, се познати во Германија и пошироко како експерти во областа на европската интеграција. Професор д-р Вернер Вајденфелд е близок соработник и член на бордот на низа тинк-тенк организации (German Society for Foreign Affairs - Берлин; Institute for European policy - Бон и др.) и вонреден професор во неколку европски универзитети (Универзитетот Пантеон Сорбона - Париз). Од 1995 година, тој е шеф на Катедрата за политички системи и европска интеграција при Универзитетот „Лудвиг Максимилианс" - Минхен. Посебно треба да се истакне долгогодишното искуство на проф. д-р Волфганг Веселс во повеќе области како: институции и постапки на ЕУ; долгорочниот развој на системот на ЕУ; ЕУ во меѓународниот систем; теории на европската политика и интеграција; проширување и продлабочување на Унијата и други. Бидејќи вториот дел (Прирачник за Европа) на книгата се состои од 68 прилози напишани од повеќе научници, Вајденфелд и Веселс се погрижиле тие есеи да имаат унифицирана структура и да се служат со единствен метод и начин на пишување, што од друга страна овозможува читателот да посветува целосно внимание на содржината и заклучоците на прилозите, без притоа да наиде на потешкотии предизвикани од различниот пристап на авторите или неистоветни структури.

„Европа од А до Ш" претставува, како што препорачува и следниот дел од насловот, сеопфатен прирачник за Европа каде главното место и припаѓа на Европската унија (институции, политики, постапки на одлучување), но и на други европски институции надвор од системот на ЕУ. На централниот дел на книгата му претходи еден краток историски осврт на европското обединување, кој има цел да го брифира читателот за главните моменти и развојот на европското интегрирање од 1946 година, кога Винстон Черчил, во неговиот говор во Цирих, цврсто ја

изрази визијата за создавање на „Соединети европски држави", до 2000 година кога ЕУ е веќе формирана (иако далеку од таа првична визија на Черчил) и се соочува со новите предизвици по распадот на Источниот блок, а овде главно прашање е, несомнено, проширувањето на Унијата. Во рамките на овој временски сегмент, книгата посебно ги разработува успешните и неуспешните обиди на европското обединување (Совет на Европа, формирањето на Европските заедници, но и обидот да се формира Европска одбранбена заедница), кризите, реформите како и документите кои ѝ асистираа на сегашната Европска унија при нејзиното оформување. Иако прилогот има цел да го запознае читателот со фазите на европското обединување од нејзините почетоци (по Втората светска војна), па наваму, авторот не се служи со чист дескриптивен метод. Во прилогот уочлив е и аналитичкиот пристап кон настаните кои ги обележуваат одделните фази на овој период. Посебно критички авторот гледа на последиците од проширувањето на Унијата. Ова е особено нагласено со оглед на фактот што со идните проширувања границите на Унијата ќе вклучат територии кои практично се наоѓаат надвор од границите на *континентот на Европа*. Понатаму, посебно место во анализата (понегогаш и посредна), во рамките на историскиот осврт се посветува и на т.н. „продлабочување на Унијата" (анг.: *Deepening)*, т.е. промени внатре во ЕУ (главно институционални). Разбирливо, прилогот не се самозадоволува само со претставување на фактите или со чист опис на настаните, туку, исто така, врши и анализа на истите, нудејќи објективен одговор на прашања, како на пример: зошто?; зошто не?; што ако?; или, како? Ваквиот пристап е посебно очигледен во следните моменти на "Историскиот осврт": (1) при идентификувањето на причините кои доведоа до потребата од европско обединување; (2) во рамките на дискусијата поврзана со кризите и реформите во текот на 70-тите и 80-тите години; (3) како и во делот посветен на новите услови во Европа во 90-тите години.

Најостра критика на овој, прв дел на книгата претставува ставот на авторот дека „европската политика не се занимавала со детална анализа на своите појдовни гледишта, ниту на своите цели". Вернер Вајденфелд предупредува: „Европа мора да се посвети на концепциски нова насока, за да не доживее неуспех, поради конфликт на старите идеи и новите противречности". Тој заклучува дека на континентот мора да му се подари нова политичка форма, примерна на новата епоха.

Втората глава („Прирачник за Европа"), што всушност ја претставува срцта на оваа книга, се состои од прилози кои се труд на повеќе германски политиколози - истражувачи. Како што и самиот наслов сугерира, тука се опфатени теми поврзани не само со Европската унија, туку и такви кои се однесуваат на Европа воопшто. Овие есеи на преден план ја разработуваат низата политики, институции, документи, промени и развојни трендови во рамките на трите столбови на Унијата и на самата ЕУ во целина,

но, исто така, предмет на прилозите се и другите постоечки институции (Совет на Европа, ОБСЕ и др.), политики (Политика во областа на културата) и документи (Европска конвенција за човекови права) во *Европскиот континент*. Понатаму, во Прирачникот не е запоставен ниту елементот - теорија, што од своја страна го запознава читателот со основните струи / школи во рамките на студиите посветени на интеграцијата, и, воопшто на ЕУ. Тоа од своја страна, не само што овозможува полесно разбирање на заклучоците повлечени во разните есеи на Прирачникот, туку го поттикнува читателот индивидуално да размислува и анализира одредени трендови, промени, или пак, „стравувања” по одредени прашања во Унијата како во минатото и сегашноста, така и во иднина. Таква карактеристика може да се идентификува во следните прилози: Теорија за интеграција (стр. 416); Федерализам (стр. 428).

Како што беше спомнато (види погоре), „Европа од А до Ш“, а посебно вториот дел на оваа книга - Прирачник за Европа, претставува уникатен труд во Македонија со оглед на сеопфатноста на предметот на истражување. Така, делото може да се окарактеризира како *„мини мега-збирка за Европа”,* што во никој случај не го намалува неговото значење и важност, токму поради следната забелешка. Додека со оглед на неговата тематска сеопфатност трудот бездруго претставува *мега-збирка* посветена на Европа, имајќи ја предвид природата на информациите кои ги нуди како и нивната (не)сложеност, збирката спаѓа во кругот на таквите дела, преку кои може да се дојде до основни знаења, едноставни и лесно совладливи за секој читател (*мини* - елементот). Покрај извонредно концизните информации, јасни анализи и заклучоци содржани во одлично структурираните есеи на Прирачникот, за полесно адаптирање на читателот со материјалот, од суштинско значење се и разните илустративни алатки како графикони, табели и слично, а тука истата улога ја играат и „кратките информативни белешки” на почетокот на секој есеј.

Во таа насока, мора да се каже дека намерата на авторите е далеку од тоа преку овој труд да му овозможат на читателот пристап до темелни и сеопфатни знаења за секоја одделна тема во Прирачникот. Таквата намера авторите ја изразиле токму во насловот („Прирачник за Европа”), бидејќи поимот *прирачник* најдобро ја опишува содржината на овој труд и најјасно ги дефинира очекувањата кои треба да ги имаме.

Несомнено, „Прирачник за Европа” е од особена важност за “Македонската библиотека” и истовремено претставува успешна иницијатива во Европа на што укажува и бројот на јазици на кои се преведени овие изданија. Од друга страна, како и за секој друг „прв обид”, и за ова дело има простор за критики, иако мора да се потенцира фактот дека забелешките се минимални. Така, во рамките на вториот дел на „Европа од А до Ш“ поголемо внимание треба да се посвети на следните два моменти**.** Прво, иако намерата прилозите да се состават по азбучен

ред, ја прави книгата поинтересна за читање, таквиот редослед (кој во случајот е азбучен, а не „и тематски" како што тврдат авторите) не е практичен и не му помага на читателот да ја следи (тематски) содржината на Прирачникот. Таква конфузност се предизвикува особено меѓу 238-та и 249-та страница од книгата каде се појавува тематски шифт од „Образовна политика" (стр. 238) преку „Организација за безбедност и соработка во Европа" (стр. 242) до "Повелба за основните права" (стр. 249). Додека првиот и трето-наведениот прилог се однесуваат на Европската унија, второ-наведениот есеј воопшто не се совпаѓа со таа област (ист ваков случај се појавува и помеѓу 367 - 380 страница, но и претходно). Втората, поважна забелешка се однесува на употребената литература. Како што веќе беше спомнато, овој труд за читателот претставува само водич за Европа (посебно за Европската унија) и притоа авторите се погрижиле книгата да биде разбирлива и едноставна (условно кажано, со оглед на сложеноста на одредени прашања / теми). Сепак, тоа што оваа книга ја разликува од едноставното читање на дескриптивни есеи, е токму аналитичкиот метод, кој пак, од друга страна, служи да се дојде до т.н. скриени сознанија или заклучоци. Иако од прилозите се добива впечаток дека разни правци / школи / струи во теоријата се консултирани до одреден степен, со оглед на тоа дека повеќето од есеите на крајот повлекуваат одредени важни заклучоци или пак, антиципираат одделни последици и тек на настаните, неопходно е посуштински и подлабоко да се разгледуваат спротивните мислења (било пооптимистички или попесимистички настроени по одредено прашање). Прилозите главно се потпираат врз германска литература и целосно се занемарени придонесите кон науката на низа еминентни британски, италјански, француски и други научници - политиколози.

Генерална оценка за вториот дел („Прирачник за Европа"), е дека авторите со овој труд потполно ја постигнале целта за овозможување пристап до прецизни информации за основните поими и состојбите поврзани со процесот на европската интеграција. Поради објективни причини поврзани со самиот карактер на иницијативи презентирани во ваква форма (т.е. книга), само преку Прирачникот читателот не може да дојде до брзи информации поврзани со горенаведениот процес. Интегрирањето на европските земји во ЕУ е динамичен процес што значи дека моментните состојби и чекори треба да се следат, користејќи друг вид на општење на информацијата. Ова е од особена важност кога се имаат предвид клаузулите за флексибилност од Амстердам и Ница, кои се од суштинско значење не само за земјите членки на ЕУ, туку и за земјите кои допрва треба да ѝ се приклучат на Унијата. Сепак, „Европа од А до Ш" како целина, нуди решение не само за ова прашање, туку преку следните поглавја му овозможува на читателот пристап до други алатки со кои може да ги консолидира своите знаења.

Иако навидум од технички карактер, следните делови на книгата (АБВ на Европа; Европа низ броеви;

Европа на интернет; Календар на процесот на Европската интеграција и Список на акроними и кратеници), ја дополнуваат претходната глава (Прирачник за Европа) и поради тоа, во себе носат извонредно значење. Корисноста на информациите кои ги нудат е посебно видлива, имајќи ги предвид следните моменти. Прво, мноштвото концепти, поими, акроними, клучни документи и усвоени (за нив) референци, но и политики, институции, агенции и др., создава збунетост кај читателот, особено кога се соочува со таков сеопфатен прирачник на европските институции, политики, постапки и документи. „АБВ на Европа" и „Список на акроними и кратеници" потполно ги исполнуваат очекувањата во овој правец не само со експлицитно објаснување на термините, туку и преку презентирање на поопширни информации сврзани за одделни прашања . Особено „АБВ на Европа" содржи важни упатства, па дури и историски осврт по некои прашања, за разбирање на клучните поими во рамките на европската интеграција, како и посебните политички услови при кои одредени чекори (реформи, промени и сл.) беа преземени. Второ, покрај посебните илустративни инструменти (графикони, табели и сл.) употребени во низата прилози на Прирачникот, „Европа од А до Ш“ посветува посебно место (Европа низ броеви) за читателот кој бара подетални информации за развојот на европската интеграција и Европската унија во целина. Последно, но од не помало значење, во време кога развојот на технологијата во областа на комуникациите во 21. век наметнува нови услови и побрзо темпо на работење, прилогот „Европа на интернет" претставува извонредно важна алатка со кое читатели од разни профили можат да се служат во понатамошното продлабочување, но и „апдејтирање" на веќе стекнатите знаења и информации. Токму ова поглавје го исполнува и следниот дел на целта на оваа книга, која, како што сметаат авторите „им се обраќа на читателите кои бараат прецизни и брзи информации за основните поими и состојбите поврзани со процесот на европската интеграција". Овој дел го упатува македонскиот читател, откако ги совладал „основите на Европа", како понатаму да ги следи состојбите во Унијата (самата Европската унија, нејзините институции, политики, база на податоци, документи, виртуелни библиотеки и други корисни линкови), но и пошироко, во Европа (за другите европски организации надвор од системот на ЕУ), користејќи ја експанзијата на придобивките од ИТ - науката, главно интернетот. Ова, истовремено треба да се разбере и како потсетник за тоа дека 21. век веќе наметнува побрзо темпо на дејствување, а тоа само по себе подразбира постоење на информирано, и за знаење, отворено општество.

„Европа од А до Ш“ како прирачник за Европа, успешно ја исполнува својата главна цел, а со тоа истовремено претставува значаен придонес кон процесот на ЕУ - едукација на македонското општество.

# Иднината на слободата

Владимир Чупески

*ZAKARIA F.; „The Future of Freedom- Illiberal Democracy at Home and Abroad“ - New York, 2003*




Оваа книга е сочинение на разумот и на објективноста, успешен обид на авторот Фаред Закариа[2], без премногу емотивен набој и идеологизирање на категориите слобода, односно на демократијата, да ги претстави како антипод и без императив тие секогаш да се третираат како безусловен ентитет, независно од дадениот историски миг или од општественото уредување. Токму во овој контекст авторот прави сериозен напор (читателот ќе оцени дали се согласува со потписникот на овој приказ дека тоа е успешно направено), да го проблематизира феноменот на исламот, но спротивно на актуелниов црно-бел ракурс дека станува збор за *милитантна религија*, сигнифантна по феноменот на тероризмот, симболизиран во личноста и (не)делото на Осама бин Ладен. Без намера за поширока pro et contra елаборација, само да напоменеме дека овој црно-бел став сè повеќе се модифицира во светот, како на пример, во Велика Британија каде тамошните либерал-демократи, британската Трета политичка опција, се приклонуваат кон соработка со британските граѓани од исламска вероисповест.

---

1 W.W.Norton & Company, New York, N.Y. 2003. На корицата на книгата е впечатливо поместена познатата слика **La Liberte** на Delacroix од 1830 година, со доминантниот мотив на младата француска револуционерка, со разголени бујни гради која го развејува знамето на Француската револуција во борбата за светото револуционерно тројство Слобода, Братство и Еднаквост.

2 Уредник и колумнист на Newsweek International, со библиско презиме од Коранот, свештеникот Закариа кој ѝ носи храна на Пресвета Богородица што, според укажувањето на Анита Пешова (Денес, 31.12.2003) говори за заедничка, не само религиозна, симболика на Пресвета Богородица во исламот и во христијанството.

Со воведот и заклучокот, книгава е поделена на шест поглавја кои, покрај завидно постигнатото ниво на кохерентност на целината, секое за себе може да се третира како засебна студија.

На почетокот, во воведниот дел *Ера на демократијата,* авторот го истакнува фактот дека по исчезнувањето на монархиите, феноменот на фашизмот и на комунизмот, вклучително и на исламските теократи во залез, живееме во ера на демократија, но која треба да се сфати во поширока смисла од нејзиното изворно значење во периодот на антиката. Затоа, авторот го користи, според него посличниот термин, *демократизација* под кој подразбира рушење на хиерархиите и отворање на затворените општествени системи кога притисокот на масите станува примарна движечка сила на системските промени. За него, демократизацијата од форма на владеење станува начин на живеење, предупредувајќи притоа дека овој процес на демократизација има и свои темни страни. Тие, според него, произлегуваат од она што се подразбира од синтагмата *либерална демократија* која во развиените западни земји значи не само слободни и фер избори, туку едновремено и владеење на правото, поделба на моќта и заштита на основните слободи на говорот, здружувањето, религиозните определби и на сопственоста што тој го именува како *конститутивен либерализам.* И Хитлер дојде на власт на слободни избори, забележува авторот. Последователната премисла на авторот е дека во изминатиот половина век на Запад дојде до испреплетување на демократијата и на слободата, но не и во целиот свет каде се случува процут на демократијата, но не и на слободата. Како на пример, во Централна Азија каде токму демократските избори доведоа на власт диктаторски режими, а во поранешна СФРЈ се случија крвави меѓуетнички конфликти. Оттаму, авторот пледира за напореден модел на конститутивен либерализам, во рамките на сеопштиот процес на демократизацијата.

*Првото* поглавје на книгава претставува краток историски преглед на развојот на слободата на човекот чиј почеток датира во 324 година, со поделбата на Римското царство кога Константинопол, по древниот Рим, станува втор центар на светот. Токму во тој миг се случува историската поделба меѓу црквата и државата, како клучен придонес за подоцнешниот развој на човештвото. Токму тогаш, Византија, новиот Рим,  падна под контрола на државата, а стариот Рим го задржа суверенитетот на христијанската религија. Иако, нагласува авторот, се одвиваше жесток судир меѓу Црквата и Државата од што произлегоа првите искри на човековата слобода. Значи, подемот на христијанската црква станува прв значаен извор на слободата во западната хемисфера, односно во модерниот свет. Слободата, следи логичен заклучок, е основниот предуслов за подоцнешниот подем и развој на демократијата. Иако овие два феномена не смеат да се поврзуваат како категоријална целина, а уште помалку да се поистоветуваат. Несомнено, слободата мора да се извојува, а тоа го овоз-

можува демократијата што упатува на sine qua non премисата дека демократијата самата по себе не значи автоматска слобода, подеднакво за поединецот или за колективитетот (групата, племето, кастата и сл.).

Во развојот на демократијата авторот разликува два модела: оној на древна Грција, во чии рамки *поединецот е подреден на власта на мнозинството* и моделот во стариот Рим, според кој, *сите граѓани треба да имаат еднаков третман според законот.* Оттаму, вели авторот, древна Грција му остави во наследство на светот философија, литература и уметност, а придонесот на стариот Рим е темелот на денешнава демократска проекција на ограничување на владеењето, односно поделба на власта на нејзините три основни столба (законодавна, извршна и судска), со доминантна заложба за владеењето на правото, пред кое сите граѓани треба да имаат еднаков третман, но и обврски. Во продолжение, даден е хронолошки развој и втемелување на религиозната формациска поставеност на католицизмот, како највпечатливо наследство од стариот Рим, олицетворен во римската католичка црква; географски развој на слободата; формирањето на високите политички структури (лордовите и кралевите); отпорот на Рим кон неизбежните реформи; појавата на просветената држава како противтежа на дотогаш доминантната религиска во 17. век; консеквенците од појавата на капитализмот во 18. век, посебно на собитијата во англоамериканскиот свет; феноменот на културата како судбина во развојот на човештвото; источно-азискиот модел по примерите на Јужна Кореја, Тајван, Тајланд и Малезија.

*Второто* поглавје (*Кривулеста патека)* го следи развојниот пат на демократијата во 20. век кој започнува во Виена, центарот каде се собираше централно-европската интелигенција и уметничкиот крем, со симболичното палење на цигара од страна на Сигмунд Фројд во знак на протест, но и задоволство заради освоената слобода, односно победата на ултранационалистот Луегер на изборите за градоначалник. Наспроти желбата на хабзбуршкиот монарх Франц Јосиф и на Црквата, традиционални противници на виенската интелигенција. Ова беше, истакнува авторот, *победа на слободата-против демократијата*. Леугер победи врз основа на успешно комбинирана програма на национализам и на комунизам, заложувајќи се за т.н. *христијански социјализам,* што подоцна Хитлер ќе го употреби за инагурирање на својот национал-социјализам. Во првата половина на 20. век во Европа кулминира судирот меѓу либерализмот и популистичкиот авторитаризам на Луегер и Хитлер кој, сепак, беше победен во втората половина од векот.

Економската и политичката независност на бизнис-елитата е основниот предуслов за победа на либералната идеја за независно судство, повеќепартиски избори, цивилна контрола на војската и на полицијата, правото за слободно здружување и изразување на верските слободи, голема средна класа, како и развиено стопанство, тврди Закариа. Авторот притоа

недвосмислено посочува дека политичкиот успех на демократијата се потврдува со економски достигнувања, егзактно наведувајќи дека одредена земја во транзиција кон демократија може да биде успешна во моментот кога ќе оствари меѓу 3.000 и 6.000 американски долари бруто национален доход по жител. Двата клучни елементи за успешна либерална демократија се: а) клучните сегменти на општеството - приватниот сектор и поширокиот богат, среден слој граѓани да стекнат независност во однос на државата и б) државата да стане помалку алчна и каприциозна, а повеќе насочена кон владеењето на правото и одговорна за потребите на општеството. Парите, самите за себе, не водат кон слободата, вели авторот, но вистинскиот успех е кога тие создаваат благосостојба во државата, а тоа може да се постигне кога општествената елита нема да биде во зависен и вазалски однос кон државата, туку ќе може да ја реализира својата креативност независно од неа. Во овој контекст посебно значаен момент е *владеењето на правото* кое овозможува регуларно собирање на даноците, а тоа е единствено можно кога општеството е економски напредно, а државата моќна да ја спречи евазијата на даночните обврски. Посочувајќи го примерот на земјишната реформа во Источна Азија, посебно во Јапонија, Тајван и во Јужна Кореја, авторот тврди дека таа е клучниот чекор во процесот на транзиција на едно заостанато општество во модерно капиталистичко и демократско. Оваа глава завршува со авторовата согласност со минатогодишните предвидувања на експерти на Светската банка дека во наредните 2-3 децении Кина ќе биде најмоќната економска светска сила.

*Третото* поглавје на книгата *Илиберална демократија3,* (Illiberal Democracy) се чини, претставува стожер и основна идеја и мотив на авторот да ја напише оваа книга. Примери за земји каде највпечатливо е застапена илибералната демократија се Русија, Венецуела и одреден број земји во Африка и во Азија. Што се однесува до земјите на Западниот Балкан тие за авторот не постојат во неговата агенда и на нив тој се осврнува како на земји во транзиција, именувајќи ги попатно, во поширок контекст.

Во Русија, по неуспешниот државен удар за да се сопрат, односно анулираат реформите на Горбачов, со 8-годишното владеење на Елцин и при крајот на првиот мандат на Путин, наместо владеењето на правото доминира владеењето врз основа на претседателски декрети, како стандардна процедура во однесувањето на власта. Со оглед дека по падот на комунизмот во еден број земји ширум светот владеат режими во кои е измешан принципот на слободни избори и авторитаризмот, за авторот тоа е класичен пример, односно модел на илиберална демократија. Притоа, тој прави дистинктивна анализа врз основа на два спротивставени примера, иако со еднаков идеолошки

[3] Именките со префиксот **il** во англискиот јазик, го означуваат токму спротивното значење на односната именка. Како на пример, matured (созреано), со додавање на префиксот il-matured (несозреано). Оттаму, синтагмата илиберална демократија авторот ја презентира како спротивна на либералната демократија.

предзнак, на Русија и на Кина при што додека Кина почна со реформи на сопствената економија, Русија прво и безмалку наврапито тоа го стори со политичките реформи. Поедноставено презентирано од авторот, Кина прво ја реформира својата економија пред својот општествен политички модел, а Русија тоа го прави обратно. Ако се знае дека економскиот развој и средната класа се клучните елементи на одржливата демократија, тогаш, заклучува авторот, Кина е на вистинскиот пат да успее. Наспроти фактот дека и во обете земји државата беше сопственик на природните ресурси, односно на севкупната економија не ѝ беа потребни никакви даноци, сепак во Русија, Елцин не стори многу да ги изгради неопходните институции. Објективниот читател може да констатира дека ниту Кина не се мачи тоа да го направи пребрзо, но таа сè уште, бавно  за западниот вкус, но трпеливо согласно нејзиното историско културно наследство, гази по стапките на својот реформатор Денг Хсиао Пинг. Дополнителен товар за Русија е што Елцин ги користеше новосоздадените, преку ноќ, олигарси (Березовски, Гусински, Коскодовски ) додека Путин, во пресрет на претстојните претседателски избори, од сосема маркетингшки потреби, истите тие ги прогонува или ги апси. Во оваа смисла, селективната употреба на правото во политички цели, напоменува авторот, идејата за еднаквост пред правото ја прави перверзна. Плурализмот почива на компетативноста на центрите на моќта, авторот го цитира Владимир Рушков, еден од ретките либерали во рускиот Парламент, кој тврди дека откако Путин ги замолча слободните и независни медиуми, си го отвори широко просторот да стане нов руски цар. Иако во моментов илибералната демократија во Русија е полезна со оглед дека создала либерален автократ. Тоа не значи и особено значаен поен за демократијата во целост, но се поставува прашањето - што ќе биде откако на сцена ќе стапи неговиот наследник, реторично коментира авторот Закариа. Но, тоа е судбината на илиберализмот, да се движи во широк спектар од не многу насилни режими како во Аргентина до речиси тирански во Казахстан, со нешто помеѓу нив во Украина и во Венецуела. Интересни се егзактните статистички податоци што ги предочува авторот во оваа смисла: во 1990 година само 22% од земјите во *демократизација* (транзиција) може да се сметаат како илиберални, во 1992 година процентот се зголеми на 35, за во 1997 тој да достигне 50%, по што доаѓа до незначително опаѓање.

Проблемите во демократизацијата авторот ги лоцира во тензијата меѓу конститутивниот либерализам и целината на демократските процеси, односно во зависност од опсегот на  авторитетот на власта. Конститутивниот либерализам е насочен кон ограничување на моќта, а демократијата на нејзината што поголема транспарентност и употребна вредност. Заради тоа, според авторот, многумина либерали во 18. и во 19. век ја сметале демократијата како сила која може да ја поткопа слободата. Тенденцијата да се верува дека демократската власт

поседува апсолутна сувереност (т.е. моќ) може да резултира во централизација на власта, често по пат на вонконститутивни средства и со поразителни резултати. Крајниот резултат може да биде малку поинаков од диктатура, иако за сметка на легитимитетот. Како, на пример, да се манифестира тиранија на мнозинството, како што предупредувал Токвил, иако во западните земји се воведени механизми за заштита на индивидуалните и на малцинските права. Силната власт е нешто сосема различно од ефикасна власт, заклучува авторот.

Закариа тврди дека демократските сили треба да придонесат за етничка хармонија и мир. Но, тој инсистира, без подлога на конститутивниот либерализам, воведувањето на демократијата во поделените општества, всушност, го подгрејуваат национализмот, етничкиот конфликт, па дури и предизвикуваат војни, а како примери ги зема крвавите собития во поранешна СФРЈ и СССР. Во општествата без долга мултиетничка традиција или каде се одвивал процес на асимилација, кога политичарите се борат за гласовите на електоратот, едноставно е да се обезбеди негова поддршка врз расна, етничка или религиска основа. Кога одредена етничка група ќе ја освои власта таа настојува да ја потисне другата, која е различна од неа. Компромисот се чини невозможен и веднаш се создаваат опозициони движења, вооружени групи и се организираат воени удари. Авторот во оваа прилика ги нема предвид настаните кај нас во последнава деценија по нашата независност, туку говори врз основа на искуствата на племенските судири во Африка. Неговиот став како одговор на овие турбуленции е неопходноста да се обезбеди *демократски мир*, за кој пишуваше големиот философ Имануел Кант. Демократскиот мир, всушност претставува либерален мир, е единствениот логичен заклучок до кој дошол овој познат мислител уште во 18. век. За волја на вистината, пишува авторот, Кант тогаш верувал дека демократските режими биле тирански и го претпочитувал *републиканизмот* кој за него претставувал модел за поделба на власта, владеење на правото и заштита на индивидуалните права.

Дистинкцијата меѓу либерализмот и илиберализмот авторот Закариа ја илустрира со статистичките истражувања на политиколозите Џек Снајдер и Едвард Менсфилд, кои дошле до заклучок дека во изминатите 200 години земјите во обид за демократизација многу почесто се впуштале во воени судири за разлика од земјите со стабилни автократски или либерални режими. Оттаму, пишува авторот, земјите кои не се втемелени врз основите на конститутивниот либерализам, демократскиот подем често предизвикува хипернационализам и воени крвопролевања.

Впечатливи се погледите на Закариа во *Четвртото* поглавје *(*Исламот како исклучок*),* чии години на формирање на личноста се во Индија, земја на религиозна разноликост, но и на крвави верски судири, за која експерти на Светската банка, исто како и за Кина, предвидуваат џиновски економски

раст и заземање второ место на светската економска хиерархија, веднаш зад Кина, а пред САД.

Арапскиот свет денес, посочува авторот во својата анализа на исламот, се наоѓа во стапица меѓу автократските држави и илибералните општества, при што не постои плодна почва за постоење на либерална демократија заради оптовареност на политичката клима со религиозен екстремизам и насилство како ревирзибилен историски процес, кој се одвивал во западниот свет во претходните два века. Оваа дисфункционалност меѓу државата и општеството не може да биде доказ дека исламот е религија на репресивност и назадност со оглед дека не само во Коранот, туку и во Библијата се видливи автократските тенденции, а во обете свети книги, како и во еврејската Тора, се величаат кралевите, односно врховните водачи, ставени на пиедестал на безпоговорна супремација. Иако западните умови на 19. и на почетокот на 20. век тврдеа дека исламот го поттикнува авторитаризмот, тоа не беше помалку авторитарно од примерите во кинеското, јапонското или во руското царство. Но, тврди авторот, реалноста е поинаква со оглед дека во исламот постои една анти-авторитарна нишка што тој ја илустрира со цитат од Коранот: *Ако му се нареди да направи злосторство, муслиманот не треба да го послуша наредбодавачот, ниту пак да ја изврши неговата наредба.* Во овој контекст, исламот е многу сличен на протестантизмот, во кој секој негов верник може самиот да се прогласи за религиозен лидер, така и секој муслиман може да дејствува како Осама бин Ладен. Проблемот, според Закариа, е отуството на врховна религиозна власт во исламот, а не неговата доминација. Впрочем, коегзистенцијата меѓу исламот и Западот трае 14 векови, со помногубројни периоди на мир отколку на војување. Со други зборови, вистинскиот проблем не е во исламот како религија, туку во собитијата на Блискиот Исток (каде живеат само 260 милиони од севкупниот број 1.2 милијарди муслимани во светот, а од 22 земји-членки на Арапската лига ниту една од нив не познава изборна демократија, а општествената структура е длабоко авторитарна), а Авганистан се искористи како плацдарм за борба против Америка.

Како и на Балканот колку до неодамна, денес во арапскиот свет доминираат патријархалните односи што се плодна почва за пирамидалност на власта[4], со нагласено авторитарни владетели. Тие, посебно шеиците, иако фасцинирани од Западот, посебно од неговиот потрошувачки менталитет, напуштајќи го некогашниот модел на бедуински монарх, го користат богатството за усовршување на полициските, воените и на разузнувачките сили за обезбедување цврста контрола на своите поданици. Принципот е еднаков кога станува збор за земји чие богатство се должи на огромните суровински резерви, кога државата е доволно богата да ги

[4] Кога единствено можна проекција е појава на харизматичен водач, безпоговорно и единствено можно со, помалку или повеќе, доминантни диктаторски манири на владеење. Чаушеску, Живков, Хоџа, Тито, а по него и Милошевиќ имаат еквивалентни клонови на поголем број арапски владетели денес.

задоволува своите потреби, или, пак, потребите се задоволуваат со странски донации или кредити, а економската и политичката модернизација, едноставно, се занемарува. Со лесно стекнатата добивка, државата нема потреба, уште помалку обврска, да бара оданочување од своите граѓани, но затоа пак многу малку и им овозможува, во смисла на политички слободи, заштита на нивните основни права итн. Државата, притоа, е доволно богата за да биде репресивна со оглед дека секогаш, како во поранешен СССР, обезбедува пари за полицијата и за војската, нагласува авторот. Но, вели тој, поразно е што во недостаток на можност за изразување на различни политички ставови, а пред сè непостоење на институции во оваа смисла, џамијата се трансформира во институција за политички говори и дискусии. Оттаму, целосниот неуспех на создавање политички институции во арапскиот свет е клучната причина за буење на исламскиот фундаментализам кон што авторот подеднакво значајно го нагласува проблемот на одвојувањето на религијата од државата, по пат на реформи, но не на религијата, туку на политиката и на економијата. Токму тоа што се случуваше векови наназад во Европа, кога се одвиваше процес за супремација на државата врз црквата. Лесно е да ѝ се наметнат слободни избори на една земја, но многу потешко е да се врши притисок врз неа за воведување конституционален либерализам. Пред сè, заради тензијата меѓу демократијата и либерализмот, заклучува авторот. [5]

*Петтото* поглавје (′Многу арно, не е на арно′) целосно е посветено на САД, кое почнува со парафраза на една песна на Битлсите дека *парите не можат да ја донесат среќата*. Американците не се посреќни од пред 25 години, кога земјата беше растресена, небаре на работ на колапсот, од војната во Виетнам, стагфлацијата беше главниот белег на економијата, Америка се соочуваше со нафтената криза, расните немири и зголемената стапка на криминалот, вели авторот. Иако во овој период се бележи економски бум, со пораст од над 50% на БНД per capita, а на меѓународен план заврши Студената војна, комунизмот беше уништен, а социјализмот дискредитиран[6], кога Америка застана на врвот на политичките, економските, воените и културните[7] собития, сепак Американците не беа задоволни. Заради, како што нагласува авторот, дисбалансот во американскиот систем во кој постоеше повеќе демократија, но помалку слобода. Во 1960-те години 70% Американци ѝ веруваа на Владата, а 30 години подоцна овој процент изнесуваше близу 30%. Процентот на зголемена доверба се зголеми по терористичкиот напад на

[5] Оваа теза на авторот може да се доведе под знак прашање. САД постои едвај 218 години, а нејзиниот досегашен културен извозен производ беа џезот и поп-музиката, односно културата, заедно со филмот кои, за волја на вистината изврշија огромно влијание врз европската култура во 1970-те години, но сепак, европските вредности реализирани со векови наназад останаа и натаму светски релевантни. Како на пример, Микеланџело или валцерите на Штраус на кои Америка може да им ги спротивстави Џексон Полок или Енди Ворхол, иконата на американскиот поп-арт или Џон Кејџ и гар-от во музиката.

[6] На кои, всушност, во лимитиран круг влијателни поединци се одредува претседателскиот кандидат по што прашање на голем скандал е доколку дотичниот не биде избран и на општата партиската конвенција.

[7] the flower power movement

11 септември 2001, но тој веднаш се сведе на претходното ниво во јуни 2002 година. Пад забележува, исто така, и процентот на американските гласачи на претседателските избори за околу 20% во однос на 1960-те. Вкупно земено, учеството на американските граѓани во јавниот и граѓанскиот сектор се намалил за 40% во средината на 1960-те години, а како сигнифантен пресвртувачки симболичен миг авторот го има на ум моментот кога американскиот претседател Линдон Џонсон го потпиша Законот против расната сегрегација, непосредно по убиството на Џон Кенеди. Објаснувањето за овој феномен авторот го трасира во отворањето на политичкиот систем во периодот на 1960-те години што овозможи, како што нагласува, полесно навлегување на парите, лобистите и на фанатиците, како и на огромниот број невладини и други иницијативни групи и организации со основна желба и намера да станат рамноправен дел од власта. Овој тажен спектакл *(sorry spectacle)*, како што го именува авторот, се сведува на поедноставена транспарентност кога лобистите, активистите, консултантите и политичарите употребуваат една иста информација, се разбира секој од свој аспект и потреба, како основа за своето дејствување иако, демократијата во Америка, историски гледано, отсекогаш била еден од елементите на политичката структура. Во оваа смисла авторот негативно ја посочува новата појава на политичката сцена во ликовите на финансиерот Џорџ Сорос и косопственикот на Мајкрософт, Пол Ален меѓу другите, кои ги именува како *милијардери-претприемачи во политиката.* Направена е збрка, сугерира авторот, во дејствувањето на широкиот опсег на невладини институции и на политичките партии, при што и двата сегмента се наметнуваат како посредници меѓу поединецот и државата. А, притоа, загрижен е авторот, политичките партии ја губат смислата на своето постоење, односно тие се самоуништуваат што најдобро се гледа во фактот дека тие немаат веќе никакво влијание во одредувањето на претседателскиот кандидат на партиските конференции, што е веќе претходно завршена работа на т.н. преелиминарни избори (primery elections[8]) во одделни држави. Во овој контекст, авторот, исто така, ја воочува запоставената, второстепена улога на легаслитивата чие функционирање ја претставува на најдобар начин идејата за индиректна демократија заради што просечниот американски државјанин не е задоволен од својот политички систем. Кратко речено, улогата на легислативата е преземена во рацете на лобистите, најмоќната индустрија во Вашингтон, како што потсмешливо ја именува авторот, разните активисти и, во голема мерка, на институтот референдум кој, според него, е главната причина некогаш моќната Калифорнија, денес да се сведе на сојузна држава во распаѓање.

Самоуништувањето на партиите, со куршумот на преелиминарните

[8] Заради, може реално да се претпостави, огромното влијание на поп-музиката врз младите, како и заради моќната музичка индустрија која остварува огромни финансиски профити.

избори за кои најмалку е значаен ставот на мнозинството, според авторот, е најголема болка на американскиот политички систем. Политичките партии денес станаа толку многу отворени и децентрализирани што веќе никој не ги контролира, а тие се сведени на машинерија за собирање пари за изборите на кандидатите, осудени самите да се грижат за финансиските средства, при што нивниот избор зависи од преелиминарните избори, тие, всушност, се осудени да се поставaт наспроти партискиот естаблишмент. Оттаму, заклучува авторот, во минатото претседателските кандидати беа рефлексија на своите политички партии, а денес партиите се рефлексија на своите кандидати.

Директната демократија во форма на референдум, започната 1898 година во Јужна Дакота, е стара традиција во американскиот политички систем. Изворната идеја беше да се оневозможи односот, или, поточно, влијанието на бизнисот врз политиката. Доказот за илузорноста на функционалноста на референдумот како политички модел авторот го претставува преку случајот со сојузната држава Калифорнија која за многумина, посебно за генерација млади опоненти на војната во Виетнам или „децата на цвеќето“[9] го симболизираше американскиот сон. Некогашна Калифорнија, со својата Силиконска долина и Холивуд, развиени универзитетски центри и најбогата издавачка продукција што беше постигнато благодарение на умерените оданочувања, денес се соочува со бројни инфраструктурни проблеми, главно во доменот на нивното одржување, а во изминатиов период мораше да изгради и дополнителни 22 затвори. Во минатото Калифорнија користеше 22% од својот буџет за инфраструктурни потреби, денес ова е сведено на 5%. Проблемите се јавија кога државата го воведе Референдумот, поточно Предлогот број 13, по што следеа дополнителни. Проблемот беше што со сите овие референдуми се јави остра дискрапанца меѓу оданочувањето на приватниот и приливот на финансиски средства за јавниот сектор, односно контролата на дистрибуцијата на финансиските средства. Референдумите резултираа со жалосниот факт што денес 85% од државниот буџет на Калифорнија е вон контрола на легислативата што е единствен пример во светот, тврди авторот. Настрана што постои голема дискрапанца меѓу замислите и целите на бројните референдуми кои, напати, се поништуваат самите себе си. Наместо поефикасна демократизација, забележува авторот, создадовме, неприродно моќна елита која не може финансиски да се контролира, а над сè неодговорна и незаинтересирана за некој поголем јавен интерес. Оваа нова елита, чија основна дејност би требало да е унапредување на репрезентативната и(ли) директната демократија, всушност, се претвори во супституција на Конгресот, политичарите

[9] На истиот начин и модел кој постојано го смислуваше, но, за жал, и ревносно го практикуваше патријархот на самоуправниот болшевизам во поранешна СФРЈ, Едвард Кардељ. Неговата основна идеја и крајна цел беше, да се потсетиме, одумирање на државата. Целта беше постигната, но умирањето на државата СФРЈ беше крволочно, а некои нејзини делови, освен Словенија и Хрватска, сé уште се во агонија на очекување на крајниот чин на драмата.

и нивните партии, а, на крајот, и на самата власт. Борејќи се против некогашниот политички елитизам, „борците“ самите станаа елитисти, го прафразираме заклучокот на авторот. Оттаму, како вовед во следната, *Шеста* глава (*Одумирање на авторитетот*) авторот предочува дека залезот на традиционалните елити и институции, не само политичките туку и културните, економските и религиозните, е суштината на трансформацијата на американското општество.

Есента 2002 година, кога Chase Manhatten Bank се спои, односно ја купи J.P.Morgan, втората најголема банка во САД започна демисија на старата, добра Wall Street, центарот на американските и на светските финансиски трансакции. Банката J.P.Morgan во доцниот 19. и почетокот на 20. век претставуваше основно прибежиште за американската економија, сѐ до 1913 година, кога американскиот Федерален систем на резерви (Federal Reserve System) ја преземе оваа улога. Демократизацијата, прво на финансискиот бизнис, придонесе за трансформација на американското општество, а таа, според авторот, предизвика и процес на одумирање на авторитетот, односно обезличување на поединецот. На тој начин, капитализмот беше трансформиран во демократски капитализам. Неверојатно, но бранот на демократизацијата ја зафати и религијата, односно дојде до демократизација и на американскиот протестантизам, кој беше водечкиот религиозен образец во земјата. Американското христијанство во целина, посебно протестантството, се преобрази во доктринарно плуралистичко и извонредно внимателно кон верувањата, барањата и желбите на луѓето. Фундаментализмот, губејќи ја својата религиозна срж, во голема мерка стана политички феномен со што не беше повеќе религиозен авторитет. Врз основите на конзервативниот фундаменталистички протестантизам се појави Били Греам, новата популистичка ѕвезда на евангелистичкото христијанство, кој ја проповедаше традиционалната религија на старомоден и исклучително стриктен начин. Притоа, посебно дојдоа на удар другите религиозни афилиации како Евреите, католиците и мормоните. Посебно католиците заради нивниот Папа кој беше буквално третиран како антикрист. Крајниот резултат беше појава на голем број евангелистички секти со свои специфичности и ексклузивни потреби, вклучително и за етаблирање на посебен „христијански рок & рол“. [10]

Во процесот на демократизацијата посебно на удар дојдоа интелектуалнните елити на Америка, кои се соочија со основниот проблем: која кауза да ја застапуваат и(ли) да ја бранат? Наспроти изворната замисла на Роберт Брукингс, кој во 1916 година го основа истоимениот и денес престижен Институт, во своите анализи да биде ослободен од каков било политички или исклучив интерес, денес американските интелектуалци се осудени да застапуваат стриктен партиски, односно идеолошки интерес. Ова, според

[10] Може реално да се претпостави, заради огромното влијание на поп-музиката врз младите, како и заради моќната музичка индустрија која остварува огромни финансиски профити.

авторот, се должи на настојувањата на американските конзервативци да креираат по секоја цена институции што ќе дејствуваат *контра-естаблишментот.* Американските интелектуалци денес се во јадна состојба пред сѐ, заради сознанието дека т.н. трустови на мозоци (*think-tanks*) не ги ангажираат заради нивната слободоумна мисла туку, едноставно, за да поткрепат посебен интерес на одредена корпорација, синдикална унија, па дури и на некоја странска влада. Авторот безпоговорно тврди дека денес интелектуалците во Вашингтон се распнати меѓу партискиот (идеолошки) интерес и заштитата на одреден посебен интерес, со што речиси целосно е изчезнат просторот за независна евалуација на јавната политика. Единствената институција која има улога на медијатор во американското општество е новинарството, кое успева да ја отслика реалноста и да ја дефинира политичката агенда, иако и тоа е на удар на истите сили на демократизација, вклучително и на маркетингот, како и сите други професии. Но, вели авторот, се случи информативната револуција, со сите негативни и позитивни ефекти што се случуваат притоа. Сепак, тврди авторот, можно е постоење на функционална либерална демократија без притоа да имаме високо квалитетно новинарство кое допира до широк аудиториум, но тоа е далеку од идеалноста. Но, медиумите се како индустрија и тие се заштитени од американскиот Устав. Оттаму, се наметнува единствена дилема: да се направи избор меѓу привилегиите и сопствените вредности на професионалецот во која било сфера од општественото дејствување, тоа е имлицитниот заклучок на авторот. Впрочем, со привилегиите мора да се води грижа за одговорноста на сите оние кои се вклучени во општествените процеси. Но, заклучокот на авторот е дека денес очекувањата од оние кои ја поседуваат моќта се многу мали, од што произлегува дека ретко кога можеме да бидеме разочарани од нив.

Излезот, инаку наслов на *Заклучокот* на оваа книга, авторот го лоцира во кратко, дополнително резиме на претходниот текст. Дваесеттиот век, вели тој, е карактеристичен по двата големи тренда: регулирањето на капитализмот и дерегулацијата на демократијата. Тие претставуваа разумни солуции за решавање на проблемите на векот соочен со нерегулираниот капитализам и позицијата на олигархијата. Но, авторот ја цитира карикатуристката Евелин Вон, според која, секоја добра идеја е валидна до одреден момент. Во овој век демократијата се насочи во обратна насока, а регулацијата на капитализмот во 1970-те години резултираше со воведување тешки даноци и византиска контрола од страна на власта. Според анкетите на јавното мислење денес респектот на јавноста е најголем спрема Врховниот суд на Америка, воените сили и Системот на федералните резерви во улога на независна централна банка, кои се единствено недопирливи на јавните притисоци, а нивната улога е да бидат водечки фактор, а не да следат одредена политика, значи се недемократски.

Конгресот, како најрепрезентативна институција, од друга страна, е на дното на скалата на популарноста во јавноста. Во оваа смисла, авторот посебно говори за англо-американските погледи кон Европската унија која се третира како недемократска, до степен на нејзино претставување како карикатура. Но, кога во 1970-те соочена со огромен политички притисок од моќни интересни групи, повеќето од нив протекционистички ориентирани и сите, без исклучок противници на какви било промени, парализираната Европа презеде значајни реформи во фискалната, монетарната и регулативната сфера, резултатите беа наскоро видливи, а авторот како највпечатлив доказ го зема примерот со Италија која, за да не покаже негативен однос кон целите на буџетот на Европската унија, беше приморана да го намали својот дефицит. Оттаму, крајниот заклучок на авторот е дека треба да се следи духот на Европската унија, Светската трговска организација и на Системот на федералните резерви, како и на другите слични тела. Во оваа смисла тој е против делегираната демократија, која метафорично ја споредува со искуството на Одисеј соочен со неодоливиот звук на песните на сирените. Во таа прилика, Одисеј, со памук и восок во ушите, им наредил на своите потчинети морнари да го врзат цврсто за јарболот, без да смеат да го одврзат додека минува крај сирените за да не потклекне пред предизвикот на нивното пеење. Така треба да постапуваат и политичарите, сугерира авторот, кон државата во однос на турбулентните политички води. Авторот не ја отфрла целосно делегираната демократија, но цврсто инсистира централните банки да станат многу помоќни, односно центарот на моќта да биде концентриран во економијата која мора да остане надвор од суштинското влијание на секојдневната политика. Во спротивно ќе ја доживееме репризата на функционирање на градовите-држави во древна Атина, како што тоа авторот го илустрира со примерот на Калифорнија, разулавена од доминацијата на организираните моќни и фанатични малцински групи, кои заштитувајќи ја сопствената позиција и интерес денес ја жртвуваат нашата заедничка иднина. [11]

[11] На истиот начин и модел кој постојано го смислуваше, но, за жал, и ревносно го практикуваше патријархот на самоуправниот болшевизам во поранешна СФРЈ, Едвард Кардељ. Неговата основна идеја и крајна цел беше, да се потсетиме, одумирање на државата. Целта беше постигната, но умирањето на државата СФРЈ беше крволочно, а некои нејзини делови, освен Словенија и Хрватска, сè уште се во агонија на очекување на крајниот чин на драмата.

# Декларација на ООН

ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ А / РЕС/ 46/141

Генерално Собрание

Генерален Секретеријат
17 декември 1991
Оригинал: Англиски

А /РЕС /46/ 141
76. пленарна седница
17 декември 1991

Меѓународна соработка за сузбивање на сиромаштијата во земјите во развој

Генералното Собрание,

Потврдувајќи ја Декларацијата за меѓународна економска соработка, посебно делот за Ревитализација на економскиот растеж и развој на земјите во развој, содржан во анексот на резолуцијата С-18 / 3 од 1 мај 1990, како и Меѓународната стратегија за развој на четвртата декада на Обединетите нации посветена на развој, содржана во анексот на резолуцијата 45 / 199 од 21 декември 1990;

Потврдувајќи ги исто така резолуциите 43 / 195 од 20 декември 1988, 44 / 212 од 22 декември 1989 и 45 / 213 од 21 декември 1990;

Забележувајќи дека сузбивањето на сиромаштијата во земјите во развој е врвен приоритет за развој во 1990-тите;

Посочувајќи дека ефективни национални политики кои се поддржани од меѓународна економска пракса која им оди во прилог

можат да промовираат растеж и развој во земјите во развој, и со тоа го зголемуваат нивниот капацитет за преземање на социјални и економски програми кои ја сузбиваат сиромаштијата;

Забележувајќи дека напорите за сузбивање на сиромаштијата кои досега се прават на национално и на меѓународно ниво немаат голем ефект на проблемот на зголемување на сиромаштијата.

Свесни дека за остварување на целите за сузбивање на сиромаштијата потребна е јака и концентрирана акција на повеќе нивоа:

1. Го зема предвид со почит извештајот на Генералниот секретар за меѓународната соработка во сузбивањето на сиромаштијата во земјите во развој;

2. Го потенцира значењето на домашната политика, вклучително и ефективните буџетски политики, за мобилизација и алокација на домашните ресурси за сузбивање на сиромаштијата преку взаемно имплементирање на храна, здравје, образование, домаќинство и програми за населување;

3. Повторува дека меѓународната економска поддршка е од исклучително значење за успехот на напорите на земјите во развој да ја сузбијат сиромаштијата;

4. Ја повторува својата заложба до меѓународната заедница за прифаќање на специфични и ефективни мерки кои се дизајнирани да го зголемат финансискиот приход на земјите во развој, вклучувајќи го и одржувањето на договорените 0.7% од бруто домашниот производ за официјална помош за развој, како и начелата за најмалку развиените земји усвоени на Втората конференција на Обединетите нации за најмалку развиени земји, сé со цел да се зајакнат напорите за сузбивање на сиромаштијата на земјите во развој;

5. Ја повикува меѓународната заедница да имплементира програми за технички развој за да се подобри ситуацијата во ресорите на храна, здравје, образование, население и домаќинства и за да се задоволат другите основни потреби на населението во земјите во развој, а посебно во посиромашните од нив, и во тој контекст ја реафирмира потребата од оценување на ефективните модалитети на трансфер на технологијата од аспект на имплементација и зголемување на тој трансфер колку што е можно повеќе, а посебно кога трансферот оди под конценсии или други преференции во земјите во развој;

6. Ја охрабрува меѓународната заедница, како и органите, организациите и телата на Обединетите нации, да ги поддржат програмите во земјите во развој, вклучително и програмите за развој на човечки ресурси, со цел да се зајакнат техничките капацитети и да се создадат можности за производство и вработување;

7. Бара од Генералниот секретар да поднесе извештај до Генералното собрание на четириесет и седмата сесија за напредокот во координирањето на акциите, во соработката со владини и невладини

организации и други мултилатерални тела, да формулира подобрени и проширени програми за техничка соработка во кои ќе се посочат конкретни чекори за сузбивање на сиромаштијата во земјите во развој, во рамките на системот на ОН, и во соодност со политиките, приоритетите и стратегиите на тие земји;

8. Одлучува во нацрт-агендата за четириесет и седмата сесија да ја постави и темата "Меѓународна соработка за сузбивање на сиромаштијата во земјите во развој".

# За авторите

**Владимир Божиновски**, роден 1976, истражувач и аналитичар за Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество. Магистер по Евро-интеграции при Универзитетот во Болоња.

**Ѓерги Л. Вурмо**, роден 1978, магистер по Евро-интеграции при Универзитетот во Болоња, работи како програмски асистент во Институтот Евро Балкан - Скопје.

**Катерина В. Гроздан**, родена 1979, магистер по Човекови права и демократија на Универзитетот во Сараево и Универзитетот во Болоња, во моментов волонтира во различни проекти, кои го промовираат Охрид како културен центар.

**Иван Дамјановски**, роден 1979, истражувач и аналитичар за Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество. Магистер по Евро-интеграции при Универзитетот во Болоња.

**Андреас Клајн**, роден 1972, политиколог, официјален претставник на Фондацијата „Конрад Аденауер" во Скопје, Република Македонија.

**Ненад Марковиќ**, роден 1979, проект менаџер и истражувач на Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество. Магистер по Демократија и човекови права во рамките на Европската регионална магистерска програма - Демократија и човекови права во Југоисточна Европа во организација на Универзитетот во Болоња и Универзитетот во Сараево.

**Тони Масевски**, роден 1976, дипломиран економист, Генерален секретар на Европска куќа Скопје.

**д-р Ана Пејчинова,** родена 1973, национален координатор на конзорциумот Македонски е-библиотеки, НУБ, Одд. Дигитални архиви и е-издаваштво; ana@kaleidoskop.org.mk.

**Миша Поповиќ,** роден 1981, студент на политички студии, информативен техничар во Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество.

**Александар Спасеновски,** роден во 1980, постдипломец по Меѓународно право и меѓународна политика на правниот факултет „Јустинијан Први” - Скопје, демонстратор по Политички систем и Современи политички системи на истиот факултет и стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер”.

**Жанета Стојкова**, родена 1978, магистер по меѓународно право, асистент по предметите Историја на право и право на ЕУ, Право на ЕУ и Меѓународно јавно право на ММ Колеџот и ФОН.

**д-р Добринка Тасковска,** раководител на отсекот Новинарство на Правниот факултет - Скопје, доцент по предметот Вовед во право и Филозофија на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први”.

**д-р Ванчо Узунов,** роден 1964, доцент по предметот Применета економија на Правниот факултет „Јустинијан Први” - Скопје.

**Хелен Ферстер**, родена 1982 студент на Факултетот за јавна администрација во Константс. Во моментов практикант во европската канцеларија на Конрад Аденауер во Брисел.

**Владимир Чупески**, роден 1950, публицист. По првиот текст објавен во 1969 година во „Фокус“, тогашното гласило на Градската младина на град Скопје, соработувал во домашни и странски весници и списанија, а во 1993 година ја објавил книгата „А, бре Македонче“- Абецедар и Памфлети за наци-болшевизмот (Млад Борец). Досегашниот 25-годинешен работен век го поминал во сферата на меѓународните односи и политика.